# МЕРЕЊЕ НА ПОЛИТИЧКИ ШТЕТНИ НАРАТИВИ

Институт за комуникациски студии

ШТЕТ-НА

Институт за комуникациски студии

respublica

**Наслов на публикацијата:**
Мерење на политички штетни наративи (ШТЕТ-НА)

**Издавач:**
Институт за комуникациски студии
ул. „Јуриј Гагарин“ 17-1-1, Скопје
www.iks.edu.mk

**За издавачот:**
вонр. проф. д-р Жанета Трајкоска

**Едиција:**
ResPublica respublica

**Автори:**
Вонр. проф. д-р Жанета Трајкоска
Проф. д-р Елеонора Серафимовска
Александра Теменугова
Проф. д-р Весна Шопар
Проф. д-р Маријана Марковиќ
м-р Бојан Георгиевски
м-р Михајло Лахтов
м-р Мила Стаменова
Асс. м-р Теа Конеска-Василевска
Дарко Малиновски
Владимир Делов

**Уредник:**
вонр. проф. д-р Жанета Трајкоска

**Јазична редакција:**
Проф. д-р Симона Груевска-Маџоска

**Графички дизајн:**
Татјана Коцева Спирова

**Техничко уредување:**
Дејан Јовески

**Место и година:**
Скопје, 2024

# Содржина


**Вовед** 4

Методолошка рамка 5

**1. Мониторинг на комуникациските практики и наративи на политичките актери преку нивните интернет- и фејсбук-страници** 9

1.1. Извештај од мониторингот на комуникациските практики на политичките актери за октомври 2023 година 10

1.1.1. Комуникациски практики на политичките партии и нивните лидери 10

1.1.2. Мониторинг на комуникацијата на членовите на Владата на РСМ преку официјалните фејсбук-страници - октомври 2023 24

1.2. Комуникациски практики на политичките партии и нивните лидери за септември 2023 година 26

1.2.1. Мониторинг на комуникацијата на членовите на Владата на РСМ преку официјалните фејсбук-страници – септември 2023 35

РЕЗИМЕ 37

**2. Мониторинг на медиумското известување за политичките актери** 39

2.1. Извештај за мониторингот на известувањето на онлајн-медиумите за политичките актери октомври 2023 година 39

Октомври 2023 година 40

Септември 2023 година 48

2.2. Извештај за мониторинг на известувањето на ТВ-станиците за политичките актери 51

Октомври 2023 година 51

Септември 2023 година 60

РЕЗИМЕ 63

# Вовед

Наративите се неверојатна разновидност на жанровите, ги носат артикулираниот јазик (изговорениот или пишаниот), фиксните или подвижните слики, гестовите и нивната мешавина. Нарацијата е присутна во митовите, легендите, бајките, приказните, новелите, еповите, во трагедиите, драмите, комедиите, стриповите, вестите, разговорите. Ја има во секоја доба, на секое место, во секое општество, почнува со историјата на човештвото и никаде и никогаш немало луѓе без нарација. Политичките наративи се „приказна за себе", а особено ако во себе носат вредносно негативна конотација.

Во рамките на општествените и на политичките науки, терминот политички наративи се користи за да се опише начинот на којшто раскажувањето стории/приказни може да ги обликува фактите, со тоа влијаејќи врз сфаќањето на реалноста (Shenhav, 2006). Во оваа смисла, политичките наративи не претставуваат само теоретски концепт туку и еден вид алатка што ја користат политичките актери за да конструираат одредена реалност и перспектива и на тој начин да ги сменат односите меѓу поединците и групите во едно општество (Graef et al., 2018). Оттаму, политичките наративи имаат способност да предизвикаат патос и на тој начин се влијателни преку вредноста што му се дава на самиот наратив, а не преку вистината што се кажува (Polletta & Callahan, 2017).

Дефинирано најопшто, штетните политички наративи се однесуваат на стории/приказни, идеи или пораки промовирани од поединци, групи или политички субјекти кои имаат негативни последици за општеството, демократијата или благосостојбата на поединците. Овие наративи можат да манипулираат со јавното мислење, да сеат поделеност и да ги поткопаат принципите на информирано, рационално и критичко одлучување во политичката сфера.

Во македонското длабоко политички поларизирано опкружување, во коешто медиумската и информациска писменост не е доволно развиена, со политичка реторика што предизвикува поделби, недоволно регулиран онлајн-простор, штетните наративи можат сериозно да ги поткопаат демократските процеси. Во македонскиот информативен простор, влијанието на штетните наративи може дополнително да ги ослаби институциите на државата, да ги заостри односите помеѓу заедниците, да ги дискредитира прогресивните процеси. Јавноста подолг период се соочува со сè „позагадена" комуникациска екологија, односно со дезинформации, неточни информации, злонамерни информации, пропаганда, говор на омраза.

Во отсуство на длабински истражувања што ќе ги разоткријат обемот, изворите, обрасците и елементите на штетните содржини и наративи, целта на ова истражување е да понуди сеопфатен емпириски материјал за содржината, обемот и распространетоста на штетните наративи.

Истражувањето „Мерење на политички штетни наративи“ (ШТЕТ-НА) Институтот за комуникациски студии (ИКС) го реализира во рамките на проектот „Употреба на новинарство засновано на факти за подигање на свеста и спротивставување на дезинформациите во медиумскиот простор во Северна Македонија: Користи факти“, поддржан од Британската амбасада во Скопје. Истражувањето е лонгитудинално и во текот на 2023 и 2024 година во неколку фази го спроведува тим од ИКС во соработка со истражувачи и експерти од областа на комуникациите и медиумите, како и со медиумски професионалци во делот на мониторингот и на контролата.

**Главниот истражувачки проблем** е препознавањето и именувањето на штетните политички наративи во јавната политичка комуникација на политичките партии и на политичарите со јавноста во Македонија, како и начинот на медиумското известување за нив, односно начинот на нивното пренесување и ширење во медиумската сфера. Истражувањето поаѓа од основното истражувачко прашање: Дали и како се креираат и се шират штетните политички наративи во Македонија? Целта е да се истражи дали и како политичките актери во Македонија креираат, споделуваат и користат штетни наративи, како и која и каква е улогата на медиумите при известувањето за овие наративи, односно дали ги применуваат професионалните и етичките новинарски вредности и стандарди притоа.

**Истражувањето опфаќа два сегмента:**

- следење и анализа на наративите што ги креираат и ги споделуваат политичките актери во Македонија
- следење и анализа на медиумското известување за политичките актери и наративите што ги креираат и ги споделуваат

Главна варијабла во двата сегмента на анализата е штетниот наратив (линк). Дополнителните варијабли се однесуваат на политичките актери и политичката комуникација и на медиумите и медиумското професионално известување.

Додека анализата на политичките партии и нивните лидери е фокусирана на утврдување на доминантните штетни наративи, реторички стратегии и техники, медиумскиот мониторинг треба да даде одговор на тоа дали медиумите се придржуваат до професионалните и етичките стандарди за точно, правично и непристрасно информирање или, пак, беспоговорно ја следат агендата што ја диктираат политичките актери.

Актерите кои се следат и се анализираат во рамките на истражувањето се земени предвид затоа што тие се креатори на доминантните пораки, јавниот дискурс и наративот, а токму тој наратив пенетрира во медиумите и преку нив се шири до целата јавност.

## *Методолошка рамка*

Истражувањето го опфаќа временскиот период од 1 септември 2023 до 31 јули 2024 година.

Нивоата на следење и анализа во рамките на истражувањето опфаќаат:

**1. Прво (редовно) ниво на анализа: следење – мониторинг, контрола и анализа**

– Општи периодични извештаи: се сумираат општите информации од севкупниот мониторинг секој втор месец и се прикажуваат во реално време (додека трае истражувањето). Со почеток на изборната кампања за претседателските и за парламентарните избори во 2024 година, ќе се објавуваат месечни извештаи.

За општите периодични извештаи ќе се користат квантитативно-квалитативна анализа на содржина, како и (критичка) дискурзивна анализа.

**2. Второ ниво на анализа**

Во рамките на ова ниво на анализа, се прави ад хок истражување на неколку теми што се покажале како исклучително значајни во текот на истражувачкиот период.

Тоа се теми што во текот на целата година не се предвиделе (однапред одредени теми), но се покажуваат како мошне значајни. При овие ад хок истражувања можно е да се применат и дополнителни методи за прибирање податоци.

**3. Трето ниво на анализа: збирен извештај**

Ова ниво на анализа ќе се финализира со монографија, односно збирен извештај од целиот 11-месечен период на истражувањето. Тоа ќе вклучува длабинска анализа и ќе понуди повеќе податоци за состојбата со штетните политички наративи и медиумското известување за нив во Македонија.

При истражувањето се користат повеќе методи и техники, односно мешана методологија: квантитативно-квалитативна анализа преку мониторинг – набљудување, следење и анализа (а врз основа на претходно дефинирани и утврдени индикатори) на наративите на политичките актери; критичка дискурзивна анализа – испитување на јазикот, реториката и стратегиите за врамување што ги користат политичките актери и медиумите во нивните комуникациски материјали, како и поширокиот контекст; студија на случај за настан/и од особена важност за коишто политичките партии креираат докажани дезинформации и/или штетни наративи. Исто така, за целта на истражувањето се креирани специјални инструменти (линк).

Во рамките на истражувањето се реализираат два паралелни мониторинга:

1. <u>Мониторинг на комуникациските практики на политичките актери</u>

Мониторингот опфаќа следење и анализа на наративите на: (1) официјалните интернет-страници и официјалните страници/профили на Фејсбук на политичките партии од актуелниот парламентарен состав (2020 - 2024 година) што имаат повеќе од еден пратеник; и (2) официјалните страници/профили на Фејсбук на претседателите на политичките партии и на министрите од актуелниот парламентарен состав со повеќе од еден пратеник. Предмет на анализа се објавите на политичките партии на нивните официјални интернет-страници и на нивните официјални страници/профили на Фејсбук, објавите на лидерите на политичките партии на нивните официјални страници/профили на Фејсбук и објавите на претседателот на Владата на РСМ, неговите заменици и актуелните министри во Владата на нивните официјални страници/профили на Фејсбук. Мониторингот се врши секој трети и четврти ден на сите пишани наративи и визуализации.

Примерокот на политичките партии ги опфаќа следните субјекти: Алијанса за Албанците, Алтернатива, ВМРО-ДПМНЕ, Демократско движење, Демократска унија за интеграција (ДУИ), Левица, Либерално-демократска партија (ЛДП), Нова социјалдемократска партија (НСДП), Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ), Социјалистичка партија на Македонија (СПМ), односно нивните официјални интернет-страници, како и официјалните страници/профили на Фејсбук на нивните лидери. Примерокот на официјални страници/профили на Фејсбук на министрите го опфаќа актуелниот владин состав,

односно Владата на РСМ предводена од Димитар Ковачевски, избрана на 16 јануари 2022 година[1]. Не се мониторираат коалициите како посебен политички актер, освен ако во медиумската содржина не се споменуваат некои од наведените актери.

Како основа за утврдување на штетните наративи пропагирани од политичките актери, ИКС се водеше од низа документи, насоки и правилници на меѓународни и домашни институции, интерни акти на политички партии и етички кодекси за однесување на именувани или избрани лица, со коишто се утврдуваат стандардите и начелата за недискриминирачка и транспарентна политичка комуникација [Заедничка декларација за слобода на изразување и избори во дигиталната ера од 2020 година; Заедничка декларација за политичарите и јавните службеници и слободата на изразување од 2021 година; Зајакнат кодекс на практика за дезинформации од 2022 година; Препорака CM/Rec(2022)16 на Комитетот на министри до земјите-членки (Совет на Европа); Етички кодекс за јавни службеници на Владата на РМ; Кодекс за однесување на функционерите и членовите на СДСМ[2]].

Оттаму, стандардите што треба да се следат во политичката комуникација го вклучуваат тоа дека политичките актери имаат: обврска да бидат транспарентни и достапни за медиумите; обврска да го застапуваат јавниот интерес во комуникацијата; обврска да не бидат извор и да не шират дезинформации и непроверени информации; забрана за користење говор на омраза, забрана за дискриминаторски говор и зачувување на слободата на говор. За потребите на истражувањето, земени се предвид пет начела чие практикување ќе се следи во јавната комуникација на политичките актери – политички партии, како и високи партиски претставници, а коишто се истовремено именувани или избрани лица: 1. начело на транспарентност; 2. начело на професионалност и непристрасност во комуникацијата на владините претставници; 3. начело на комуникација базирана на докази; 4. начело на етична комуникација; 5. начело на неширење на говор на омраза, дискриминаторски говор.

2. Мониторинг на медиумското известување за политичките актери

Мониторингот опфаќа следење и анализа на медиумското известување за наративите на политичките субјекти на: (1) информативните изданија (централни, главни вести) на ТВ-станици; и (2) информативните онлајн-медиуми. Предмет на анализа кај ТВ-станиците се сите прилози во централните вести во коишто се споменуваат политичките партии (со двајца или повеќе пратеници во актуелниот парламентарен состав), лидерите на овие политички партии, премиерот на Владата на РСМ, замениците на премиерот и на министрите во Владата на РСМ (кога зборуваат или се споменати во улога на претставници на политичка партија). Мониторингот се врши секој четврти ден во тековниот месец, со следење на вестите од почетокот до крајот и со избор на прилози во коишто се споменува најмалку еден политички актер од споменатите. Предмет на анализа кај онлајн-медиумите се сите информативни содржини во коишто се споменува најмалку еден политички актер од споменатите. Мониторингот се врши секој четврти ден во тековниот месец.

За следење на централните вести, примерокот на јавни и приватни ТВ-станици на национално ниво и со најголема гледаност [Податоци за досегот на радиостаниците и за уделот во вкупната гледаност на телевизиските станици (јануари - март); Податоци за досегот на радиостаниците и за уделот во вкупната гледаност на телевизиските станици (април - јуни)] го сочинуваат вкупно 9 ТВ-станици: МТВ 1 (јавна),

1 Извор: Влада на РСМ, линк: https://vlada.mk/vlada-ministerstva (последен пат пристапено на 20 декември 2023 година).

2 Од деск-анализата на политичките партии и нивните основачки документи, стратегии и разни материјали реализирана во јуни 2023 година, само СДСМ, од сите политички партии од интерес за истражувањето, има етички кодекс и затоа тој е земен предвид во контекст на овој аспект од истражувањето.

МТВ 2 (јавна, на албански јазик), Алфа ТВ (приватна), Канал 5 (приватна), Сител ТВ (приватна), ТВ 24 (приватна), Телма (приватна), Алсат М (приватна, на албански јазик), ТВ 21 (приватна, на албански јазик). Примерокот на онлајн-медиуми (критериумите за селекција се: читаноста, уредувачката политика која упатува на различни политичко-општествени стојалишта – со примена на метод на намерен примерок, почитување на критериумите за членство на онлајн-порталите во Советот за етика во медиумите во Македонија – СЕММ и во регистарот на професионални онлајн-медиуми Промедиа.мк, пријава во Регистарот на радиодифузери, печатени медиуми и електронски медиуми за платено политичко рекламирање на парламентарните избори 2020 година] го сочинуваат вкупно 11 онлајн-медиуми: Вечер.мк, Локално, Независен, Слободен печат, А1он.мк, МКД.мк, Република, Курир, Алмакос, Тетова сот, Нова ТВ.

Сите мониторирани информативни онлајн-медиуми и ТВ-станици се пријавиле и зеле надомест за платено политичко рекламирање на последните парламентарни избори во 2020 година, освен МТВ 1 и МТВ 2, кои се јавен сервис.

Како основа за утврдување на евентуално непочитување на професионалните стандарди, ИКС во ова истражување и во медиумскиот мониторинг се води според важечките прописи што ја регулираат работата на медиумите (чл. 16 од Уставот на РСМ, Законот за медиуми, Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Законот за спречување на дискриминацијата, подзаконските акти и правилниците на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги), како и според начелата и насоките на еснафските здруженија, медиумските организации и образовните институции: Кодексот на новинарите на Македонија на Здружението на новинари на Македонија; Насоките за етичко известување на онлајн-медиумите (Примена на Кодексот на новинарите во онлајн-сферата) на Советот на етика на медиумите во Македонија; Вредностите, професионалните стандарди и практики наведени во Прирачникот за јавен интерес во новинарството на Институтот за комуникациски студии; Прирачникот за новинари и уредници Препознај и спречи: новинарски алатки за справување со дезинформации на Институтот за комуникациски студии.

Анализата што следува е првиот истражувачки извештај за септември - октомври 2023 година.

# 1. Мониторинг на комуникациските практики и наративи на политичките актери преку нивните интернет- и фејсбук-страници

Мониторингот на комуникациските практики и наративи на политичките партии е првиот дел од истражувањето „Мерење на политички штетни наративи“. Од него се добиваат примарните квантитативни и квалитативни податоци за начинот на којшто комуницираат 10-те политички партии и членовите на Владата на РСМ преку своите комуникациски канали, а тоа се нивните интернет-страници и официјалните фејсбук-страници/профили (и на партијата и на лидерите на партијата). Под „начин на комуникација“ се подразбираат најчестите комуникациски практики и алатки за комуникација со јавноста (прес-конференции, соопштенија за јавност, говори на политичари, објави на социјалната мрежа Фејсбук и сл.). Исто така, од мониторингот произлегува и сјукритичка дискурзивна анализа на јазикот што го пропагираат политичарите во јавниот дискурс. Притоа не се анализира само нивниот говор и јазик во потесна смисла туку и лингвистичкиот отпечаток што го оставаат на општествените, културалните и комуникациските процеси. Тоа е „стварноста“ што ја конструираат политичките актери наспроти поставените норми и стандарди за јавна комуникација (транспарентност; етичност; професионалност и непристрасност во комуникацијата; комуникација базирана на докази; негување на културата на говорот и воздржување од дискриминаторски говор). Во контекст на истражувачките прашања, јавниот политички дискурс се набљудува низ призмата на штетните наративи и на индикаторите кои укажуваат на нивното присуство. Оттука, како последователен процес е вториот дел од истражувањето, односно мониторингот на медиумското известување кој дополнително истражува како овие токсични наративи го добиваат своето ехо во медиумската средина.

Овој извештај ги содржи наодите од мониторингот на интернет-страниците и фејсбук-страниците на 10-те политички партии и нивните лидери чии партии бројат најмалку двајца пратеници во парламентарниот состав 2020 - 2024 година: Алијанса на Албанците, Алтернатива, ДУИ, Демократско движење, ВМРО-ДМПНЕ, Левица, ЛДП, НСДП, СДСМ, СПМ), како и 20-те члена на Владата на РСМ[3], набљудувани во периодот септември - октомври 2023 година (за изборот на примерокот и методолошката рамка, види повеќе на страница https://respublica.edu.mk/istrazhuvanje-shtetna/metodologija/.

Динамиката за следење на содржините на политичките актери е „секој последователен трет и четврти ден во месецот“, односно денови за мониторинг се: 1, 4, 5, 8, 9, 12, 13, 16, 17, 20, 21, 24, 25, 28, 29 септември (вкупно 15 дена) и 2, 3, 6, 7, 10, 11, 14, 15, 18, 19, 22, 23, 26, 27, 30 и 31 октомври (вкупно 16 дена).

Анализата подолу се однесува само на комуникациските практики на наведените политички актери каде се идентификувани штетни наративи (индикатор/и за штетни наративи). Со цел да се избегне двојна анализа на квантитавните податоци, во случај кога политичките актери споделуваат исти објави и на интернет- и на фејсбук-страниците, во мониторингот е применета селекција на комуникацискиот канал, односно овие исти содржини се анализираат или од објавите на интернет-, или на фејсбук-страниците. Со мониторингот не се анализираат коментарите од публиката споделени на обата комуникациски канали.

3 Владин состав од 16 јануари 2022 година. Извор: Влада на РСМ, линк: https://vlada.mk/vlada-ministerstva (последен пат пристапено на 20 декември 2023 година).

## 1.1. Извештај од мониторингот на комуникациските практики на политичките актери за октомври 2023 година

### 1.1.1. Комуникациски практики на политичките партии и нивните лидери

Во текот на октомври од мониторирањето на интернет- и на фејсбук-страниците на политичките актери беа идентификувани вкупно 136 објави со штетен наратив, од кои 87 се на интернет-страниците на партиите, и вкупно објави на 49 фејсбук-профили на партиите и на владините членови.

Табела 1: Приказ на објави на интернет-страници со штетен наратив според политички актер




Во мониторираните денови, само четири политички партии (од вкупно 10) во комуникацијата преку својата интернет-страница употребиле штетни наративи и тоа се всушност најголемите и најактивните партии: прва е ВМРО-ДПМНЕ (55 објави), СДСМ (18 објави), Левица (13 објави) и Алијанса на Албанците (само 1 објава).

Политички актери со најмногу „штетни“ фејсбук- објави се: Левица и профилот на претседателот Димитар Апасиев (вкупно 19 објави), потоа ВМРО-ДПМНЕ и профилот на претседателот Христијан Мицкоски (вкупно 12 објави), СДСМ (5 објави), Демократско движење и профилот на Изет Меџити (вкупно 5), Алтернатива (4 објави).

Што се однесува пак за фејсбук-комуникацијата на владините министри, за разлика од нивните матични партии, тие поретко посегнуваат по штетните наративи. Сепак, констатирани се спорадични случаи кога именуваните функционери го искористиле пристапот до официјалните канали за комуникација на институциите со кои раководат за промоција на партиски цели. Такви штетни наративи се забележани на официјалниот фејсбук-профил на заменик-претседателот на Владата и министер за политички систем и односи меѓу заедниците Артан Груби, министерот за правда Кренар Лога, на министерката за труд и социјална политика Јованка Тренчевска, министерката за култура Бисера Костадиновска Стојчевска и  др.

Анализата покажува дека партиите најмногу штетни наративи „произведуваат“ кога комуницираат преку соопштенија за јавноста, без разлика дали се пласирани на интернет- или на фејсбук-страница (вкупно (73), а потоа следуваат прес-конференциите (16), говорите на политичарите (15) и сл.

Во партиската комуникација се забележуваат најмногу штетни наративи од областа на внатрешната политика (вкупно 80) и економијата (17). Конкретно за внатрешната политика, партиите најчесто се обвинувале кога станувало збор за темите од евроинтеграциите, уставните измени, Законот за амнестија, измените на Кривичниот законик, претстојните избори и меѓупартиските односи. Други теми кои се јавуваат во комуникациите на партиите овој месец се: корупцијата, криминалот, особено наводите за криминал во бизнисот со игри на среќа, а во областа на економијата се зборувало за ценовната политика и за порастот на ДДВ, скандалот со Клиниката за онкологија и сл.

Интересно е што во текот на октомври се јавуваат неколку дати со амплитуди на зголемено присуство на штетни наративи. Така, на пример, на 18 и 19 октомври, политичките актери (и од власта и од опозицијата) комуницирале на теми за скандалот на Клиниката за онкологија, за измените на Кривичниот законик, за уставните измени, а како тема се јавуваат следните избори во земјата (вкупно 25 објави). Речиси истите теми биле „инспирација" и на 2 октомври (9 објави). Штетни наративи на овој ден се забележуваат во комуникацијата на СДСМ која го обвинува ВМРО-ДПМНЕ дека е антизападна партија, и ВМРО-ДПМНЕ којашто го критикува СДСМ за Законот за амнестија. Истиот ден се забележува и прес-конференцијата на Алтернатива и прес-конференцијата на портпаролот на ВМРО-ДПМНЕ, Наум Стоилковски кои го обвинуваат заменик-претседателот на Владата Артан Груби за вмешаност и корупција со бизнисот на игри на среќа, а партијата Левица има штетни наративи во соопштението за Клиниката за онкологија.

## Штетни наративи во комуникациските практики на политичките партии

Во објавите на интернет-страниците на политичките партии, штетните наративи се најзастапени во пласирање на непроверени наоди, што е забележано во 78 или 89,7 % од објавите, како и тврдењата за корумпираност кои се присутни во 67 објави. Слично, во фејсбук-објавите со штетен наратив најзастапени се тврдењата за корумпираност (38 објави) и пласирањето непроверени наоди (37 објави). Помалку застапени (и на интернет и на Фејсбук) во октомври се промоцијата на сопствените идеологии, етикетирањето и исмевањето, намерното непренесување на целосната слика и зборови и формулации со кои се оцрнува одредена група.

**Табела 2:** Приказ за застапеност на индикатори во објавите на интернет

| Бр. | Индикатор | Фреквенции | Проценти |
|---|---|---|---|
| 1 | Тврдења за корумпираност, нетранспарентност/неотчетност, непрофесионалност, злоупотреба на службената должност без обид за поткрепа на тие тврдења | 67 | 77 % |
| 2 | Непроверени наоди (или наоди што тешко можат да се проверат) се користат како основа за обвинување на политички противници | 78 | 89,7 % |
| 3 | Злоупотреба на информации од приватен карактер или лични трагедии, попреченост, социјален статус, брачен статус на своите политички противници за остварување на сопствената цел | 0 | 0 |
| 4 | Етикетирање, исмевање и грубо непочитување на други лица (медиумски работници, граѓански активисти, политички противници, носители на јавни функции...). | 31 | 35,6 % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5 | Говор со којшто се навредува одредена група или, пак, се оправдува говор на омраза кон одредена група, врз основа на раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа | 0 | 0 |
| 6 | Намерно непренесување на целосната слика за „настанот“, намерно изоставање информации што ја побиваат позицијата на тој што ги изнесува | 30 | 34,5 % |
| 7 | Се тврди дека е вистина дека политички противници/јавни институции се манипулирани од заднински (тајни) моќни групи (на пример, масони итн.) и притоа не се изнесуваат никакви факти или докази или, пак, се користат извори што немаат никаков кредибилитет и авторитет во областа | 0 | 0 |
| 8 | Употреба на реченици, формулации со коишто се обвинува странски ентитет (или ентитети) за мешање во внатрешните работи на државата, спротивно на интересите на државата, што, всушност, е нарушување на демократските процеси | 3 | 3,4 % |
| 9 | Употреба на зборови и формулации со коишто се оцрнува одредена група луѓе со цел да се предизвикаат поделби и раздори помеѓу нас/ние/нашето и вас/вие/вашето. Вообичаено, ние/нашето е добро, позитивно и пожелно, а вие/вашето е лошо, негативно и непожелно | 16 | 18,4 % |
| 10 | Употреба на зборови и формулации со коишто се навредува, омаловажува, исмева некоја личност и/или група врз основа на нејзината родова и/или полова припадност | 0 | 0 |
| 11 | Употреба на зборови со коишто се навредува, дискредитира, озлогласува некоја група луѓе (странци/туѓинци) со цел да се предизвика страв, одбивање и дистанцирање од нив, дури и предизвикување на одредено однесување кон таа група | 2 | 2,3 % |
| 12 | Употреба на реченици, зборови, формулации со коишто се велича сопствената етничка припадност, а сите други се помалку важни, вредни, достојни | 0 | 0 |
| 13 | Слики, видеа и аудиозаписи што се креирани со цел да ја доведат јавноста во заблуда дека нешто е реалност и вистина, ама не е (и чија невистинитост може да се докаже) | 0 | 0 |
| 14 | Зборови/реченици со коишто експлицитно или имплицитно, директно или индиректно се промовираат сопствените идеологии/активности/однесувања како нешто што е во корист на народот/широките народни маси/обичниот „чесен човек“, човечноста, додека идеологиите/активностите/однесувањата, карактеристиките на политичките противници се промовираат како нешто што служи на одредена мала елитна група луѓе, која не ја одразува волјата на народот | 42 | 48,3 % |

На интернет-страниците на политичките партии, во речиси сите објави на ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ и Левица е забележан Индикатор 2, односно непроверени наоди или наоди што тешко можат да се проверат, коишто се користат како основа за обвинување на политички противници. Во сите објави на Левица и во речиси сите на ВМРО-ДПМНЕ е забележан Индикатор 1, односно тврдења за корумпираност, нетранспарентност/неотчетност, непрофесионалност, злоупотреба на службената должност без обид за поткрепа на тие тврдења. Исто така, во единствената објава со штетен наратив идентификувана кај Алијанса за Албанците, забележани се само тие два индикатора.

На фејсбук-објавите истите два индикатори се најзастапени кај сите политички актери, но тука е нотирано и етикетирање, исмевање и грубо непочитување на други лица, намерно непренесување на целосната слика за „настанот", намерно изоставување информации што ја побиваат позицијата на тој што ги изнесува и користење зборови со коишто експлицитно или имплицитно се промовираат сопствените идеологии/активности/однесувања како нешто што е во корист на народот и човечноста, додека идеологиите/активностите/однесувањата, карактеристиките на политичките противници се презентираат како нешто што не ја одразува волјата на народот.

Во фејсбук-објавите забележано е и дека се користат слики, видеа и аудиозаписи што се креирани со цел да ја доведат јавноста во заблуда дека нешто е реалност и вистина, ама не е (и чија невистинитост може да се докаже), со цел да се развиваат штетни наративи со манипулативна аудиовизуелна содржина, пристрасно селектирање, напад на личноста и демонизација, како и ширење паника и страв.

Од Табела 3, каде е прикажана застапеноста на штетни наративи во објавите на интернет-страниците на политичките партии, ВМРО-ДПМНЕ во своите вкупно 55 објави, 115 пати се служел со наративи за поткопување на довербата во институциите без докази, додека 34 пати пласирал популистички наратив и поретко го употребувал штетниот наратив на демонизација на политичките противници и пристрасна селекција, но по 8 пати е забележан и обид за поттикнување поделби и ширење страв и паника. Слично и Левица во своите 13 објави најчесто се служи со наративи со цел поткопување на довербата во институциите (35 пати), како и пристрасна селекција на информации при изнесување на информации за одредени состојби и процеси во јавноста (11 пати). Покрај тоа, Левица поретко пласира и штетни наративи за популизам, демонизација, поттикнување поделби и ширење паника. СДСМ во 18 објави на интернет-страницата најчесто (14 пати) користи наративи со селективно изнесување податоци за некој настан што се чини дека потврдуваат една позиција, додека се игнорираат други податоци што ја побиваат таа позиција, а поретко пласира и наративи за поткопување на довербата во институциите, демонизација, поттикнување поделби и популизам, а еднаш е забележан и наратив со ширење паника и страв. Во фејсбук-објавите на политичките актери, очигледен е истиот тренд.

**Табела 3: Приказ на застапеност на штетни наративи во објавите на политичките партии**



Мониторингот дава анализа и за тоа каков е односот на политичките актери кон субјектите за кои е наменета комуникациската порака или зборуваат за нив (варијаблите се: негативен, позитивен, неутрален или амбивалентен). СДСМ во скоро сите објави со штетен наратив првенствено негативно зборува за ВМРО-ДПМНЕ и за лидерот Мицкоски, додека поретко негативно зборува за Левица. ВМРО-ДПМНЕ, најмногу зборува (негативно) за власта и за премиерот и лидерот на СДСМ, Димитар Ковачевски. Други актери за кои негативно се зборува во комуникацијата на ВМРО-ДПМНЕ се партиите СДСМ и ДУИ (заедно). Слично, партијата Левица во своите објави со штетен наратив најчесто негативно зборува за Владата. Во 1/3 од објавите на Левица на Фејсбук, како актер се јавува ВМРО-ДПМНЕ, негативно оценета. Алтернатива и Демократско Движење негативно зборуваат за ДУИ и нејзините членови и министри. Очекувано, сите партии во своите објави со штетни наративи не споменуваат други актери за кои зборуваат позитивно или неутрално, ниту пак цитираат или парафразираат актери.

Притоа се забележани одредени обрасци во именувањето на другите актери/субјекти. Така на пример, СДСМ користи – „ДПМНЕ" без „ВМРО" одземајќи ја кратенката за Внатрешна македонска револуционерна организација, што сугерира дека партијата нема историска поврзаност со првата внатрешна македонска револуционерна организација; за Мицкоски употребува различни споредби со пејоративна конотација, како на пример „Малиот Груевски". ВМРО-ДПМНЕ користи – „СДС" наместо „СДСМ" (без буквата „М"), имплицирајќи дека не се македонска партија или партија од Македонија; користи „Власт" наместо „Влада" сугерирајќи на тоталитарен систем каде една институција, т.е. Владата, ја претставува власта во државата, иако е добро познато дека власта е поделена на извршна, законодавна и судска. Левица користи навредливи називи како „СДС" за СДСМ, „ДПМНЕ" за ВМРО-ДПМНЕ, „власта", како и „Власта на СДС и ДУИ", наместо Влада.

Од друга страна, пак, кога се претставуваат себеси или својата политичка партија во забележаните штетни објави на интернет, политичките актери различно се претставуваат себеси. СДСМ во 55,6 % од објавите нема видлива намера на себепретставување, но во 7 од 18 објави се претставува како партија ориентирана кон ЕУ и поретко како спасител и бранител на народот. ВМРО-ДПМНЕ најчесто не се претставува во некое одредено светло, но во околу 30 % од објавите сепак се презентираат како спасители и бранители на народот и правдата. Левица и лидерот Димитар Апасиев во најголем број објави се прикажува како спасител (во 7 до 13 објави) и поретко како бранител на народот, застапници на послабите, ранливите групи, проектирајќи однос на т.н. „антиестаблишмент" против некоја замислена висока социјална класа во општеството, а преку фокусот на општествени теми на локално ниво се обидува да се прикаже како партија која доаѓа од и се грижи за обичниот човек, а Алијанса за Албанците во едната нотирана штетна објава се претставува како бранител на правдата.

Во продолжение следува детална презентација и квалитативна анализа на мониторингот на штетни наративи во комуникациите на секоја од политичките партии и актери за месец октомври.

## *Социјалдемократски сојуз на Македонија - СДСМ*

Од вкупната бројка забележани штетни наративи на СДСМ, 18 се од интернет-страницата на партијата, додека 7 објави се забележани на нивната фејсбук-страница. Главната и единствена тема која е застапена во сите идентификувани штетни наративи и на интернет- и на фејсбук-страниците на СДСМ и на министрите од оваа партија се од областа на внатрешната политика, а конкретно се однесуваат на процесот на евроинтеграции (9), релации власт - опозиција (7), претстојните избори во земјата (1), критика за работењето на градоначалниците од ВМРО-ДПМНЕ и сл.

Така, во споредба со штетните наративи забележани на интернет-страниците на сите мониторирани партии, СДСМ зазема 34,5 % од штетната комуникација од областа на внатрешна политика. Само во 2 од 18 објави се забележува споредна тема, а тоа е критика кон локалната власт.

Во 18 објави со штетни наративи на интернет-страницата на СДСМ, најмногу (во 15) е забележано изнесување на непроверени наоди (или наоди што тешко можат да се проверат), кои се користат како основа за обвинување на политичките противници, во 4 објави е забележано етикетирање, исмевање и грубо непочитување на други лица, по 3 пати се забележани тврдења за корумпираност, нетранспарентност/неотчетност, непрофесионалност, злоупотреба на службената должност без обид за поткрепа на тие тврдења, како и употреба на зборови и формулации со коишто се оцрнува одредена група луѓе со цел да се предизвикаат поделби и раздори, додека во 2 објави експлицитно или имплицитно се промовираат сопствените идеологии/активности/однесувања како нешто што е во корист на народот, додека карактеристиките на политичките опоненти се нешто што служи на мала група луѓе, кои не ја одразуваат волјата на народот.

Овие индикатори најмногу се поврзуваат со штетниот наратив - пристрасна селекција (детектиран 14 пати), додека помалку се поврзуваат и со штетните наративи на поткопување на довербата (4), демонизација (4), поттикнување поделби (3) и популизам (2). Така, на пример, во краткото соопштение објавено на интернет-страницата на СДСМ, насловено „Малиот Груевски – Мицкоски, освен за блокади друго и не знае“ (6 октомври), уште по насловот имплицира на тврдења за непроверени наоди, етикетирање и навреди, намерно непренесување на целосната слика. Политичкиот опонент се дискретидира не само со негово прикажување како партија која нуди „само изолација“, „неизвесност“, „несигурност“ и „блокада“ туку и етикетирање и демонизација на личноста, како, на пример, синтагмата за опис на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, Христијан Мицкоски, нарекувајќи го „Малиот Груевски“. Притоа, преку пристрасно селектирање на факти со потенцирање само на позитивните аспекти од процесот на пристап на земјата кон ЕУ и со изоставање на аргументите на опозицијата (неприфаќањето на уставните измени), владејачката партија гради наратив за опозициската партија дека поттикнува поделби бидејќи е „анти-ЕУ“:

*„Со блокирање на европскиот пат на државата, (н.з. Христијан Мицкоски) ја продолжува политиката на својот претходник, кој 11 години ја држеше земјата во изолација, надвор од ЕУ и НАТО. Малиот Груевски на граѓаните наместо европска иднина и европски вредности, повисоки плати и пензии, пристап до европскиот пазар од 500 милиони жители и европски фондови, им нуди неизвесност и несигурна иднина. Сега кога имаме историска шанса за членство во ЕУ до 2030 година, блокадите на ДПМНЕ мора да бидат поразени.“* (Соопштение на интернет-страница на СДСМ, 6 октомври)

Контекстот на ова конкретно соопштение не е јасен, бидејќи се работи за општ напад и критика кон ВМРО-ДПМНЕ и претседателот Мицкоски, која е честа реторика бидејќи половината од објавите на интернет се соопштенија на оваа тема. Сепак, истиот ден е забележана комуникација од ВМРО-ДПМНЕ која ја критикува власта на СДСМ за мерки со кои поскапуваат одредени производи и во јавноста се зборува за темата на поскапување на трошоците за живот, па оттука соопштението на СДСМ може да се толкува како контранапад кон ВМРО-ДПМНЕ и обид за менување на темата во јавниот дискурс[4].

Со сличен тренд на индикатори и штетни наративи, од вкупно 5 објави со штетен наратив на фејсбук-страницата на СДСМ, еднаш се нотираат непроверени наоди, додека 6 пати се забележува етикетирање, исмевање и грубо непочитување на други лица и употреба на негативни зборови. Овие индикатори се поврзани со штетниот наратив на поткопување на довербата и со пристрасна селекција. Сличноста се должи и на фактот што фејсбук-објавите се повторени информации од соопштенијата на интернет-страницата, односно една прес-конференција се пренесува и на двата канали (интернет и Фејсбук).

4 Погледнете објави од истиот ден 6.10.2023: Медиумска објава на темата поскапување: https://www.slobodnaevropa.mk/a/cenite-na-hranata-zdivea-od-merkite-na-vladata/32625962.html; Соопштение од страницата на ВМРО-ДПМНЕ, 6.10.2023 „Перките од ајкула, станаа брашно, сирење, конзерви, детска храна, Ковачевски ги поскапе сите производи за да го полни буџетот за крадење“ и прес-конференција „Стојаноски: Ја повикуваме владата да свика седница и да ја коригира листата на производи со зголемено ДДВ, сите производи кои се дел од секојдневната употреба да се вратат на 5 %“

На пример, на прес-конференција, објавена на фејсбук-страницата на партијата, насловена „Христијан Мицкоски не може да ги оправда неговите анти-ЕУ и антизападни политики“, портпаролот на СДСМ и пратеник во Парламентот, Каевски се надоврзува на често употребуваната партиска реторика дека ВМРО-ДПМНЕ е антиевропска партија со политики кои се спротивставуваат на евроинтеграциите на земјата и преку поттикнување поделби, разликите и несогласувања помеѓу овие две партии се припишуваат на разликата помеѓу позитивната про-ЕУ СДСМ и негативната анти-ЕУ ВМРО-ДПМНЕ. Со тоа, СДСМ во нивната официјална партиска комуникација ги прекршува начелата за професионална и етична комуникација, како и комуникација базирана на докази при што употребува непроверени наоди како аргументација за напад на политичкиот опонент, со што се продлабочуваат општествените поделби на про- и анти-ЕУ: „ДПМНЕ нема поддржано ниту една одлука за евроатланските интеграции на земјава. Сосема спротивно, правеше сè за да ја блокира европската иднина на земјата. Под заложништво на проруската Левица организира протести против европскиот предлог, **хистерично ширеа лаги** за бугаризација и асимилација... Цели 11 години ДПМНЕ ја држеше земјата во изолација, надвор од ЕУ и НАТО, а денеска е **главен кочничар** на европската интеграција, “ (Видеообјава на фејсбук-страницата од прес-конференција на Дарко Каевски – портпарол и пратеник од СДСМ, 2 октомври)

Исто така, во идентификуваните објави на СДСМ со штетни наративи има неколку во коишто се критикува локалната власт со која раководат кадри од ВМРО-ДПМНЕ и во тие критики често се употребуваат непроверени наоди и етикетирање, а со тоа се развива штетен наратив за поткопување на довербата во овие институции. На пример, на прес-конференција, по повод истекот на половина мандат на градоначалничкиот кабинет во Град Скопје, координаторката на советничката група на СДСМ во Град Скопје, Љубица Јанчева, го критикува работењето на оваа институција и притоа користи формулации како „...на Скопје му се случува нова катастрофа поради неспособната локална власт на ДПМНЕ“ и „... Поради неспособноста на ДПМНЕ и Арсовска страдаат граѓаните“ кои како крајно негативни етикети создаваат штетен наратив на поткопување на довербата во способноста на локалната власт да управува со градот Скопје. (фејсбук-објава од прес-конференција, 7 октомври).

Во објавите на интернет-страницата на СДСМ, речиси во сите, односно 16 од вкупно 18 објави, се споменува ВМРО-ДПМНЕ, односно се зборува негативно за таа партија, додека Мицкоски се споменува во 10 објави, а партијата Левица во 4. Слично и во фејсбук-објавите на СДСМ, други најчести актери кои се споменуваат, и тоа исклучиво со негативна оценка, се партијата ВМРО-ДПМНЕ и лидерот Христијан Мицкоски и, поретко, партијата Левица. Кога се комуницира за ВМРО-ДПМНЕ и Христијан Мицкоски, често се употребува само дел од името на партијата, односно „ДПМНЕ“ - индикативно на намерно изоставање на делот „ВМРО“ од официјалното име на партијата со претпоставена намера за деградација, додека лидерот на партијата Христијан Мицкоски најчесто е именуван само со презимето „Мицкоски“, а во една фејсбук-објава е забележано и навредливо именување – „малиот Груевски“.

Од друга страна, пак, партијата СДСМ на интернет-страницата го споменува своето име во сите објави и, иако во 55,6 % од објавите не покажува посебна намера да се претстави во одредено светло кон јавноста, кога зборува за себеси, најчесто се претставува како ЕУ-ориентирана партија (во 7 од објавите или 38,9 %) и поретко како спасители и бранители на народот, а во една објава се споменува и транспарентноста како клучна особина.

## ВМРО-ДПМНЕ

Мониторингот на политичката партија ВМРО-ДПМНЕ и нејзиниот претседател Христијан Мицкоски покажува дека во однос на областите/темите доминира внатрешната политика, а во фокусот се економските прашања, корупцијата кај владејачките структури и наводи за криминал којшто тие го вршат. Доминираат обвинувањата кон владејачките структури за корупциско однесување и толеранција на криминалот, конкретно за измените на Кривичниот законик, склучувањето на договорот со конзорциумот „Бехтел и Енка“ за изградба на автопатите, како и за покачувањето на цените и за инфлацијата, односно животниот стандард на граѓаните.

Анализата покажа дека партијата користела различни алатки за комуникација со јавноста. Приматот го имаат соопштенијата за јавност, прес-конференциите, говорите и реакциите. Во овој период, ВМРО-ДПМНЕ ја започна кампањата „Важно е! Од тебе зависат промените", па нејзините (високорангирани) членови испраќаа политички пораки до јавноста и медиумите преку серија јавни настани и дебати.

Во објавите на ВМРО-ДПМНЕ најчесто се зборува за сопствените идеологии и активности, претставувајќи ја сопствената партија како спасител, бранител на народот: „Кога е силно ВМРО-ДПМНЕ и Македонија е силна - со ВМРО-ДПМНЕ Македонија ќе има економија, добри политички програми", „единствениот носечки национален столб, а тоа е ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата којашто ја предводи ВМРО-ДПМНЕ", „ВМРО-ДПМНЕ била и секогаш ќе биде со земјоделецот". Критичките пораки најмногу се насочени кон Владата, СДСМ, ДУИ и премиерот Димитар Ковачевски. Владата често се именува со „власта", „влада на СДС и ДУИ", а политиките се „антинационални" и „антинародни". Притоа СДСМ најчесто се именува и како „СДС", изоставувајќи ја „М" што е кратенка за Македонија имплицирајќи дека оваа партија нема допирни точки со Македонија. Владата се именува и како „Власта" и „влада на СДС и ДУИ". Во најголемиот број објави, оној што ја пренесува пораката е единствениот извор на кој се базираат изнесените информации.

Најчести штетни наративи кои се забележани се поткопување на довербата во институциите преку изнесување на тврдења за корумпираност, нетранспарентност/неотчетност, непрофесионалност, злоупотреба на службената должност без обид за поткрепа на тие тврдења. Во соопштение објавено на 31 октомври од страна на ВМРО-ДПМНЕ се критикува работата на градоначалникот на Берово дека во општината нема чиста вода за пиење, не се реализирани проектите, а „заради неспособноста на криминогеноста на локалната власт на СДС во Берово филтер-станицата на ЈКП има исклучена струја", се изнесуваат наводи за коруптивност и злоупотреба на службената должност, како и пристрасно селектирање, а од изјавата не може да се утврди како „криминогеноста на власта" е поврзана со исклучената струја на филтер-станицата во Берово и не се дадени податоци за финансиското управување со општината.

Во обраќањето на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ по повод 23 Октомври, Денот на македонската револуционерна борба, тој изнесува критики на сметка на владејачката структура при што се служи со изнесување на непроверени наводи за коруптивно работење на властите без да се даде поткрепа на наводите, со етикетирање и напади на личноста. На пример „судиите од тефтерчињата станаа нивни слуги, но само треба да знаат, гледајќи ја нивната лукавост, дека нема во новата влада на доаѓање на ВМРО-ДПМНЕ да најдат нова прегратка, туку и тие ќе се соочат со правда. Може криво да седат, ама требале право да судат. Срамот и вината за секоја неправда е на оваа власт, истакна Мицкоски", „оваа влада ја елиминира правдата со неправда".

Пристрасното селектирање кое може да биде ефикасна алатка за поткопување на довербата во институциите може да доведе до заблуда кај јавноста со тоа што нема да може да се утврди што е вистина, а што неточни информации од страна на пошироката јавност. Во соопштение објавено од страна на ВМРО-ДПМНЕ на 15 октомври „Бројките на ММФ покажуваат дека СДС ја води државата во економска пропаст со двоцифрена инфлација и слаб раст" се наведуваат прогнозите на ММФ за 10 % инфлација за Македонија за 2023 година, „а СДС со розеви наочари гледаат 5 %. Сите три држави од нашето опкружување имаат економски раст за 50 % поголем од Македонија. Пресовите на СДС се како провоцирање и свесно подбивање со граѓаните, особено што до крајот на годината ќе имаме над половина милион луѓе кои живеат во сиромаштија. Со СДС економијата не само што застана туку тргна назад. Единствено на кој му оди напред е на Ковачевски, Груби и таквите како Каевски кои на 30 години и политички активизам имаат милиони на сметка и огромен имот." Во овој пример освен што се користи наративот со којшто се поткопува довербата во институциите (економските владини ресори), присутно е и пристрасно селектирање за прикажување само на негативни економската показатели, при што се извлекуваат одредени податоци кои му се од полза на политичкиот субјект за да настапи популистички и да поентира кај своите гласачи, на сметка на критиката кон политичкиот опонент. Притоа податоците не се ставени во поширок контекст, како што е, на пример, информацијата врз којашто се базирани оценките дека до

крајот на годината половина милион луѓе ќе живеат на работ на сиромаштијата или дека сите земји од регионот имаат 50 % раст. Ваквиот пристап носи ризик за создавање заблуда кај јавноста дека воопшто нема позитивни трендови во економијата.

Популизмот, поткопувањето на довербата во институциите, нападите на личноста и етикетирањето се користат во наративи на ВМРО-ДПМНЕ често во контекст кога се зборува за претседателските и за парламентарните избори кои треба да се одржат во 2024 година. Наративот кој се користи изразува самоувереност во победничките резултати што ВМРО-ДПМНЕ ќе ги има, а се критикува политичкиот опонент дека е плашлив или губитник. Во изјавите на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ се среќава наратив како „разбирам дека Ковачевски, велат, никој не го слуша во владата, зошто ниту министрите, ниту вицепремиерите, а ниту кај него во партија му имаат почит" (обраќање на Х. Мицкоски по повод 23 Октомври, 23 октомври) или „бега од дуели, од дебати, од новинари, бега од предвремени избори, да се биде кукавица е карактер и ги разбирам, не треба да се срамат од тоа, има плашливи луѓе кукавици и тоа е карактер не се менува на 47/8 години. Но мора ова да го направиме ако навистина се грижиме за интересот на граѓаните и за развојот на Македонија како држава" (изјава на Х. Мицкоски на 26 октомври при посета на општина Ѓорче Петров), „нема датум за избори затоа што во владините партнери има некоја чудна мачо тактика, а од друга страна молат Бога никогаш да не се случат тие избори бидејќи карактерно се кукавици" (изјава на Х. Мицкоски како одговор на новинарско прашање на 31 октомври при посета на општина Лозово).

Иако наративите со кои се критикува политичкиот опонент се очекувани во едно демократско општество, користењето на термини како: „мачо тактика", „кукавици", „фикус", „судиите од тефтерчето", „слуги" придонесуваат за поширока употреба на навредлив речник во јавниот дискурс, а со нивна честа употреба по подолг период се врши нормализација, односно таквите навредливи зборови стануваат дел од јавниот дискурс со што се намалува културата на говорот.

Популизмот, без разлика на неговите различни историски форми, тука е интерпретиран низ неговата основна црта, а тоа е апотеоза на народот (лат. populus), негово величање, додека истовремено се минимизира или се негира политичката или општествената елита. Целта е политичка мобилизација со тенденција да се допре сентиментот на најшироката политичка публика, па најчести се наративите дека партијата, како блиска до народот, ги знае проблемите и нуди решенија. Популизмот е присутен во изјавите на ВМРО-ДПМНЕ и на нејзиниот лидер, претежно во дискурс со кој се промовира партијата како спасител на проблемите кои ги има општеството, како некој кој секогаш работел за народот, како и субјект што ги знае потребите на народот и што е дел од народот, со ветувања за „сите" луѓе. Како примери се формулациите како „СДС и ДУИ го имаат рецептот за уништување на една држава, во кои сѐ области ВМРО-ДПМНЕ градело, а СДСМ само уништува и краде" (изјава на Х. Мицкоски при посета на Штип во рамки на кампањата „Важно е!" на 14 октомври), народот треба масовно во огромен број да им ја прати пораката на овие избори – нема играње со народот. *„Народот е посилен од секоја тесна клика и елита која си игра со судбината и ја одзема иднината," „за секој еден човек во Македонија. За правда која ќе го заштити народот од неправда, каде ќе профункционира судството и обвинителството. Каде ќе има страв од казна и законот ќе важи за секого. Член на ВМРО-ДПМНЕ бил или на друга партија ако стори криминал, ќе одговара", „Кога е силно ВМРО-ДПМНЕ и Македонија е силна, не треба да се губи надеж, знаеме како да го направиме, со ВМРО-ДПМНЕ Македонија ќе има економија, добри политички програми," „застанете зад чесниот народ, застанете до нас. Има место за сите. Нас ни треба обединување и ни треба еднаш засекогаш да ги поразиме овие антинационални и овие антинародни политики во Македонија."* Ваквиот наратив придонесува кон поларизација на лицата со различни политички убедувања, а може да влијае и врз неопределените гласачи со тоа што се создава поширок наратив дека опозицијата е самоуверена и веднаш може да излезе на избори, додека владејачките партии калкулираат и не се сигурни во својата победа, па се плашат од изборно соочување.

## *Демократска унија за интеграција – ДУИ (Bashkimi Demokratik për Integrim – BDI)*[5]

Демократската унија за интеграција (ДУИ) примарно комуницира преку социјалната мрежа Фејсбук. Партиската интернет-страница е релативно „мирна" и се ажурира само категоријата „вести" со службените активности на нејзините функционери. Сите содржини се на албански јазик, а опциите за македонски и за англиски јазик, иако постојат, не нудат превод.

На фејсбук-страницата на ДУИ доминираат дневните активности на министрите Артан Груби, Бујар Османи, Арбер Адеми, Јетон Шеќири, Фатмир Бесими, собранискиот спикер Талат Џафери и други функционери од пониските ешалони во власта. Забележани се и објави за активностите на партискиот претседател Али Ахмети, но поретко. Штетните наративи се присутни во партиските реакции кон некого. Така, на пример, ДУИ на 12 октомври соопштува дека „со загриженост ги следи медиумските извештаи за флагрантни злоупотреби при јавните набавки во општина Чаир", обвинувајќи ја локалната власт дека склучила два договора за набавка со фирма со ист сопственик, без да прецизира што е предмет на договорот. Индикативно е што ова е единственото обвинување насочено кон локална власт, при што ваквиот селективен критички однос може да се протолкува и како партиски реваншизам со оглед на фактот што актуелниот градоначалник на Чаир, Изет Меџити, оваа година ја напушти партијата и формираше нова партија Демократско движење која е дел од опозицискиот албански блок.

На 6 октомври во објава на интернет-страницата на ДУИ се зборува за Законот за игри на среќа и се обвинува опозицијата за блокирање на законски решенија со кои ќе се регулира овој бизнис и ќе се спречи криминал и корупција: *„Кој го брани 15-годишниот монопол даден на бугаро-српско-македонско претпријатие за организација на коцкање, чиј 'пријавен' профит е во просек 15 милиони евра годишно? Кој од албанската опозиција лобираше за измена на Законот со амандман во корист на казината? Законот е одобрен од Владата, очекуваме пратениците веднаш да го поддржат. Дислокацијата на казината и обложувањето и демонополизацијата на индустријата се политика и програма на Демократската унија за интеграција, но и на Владата, одобрени во Собранието. Ние сме решени да ја демонополизираме секоја индустрија, особено криминалните монополи на соживот меѓу политиката со прикриениот криминал."* Од една страна, со очигледните обвинувања за криминална вклученост во бизнисот со игри на среќа кон одредени опозициски политичари, а од друга страна со претставување на ДУИ како партија решена да ја демонополизира и декриминализира оваа индустрија, всушност се употребуваат формулации со коишто се оцрнува опозицијата со цел да се предизвикаат поделби и раздори помеѓу нас/нашето, кое е добро, и и вас/вашето, кое е лошо, а со тоа се поттикнуваат поделби и се шири несигурност за процесот на решавање на овој актуелен проблем во земјата. Истото партиско соопштение е пренесено и на фејсбук-профилот на заменик-премиерот Артан Груби, што е дополнително проблематично бидејќи се објавува штетен политички наратив на официјален владин канал со што се прекршува Етичкиот кодекс на владините службеници и се доведува во прашање професионалноста и објективноста на јавните комуникации и работењето на Владата.

## *ЛЕВИЦА*

Со просечните 3-4 објави дневно, партијата Левица е прилично активна на социјалните мрежи преку партиската фејсбук-страница којашто ја има улогата на агрегатор за споделување на вестите и пораките од нејзините ограноци низ државата и на претседателот Димитар Апасиев. Темите кои доминираат во објавите на Левица и нејзиниот претседател се од доменот на внатрешната политика со тоа што фокусот е најчесто на прашања за социјалната политика, образованието, односно образовните вредности и

5 Оваа објава со штетен наратив не е вклучена во првичната генерална квантитативна анализа (табеларни прикази) бидејќи е откриена во дополнителен мониторинг на страниците.

состојби во училиштата, односот на државата кон спортот, здравствениот систем, темите за екологија и животна средина. Исто така, се среќаваат и темите за одговорно управување со државата, односно судските процеси за аферата на прислушување и европските интеграции. Објавите на Левица се најчесто соопштенија за јавноста, а повремено се реакции и обраќања на нејзините носители на функции.

Главни актери во објавите на Левица се самата партија, како и нејзините функционери на централно и на локално ниво. Партијата се претставува како спасител, бранител на народот и народните интереси и бранители на правдата и на правото. Други актери кон кои најчесто се насочени критичките пораки се Владата, неретко именувана како „шверцерската коалиција СДС и ДУИ" (вообичаена придавка кога се критикува носењето закони со европско знаменце), „ненародна и предавничка", „владата на комбото СДС и ДУИ", „среброљупци", потоа СДСМ -ословувана и како „СДС", Собрание (ословувано и како „султанат"), Талат Џафери, ЕУ, надлежни институции, судство. Во пораките упатени до ВМРО-ДПМНЕ, оваа партија речиси секогаш е именувана со „ДПМНЕ". Во објавите во коишто се посочуваат ДУИ и нејзините функционери, Левица користи квалификации дека тоа е партија на „националшовинисти". Во реакциите за отворањето на албанската паралелка во училиште во Велес, Левица како актер го посочува коалициското тројство „ДПМНЕ-ДУИ-СДС" кои се „криминална оска" и „квислиншки партии".

Во соопштение објавено од страна на Левица на нивната фејсбук-страница на 29 септември се коментира односот на државата кон спортот преку поддршката за ФК Вардар, при што се користи наратив со кој се поткопува довербата во институциите, се даваат непроверени наводи и се користи пристрасно селектирање во поддршка за загриженоста на навивачката група „Комити", која барала поддршка и од скопските општини и Градот Скопје, а се коментира дека „по денешниот прес станува јасно дека покрај Комитите, излажано било и раководството и сите загрижени вљубеници во скопски Вардар", затоа што градоначалниците се фотографирале и не дале поддршка, дека „за најтрофејниот клуб во Македонија часовникот покажува дванаесет и пет." Главните актери кои се посочени се ФК Вардар и скопските градоначалници, а ФК Вардар е прикажан како симбол на македонскиот идентитет „Ако беше целта ВАРДАР како македонски симбол системски да се уништи од оваа влада заради политички притисоци, се поставува прашањето во што тоа се разликуваат најголемиот број општини што се условно кажано од спротивната страна и се под палката на денешната опозиција". Преку употреба на непроверени наводи, како и додавање на емотивен набој за македонскиот наратив во наратив за поддршка на популарен фудбалски клуб се придонесува и кон подгревање на емоциите на јавноста и создавање слика за намалена поддршка на државата кон македонските симболи во општеството.

Од доменот на внатрешната политика, поточно од областа на одговорното управување, може да се спомне објава на фејсбук-страницата на Левица од 10 октомври која содржи обраќање на претседателот на Левица Димитар Апасиев пред Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања за измените во Деловникот за работа на Собранието. Во говорот се дадени наводи за нетранспарентно, неотчетно и непрофесионално работење на мнозинството во Собранието, злоупотреба на службената должност и демократијата, а се користат генерализации, пристрасно селектирање, етикетирање и популистичка тактика да се прикаже Левица како бранител на народот и на народните интереси, додека останатите политички партии како неодговорни и противници на демократијата. Наративите вклучуваат примери како „Следното е дискрецијата, затоа реков султанат! Наместо да го деконцентрираме спикерот, ние уште толку му даваме ингеренции" и „Ова е парализа на парламентаризмот".

Притоа, во обраќањето се наведуваат заложбите на Левица за измени во работата на Собранието, без да се поткрепат со информации дека некои од тие заложби не може да се уредуваат со Деловник на Собрание, туку за некои веќе има постоечки одредби во Уставот или во постоечки законски решенија со што се создава заблуда кај јавноста. На пример, барањата да има реперкусија за функционер кој го бира Собранието ако не се појавува за отчет во Собранието „Ставаме став каде што неодзивање на покана од Собрание е основ за разрешување, па нека си ја чукаат главата потоа дали нема да дојдат или ќе дојдат", или барањето претседател на државата или Владата да свика седницата на Собрание „Зошто Претседател на држава да не може да побара да се свика

Собрание? Зошто Владата да не може да побара да се свика Собрание? Зошто 20 пратеници, пак, или ако не сакате 20, може повеќе, ама кога ќе побара дел од органот да се свика седница, тоа не е некоја филозофија, не е којзнае што!“ (Објава на Димитар Апасиев, фејсбук-страница, 10 октомври). Преку користење на силен, емотивен јазик, изразување загриженост за интересите на граѓаните, а притоа без образложување на оправданоста на предлозите кои ги даваат за унапредување на работата на Собранието и функционална држава, како што тврдат, кај пошироката јавност може да предизвикаат заблуда и да се оневозможи соодветно информирање на граѓаните, како и квалитетна дебата за темите кои се важни во општеството како што е поставеноста и функционирањето на институциите кои се надлежни за управување со државата.

Во објава од 17 октомври на фејсбук-страницата на Левица се дава коментар за македонските европски интеграции и т.н. „Берлински процес“ и се даваат наводи за поткопување на довербата во ЕУ и нејзините функционери, како и се упатуваат критики кон домашните владејачки структури, при што се обвинуваат за нетранспарентност, неотченост, непрофесионалност, а преку пристрасно селектирање, непоткрепени наводи и етикетирање се предизвикува недоверба во процесот на европска интеграција. Наводите вклучуваат примери како *„лидерите на Унијата, целосно игнорирајќи ги основните права и легитимни интереси на македонскиот народ, не гарантираат полноправно членство на државата во европскиот сојуз“; „на надворешен план, барањата на ЕУ кон Македонија за отстапки од круцијалниот национален интерес, кои го поткопуваат македонскиот идентитет и ја негираат неговата засебност и сувереност, а беа спроведени од домашните квислинзи, не ја доближија државата до Унијата. Дополнителните барања за уставни измени преку кои ќе се реализира бугаризација на Македонија доколку се случат, исто така не гарантираат никаков исчекор во интеграцискиот процес.“*

Користењето наративи во кои се изнесуваат непроверени наводи, непоткрепени критики за целите на европските функционери, како и причините за забавената европска интеграција, со истовремена употреба на емотивен јазик, е популистички пристап со кој лесно може да се создаде слика кај јавноста дека европската интеграција е процес на носење на т.н. лесни одлуки на „сака-не сака“, а не дека се работи за комплексен процес кој во себе содржи спектар на политички одлуки кои се носат од страна на европските институции, како и одлуки и обврски од страна на македонските институции. Дополнително, користењето на пристрасното селектирање ја изостава една од клучните информации дека членството во ЕУ е стратегиска цел на државата со висока поддршка од граѓаните и дека е членство за кое државата аплицирала сама.

## ДЕМОКРАТСКО ДВИЖЕЊЕ – Lëvizja Demokratike

Партијата Демократско движење е релативно нов политички субјект во Македонија, (формирана од поранешниот долгогодишен функционер на ДУИ), па јавната комуникација најчесто се одвива преку фејсбук-објавите на лидерот Изет Меџити и градоначалник на општина Чаир. Како лидер на партијата, а претходно и еден од иницијаторите на т.н. „Огнени“, група незадоволни функционери во ДУИ, тој се јавува како главен носител на комуникацијата на партијата. Покрај неговиот фејсбук-профил, значителна активност е забележана и на фејсбук-страницата на партијата. Во октомври на партискиот фејсбук-профил се забележани 4 објави со штетен наратив, најчесто во форма на објави од прес-конференции и тоа сите во областа на внатрешната политика и актуелните случувања, со фокус на правосудството, социјалната политика и инфраструктура, кои се видливи и од насловите на штетните објави: „Владини функционери со плати над 2.000 евра, а пензии за пензионерите недоволни ни за лекови“, „Денеска го спасивте Мијалков, утре ќе го спасите Груевски, зошто сега молчите“, „Артан Груби да даде одговор за хаосот на патот Скопје - Блаце!“

Во овие објави негативно се зборува и се критикува партијата ДУИ и министрите Груби и Османи и се користат низа непроверени наоди, тврдења за корумпираност, нетранспарентност/неотчетност, непрофесионалност, злоупотреба на службената должност, етикетирање и непочитување на политичките опоненти, а без притоа да се понудат докази и дополнителни факти, со што се шират дезинформациски наративи и се врши демонизација на споменатите високи функционери од власта, па оттука и се прави обид за поткопување на довербата во институциите во државата.

Главна тема за која се објавуваат штетни наративи во октомври е обвинувањето кон Артан Груби за вмешаност во бизнисот со игри на среќа и тој штетен наратив на демонизирање на Груби како главен виновник за сите штетни појави и нелегални активности поврзани со игрите на среќа се развива низ неколку објави. Фејсбук видеообјава од телевизиско интервју на 12 октомври, каде Меџити вели: *„Додека Албанија и Косово ги затворија своите казина, Македонија се претвора во Лас Вегас. Веќе е познато дека навечер овие казина се полнат со државјани на Албанија и Косово. Така што Артан Груби не се грижи колку далеку ќе бидат казината од училиштата, затоа што тој коцкањето и казината ни ги донесе во домовите.“*, како и фејсбук-видеообјава од партиска прес конференција од Фари Хисени од 29 октомври насловена „ДУИ го претвора Визбегово во Лас Вегас“. Нападите и демонизацијата на Артан Груби се јавува и во објави на други теми, како на пример Фејсбук-видеообјава од партиска прес-конференција на 15 октомври за автопатот Скопје - Блаце каде се вели: „сè што кажал Груби или е манипулација или е лага и тоа е веќе неколкупати потврдено...“.

На 22 октомври е забележана фејсбук-објава на тема економија, со штетен наратив каде во пренесено партиско соопштение со селективно презентирање на информации и графикон со избрани економски индикатори се тврди дека „сите економски показатели алудираат дека Владата на најлош можен начин управува со земјата.“ (објава на Изет Меџити, фејсбук-страница, 22 октомври), со што се развива несигурност во јавноста и поткопување на довербата во институциите. Дополнително, штетни наративи се забележуваат кај Меџити и во неколку објави за измените на Кривичниот законик: „Денеска ослободен Мијалков, утре Груевски. Благодарам ДУИ!“ (фејсбук-страница, Изет Меџити, 18 октомври). Слично и на 20 октомври е забележана фотообјава, односно порака испишана врз портрет фотографија од Меџити која гласи: „Владата СДСМ - ДУИ има време и волја да ги помилува Груевски и Мијалков, но се против нашето барање за укинување на ‘20 %‘!“ Со овие кратки пораки се алудира на заклучокот дека ДУИ и Владата на СДСМ и ДУИ со измените на Кривичниот законик имаат интерес да се помилуваат бившите високи функционери Груевски и Мијалков, додека не го прифаќаат барањето на албанскиот опозициски блок за уставните измени со кои се бара заменување на формулацијата „20 %“ со албански јазик. Со вакво селективно презентирање на информации и неосновани обвинувања се создава наратив на поткопување на довербата во институциите, особено кај етнички албанското население.

## Алтернатива - AlternAtivA

Во октомври, на фејсбук-страницата на Алтернатива се забележани вкупно 4 објави со штетен наратив и сите се на теми од областа на внатрешната политика, а најчесто се конкретни напади за корупција и непрофесионално работење на министрите од ДУИ. На пример, на 27 октомври е објавена фејсбук-содржина од прес-конференција насловена „Албанските опозициски лидери обединети против ДУИ“, а истата содржина е објавена и на фејсбук-страниците на Демократско движење и лидерот Изет Меџити, а на профилот на Африм Гаши е пласиран пократок дел од содржината. Овој пример укажува и на тенденцијата на трите опозициски албански партии Демократско движење, Движењето Беса и Алтернатива да комуницираат заеднички како политичка коалиција – „Европски сојуз за промени“. Прес-конференцијата се однесува на темата внатрешна политика, односно во контекст на избори. На прес-конференцијата се критикува и негативно се зборува за ДУИ, СДСМ и министерот за надворешни работи Бујар Османи, додека својата партија и коалиција се прикажуваат како спасители, бранители на народот и правдата и ЕУ ориентирани.

Во оваа фејсбук-објава од прес-конференција се забележуваат непроверени наоди и тврдења за корумпираност, нетранспарентност/неотчетност, непрофесионалност, злоупотреба на службената должност, „Како што имаме некои информации, Бујар Османи се обидел да го злоупотреби претседавањето со ОБСЕ за да влијае на одлуката за бројот на набљудувачи на изборниот процес. Јасно ставаме до знаење дека точно знаеме што се подготвени да направат за да се обидат да го заштитат своето незаконски стекнато богатство.“ (фејсбук-објава од прес-конфенренција, Африм Гаши, 27 октомври)

Дополнително, може да се забележи етикетирање, исмевање и грубо непочитување на политичките опоненти што води кон напади на личноста и демонизација, на пример *„Владината коалиција по прашањето за изборите се однесува како разгалено дете, кое смета дека ако топката привремено е во нивни раце можат да ја условат. Овој обид на ДУИ да манипулира со мислењето дека Груевски ќе ни ги донесе вредностите на ЕУ од Будимпешта е невидено лицемерие.“* (фејсбук-објава од прес-конференција, Африм Гаши, 27 октомври). Со ваквата реторика Алтернатива исто така создава наративи на пристрасно селектирање информации и ширење дезинформации, што придонесува до сериозно поткопување на довербата во институциите кои се раководени од политичките опоненти на оваа партија.

Со слична штетна комуникација, во Фејсбук објавата од реактивната прес-конференција од 26 октомври насловена „Лагите НА ДУИ НАВИСТИНА ИМААТ КРАТКИ НОЗЕ“, во која се критикуваат функционери од ДУИ за неотвореното училиште во Визбегово и доцнењето на учебниците, и каде уште во насловот се забележуваат истите штетни наративи на поткопување на довербата во институциите и демонизација на личноста („министерот Шаќири е немоќен да направи нешто конкретно, па наоѓа поддршка да си ја ‘спаси главата‘ во измамата,...кога ќе ја смисли Артан Груби и оние што ги контролира, нејзините нозе се навистина кратки“ (фејсбук-објава од прес-конференција, 26 октомври), со што Алтернатива во својата јавна комуникација ги прекршува начелата на комуникација базирана врз докази и професионалноста и етичноста.

## Алијанса на Албанците - Aleancës për Shqiptarët — AA

Од партијата Алијанса на Албанците идентификувана е една објава со штетен наратив на интернет-страницата на партијата, која е исто така објавена и на фејсбук-страницата на партијата и на профилот на лидерот на АА, Арбен Таравари.

Се работи за објава на аудиовизуелна снимка од прес-конференција на 26 октомври насловена „Арсовска го деградира образованието, поставува несоодветни директори кршејќи го законот“, каде темата е образование, поточно реакција на смената на директори во средните училишта во Скопје.

На прес-конференцијата, покрај Алијансата на Албанците, претставена и со кратенката АА, и главниот актер кој се критикува – градоначалничката на град Скопје, Данела Арсовска, се споменуваат и други актери, но со неутрален тон - и Министерството за образование и наука и Јавното обвинителство. Во оваа објава партијата се претставува како бранител на правдата.

Во изнесените ставови и пораки на прес-конференцијата се забележуваат непроверени наоди кои се користат како основа за обвинување на политички противници, во случајот градоначалничката Арсовска, како на пример, „политичките компромиси на Арсовска некогаш со левата, некогаш со десната страна, немањето конзистентност, очигледните прекршувања - прават огромна штета на нашата младина и општо во општеството.“ Иако нема никаква поткрепа за изнесените ставови дека Арсовска нема конзистентност и прави прекршувања, сепак се користат како аргументи да се заклучи дека со тоа прави огромна штета на младите и на општеството. Дополнително, забележани се и непоткрепени тврдења за корумпираност, нетранспарентност/неотчетност, непрофесионалност и злоупотреба на службената должност, како на пример „Молкот на надлежните институции е кривично дело. Криминалци се сите кои молчат и не постапуваат според Законот.“ (Објава на видео од прес-конференција на интернет-страницата на АА, 26 октомври)

Со тоа, на прес-конференцијата се развива наратив за поткопување на довербата во институцијата Град Скопје и селективно се изнесуваат податоци за смената на директори во средните училишта, со цел да се наведе јавноста дека тој процес е изведен на непрофесионален, незаконски и пристрасен начин. Така, со овие штетни наративи се прави обид да се поткопа довербата во институцијата Град Скопје и способноста и професионалноста на градоначалничката Арсовска, притоа прекршувајќи ги начелата за комуникација базирана на докази, професионалност и етичност.

## Либерално-демократска партија – ЛДП

Либерално-демократската партија е помал коалиционен партнер во Владата и најчесто своите ставови за политиките и актуелните случувања во државата ги изразува преку заедничкиот коалициски став или дополнително во поддршка на Владата. Претседателката Моника Зајкова има повремени медиумски настапи преку интервјуа, изјави во Собранието, додека поретко има соопштенија на партијата. Генерално земено, ЛДП има слаба медиумска активност, а исто така и медиумите не одвојуваат значаен простор за нејзините активности.

Кај партијата ЛДП во месец октомври е забележана една објава на Фејсбук со штетен наратив. Имено, на 6 октомври, на профилот на партијата е објавено интервју на Моника Зајкова за домашниот онлајн-медиум Фронтлајн, каде зборува за европската интеграција на земјата. Во фрагментите од интервјуто се забележуваат непроверени наоди и формулации со коишто се оцрнува одредена група луѓе со цел да се предизвикаат поделби и раздори помеѓу нас/ние/нашето и вас/вие/вашето и популистички формулации со кои се промовира сопствената идеологија. На пример, во цитатот: *„Кога гледате дека сами се блокираме одвнатре, некако се диференцираат ваквите, нели, како што вие ги нарекувате европски фронт или фронт којшто е против Европа“, се изнесува наод дека се блокираме одвнатре, кој тешко може да се провери или да се докаже, и со „се диференцираат ваквите“ и „фронт против Европа“ се развива поларизирачки наратив во кој се промовира поделба на политички фронтови, поделба на вакви и онакви, про- и анти-ЕУ, односно добри и лоши. И понатаму, „Јас не верувам дека и тие се против Европа и затоа не знам од кои причини и побуди се кочи целиот процес, затоа што освојувањето на дневно-политички поени на сметка на државните интереси е многу лоша игра“, повторно се изнесуваат непроверени наоди и неосновано се обвинува „другата страна“ за нарушување на државни интереси за лични цели, етикетирајќи ја политиката на „другите“ како „лоша игра“.* (Објава на фејсбук-профил на ЛДП, 6 октомври)

Објавата на овие конкретни цитати од интервјуто на Зајкова е проследено со визуелен приказ кој содржи фотографија од Зајкова и цитат кој ја промовира идеологијата на ЛДП, како нешто што е во корист на сите граѓани, со што се зајакнува популистичкиот наратив во оваа објава.

## 1.1.2. Мониторинг на комуникацијата на членовите на Владата на РСМ преку официјалните фејсбук-страници - октомври 2023

Во анализата на политичката комуникација на членовите на Владата на РСМ се опфатени нивните комуникациски практики преку официјалните владини фејсбук-канали. Фокусот на анализата не е насочен кон следењето на информациите за регуларните службени активности на премиерот, на неговите заменици и на ресорните министри, туку само во случај кога именуваните функционери ги користат овие институционални канали за партиска промоција, за ширење штетни наративи или, пак, кога се прекршени начелата за јавна комуникација на избраните или на именуваните функционери (за начелата и стандардите за професионална јавна комуникација, види Методолошка рамка на стр. https://respublica.edu.mk/istrazhuvanje-shtetna/shtetni-narativi-i-indikatori/standardi-i-nachela-za-politichkata-komunikacija/. Оттука, непосредно се набљудува дали членовите на Владата го почитуваат Етичкиот кодекс за јавни службеници, според кој тие треба да ги извршуваат работните задачи на политички неутрален начин, да не го застапуваат своето политичко уверување во вршењето на работните задачи, ниту да вршат политички активности кои можат да влијаат на довербата на граѓаните во нивната способност да ги извршуваат работните задачи на непристрасен начин.

Политичарите кои се избрани и именувани функционери, покрај своите партиски канали за комуникација, имаат пристап и до официјалните канали за комуникација на институциите со кои раководат. Во таа насока тие треба да ги користат владините комуникациски канали за информирање за владините политики, одлуки и мерки, со цел да се обезбеди јасна дистинкција помеѓу работата на институциите и политичките партии, односно да нема злоупотреба на владините комуникациски канали за промоција на партиските цели.

Во текот на мониторингот се следат фејсбук-страниците на 20-те членови на Владата на РСМ: Димитар Ковачевски, претседател на Влада на РСМ, Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции, Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата задолжен за европски прашања, Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата задолжен за политики за добро владеење, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, Крешник Бектеши, министер за економија, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, Бујар Османи, министер за надворешни работи, Фатмир Бесими, министер за финансии, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, Славјанка Петровска, министерка за одбрана, Јетон Шаќири, министер за образование и наука, Јованка Тренчевска, министерка за труд и социјална политика, Бисера Костадиновска Стојчевска, министерка за култура, Каја Шукова, министерка за животна средина и просторно планирање, Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација, Фатмир Меџити, министер за здравство, Кренар Лога, министер за правда.

Генералниот заклучок од анализата на комуникацијата на владините министри преку официјалните фејсбук-страници е дека мнозинството од министрите не употребуваат штетни наративи, но забележително е присуство на објави во коишто министрите споделуваат партиски информации. Октомври е помалку „политички активен месец", за разлика од септември, кога дел од министрите почесто објавувале содржини со партиска заднина.

Нотиран е и еден случај кога ресорен министер воопшто не користи фејсбук-страница како ресорен министер. Таков е случајот со министерот за локална самоуправа, Ристо Пенов.

На фејсбук-страниците на премиерот и на министерствата со коишто раководат членови на СДСМ (Димитар Ковачевски, Бојан Маричиќ, Славица Грковска, Оливер Спасовски и Каја Шукова) не се забележани штетни наративи. Кај дел од јавните функционери забележана е злоупотреба на официјалната институционална фејсбук-страница за промоција на партиски активности и политики.

Во октомври се забележани неколку штетни наративи во фејсбук-комуникацијата на владините министри. Во објава на министерката за култура, Бисера К. Стојчевска, со поенти и фотографии од нејзино излагање на трибина на СДСМ, со штетен наратив се врши пристрасна селекција на информации, се развива популистичка реторика и се поттикнуваат поделби и со тоа се злоупотребува официјалната министерска страница за пристрасна партиска комуникација: „#СДСМ воведе ред и во областа на културата, денес е достапна за сите подеднакво. Помина времето кога се зголемуваат платите по телефон на културните работници, своеволно и како и со какви профили се унапредувале." (фејсбук-објава на профилот на министерката Стојчевска, 9 октомври). Во овој случај, со директна промоција на партијата на комуникацискиот официјален канал на министерот, како и со напади на политичките противници, се прекршува Етичкиот кодекс за јавните службеници на Владата, начелото на професионалност, етичност и непристрасност во комуникацијата на владините претставници.

Една објава со штетен наратив е нотирана на фејсбук-страницата на министерката за труд и социјална политика, Јованка Тренчевска, која содржи две фотографии и неколку поенти од нејзиното гостување во емисијата „24 Анализа" на Телевизија 24 од 2 октомври во врска со зголемувањето на пензиите согласно на новата методологија и усогласувањето кое се прави двапати во годината. Во објавата содржани се тврдења со кои се промовираат сопствените партиски идеологии и активности како нешто што е во корист на народот, додека карактеристиките на политичките противници се промовираат како нешто што не ја одразува волјата на народот: *„Оваа Влада носи системски решенија. Ако Владата предводена од ВМРО ДПМНЕ наместо популистички мерки и стиропор инвестираше во методологија, денес ќе зборувавме за минимална пензија од 25.000 денари", а потоа продолжува со неколку поенти кои ги промовираат социјалните политики на Владата".* (фејсбук-објава на профилот на министерката Тренчевска, 2 октомври)

Со тоа, Тренчевска создава штетен наратив на пристрасно селектирање на податоци кое води до погрешни заклучоци и популизам. Уште поважно, со користење на официјалната фејсбук-страница на министерката за труд и социјална политика за пласирање на вакви штетни наративи, се прекршуваат стандардите на комуникација на јавните функционери и на државните службеници, како и начелото за професионалност и непристрасност во комуникацијата на владините претставници, начелото за комуникација базирана на докази и начелото за етична комуникација.

Фејсбук-страницата на министерот за правда Кренар Лога се користи подеднакво и за официјални информации од ресорното министерство за правда и за партиска комуникација. Во објава од 20 октомври, министерот Лога реобјавувва содржина од сопартиецот од Алијанса на Албанците Арбен Зекири, во којашто има негативна конотација за лидерот на Демократско движење, Изет Меџити, при што се генерализира дека „Изет и ДУИ се едно исто", или во објава од 2 октомври во која критично се обраќа кон лидерот на Левица Димитар Апасиев: „Левичари, дај објаснете му на друже Апасиев дека вистинскиот оган на антифашистите е меѓу обичните ослободители, а не во гробовите на диктаторите." Во објава на 5 октомври се содржани и штетни наративи,[6] упатени кон претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, Христијан Мицкоски за Законот за амнестија. Употребени се зборови/реченици со коишто имплицитно се промовираат себеси и министерството како „транспарентни", „соработливи" и „ЕУ-ориентирани", додека Мицкоски е претставен како анти-ЕУ политичар кој ја „блокира перспективата на својот народ и својата земја". Во објавата се користат негативни квалификации за Мицкоски како „нема соодветна визија за политички лидер", „зборува во празно", „лидер без политичка надеж, без меѓународни пријатели, лидер кој не се оградил од политичкото наследство на Груевски", со што од позиција на министер за правда развива демонизирачки наратив кон лидерот на опозициската ВМРО-ДПМНЕ дека не е компетентен и е незаинтересиран за европската перспектива на земјата. Друг штетен наратив содржи реобјавеното видео од обраќањето во Собранието на неговиот сопартиец Халил Снопче, во коешто со употреба на метонимии се критикува опозицијата во врска со Законот за игри на среќа: *„Демаскирана е дволичноста на опозицијата во врска со Законот за игри на среќа. Вие сте дволични и правите политика! Вие само театар правите. Го блокирате законот! ВМРО го блокира Законот!"*. Оваа објава освен што содржи пристрасно селектирани информации кои може да ја доведат јавноста до погрешни заклучоци, проблематично е што ваквата партиска комуникација се објавува од политички актер кој зборува и од име на министер за правда и од Министерството за правда, кои, согласно со Етичкиот кодекс на Владата, треба да се воздржат од изнесување неаргументирани и субјективни критики кон политичките опоненти.

Политичарите кои се избрани и именувани функционери, освен до партиските канали за комуникација, имаат пристап и до официјалните канали за комуникација на институциите со кои раководат. Во таа насока тие треба да ги користат владините комуникациски канали за информирање на сите граѓани за владините политики, одлуки и мерки, обезбедувајќи јасна дистинкција помеѓу работата на институциите и политичките партии, односно да нема злоупотреба на владините комуникациски канали за промоција на партиските цели.

## 1.2. Комуникациски практики на политичките партии и нивните лидери за септември 2023 година

Во септември, на интернет-страниците на политичките партии и на нивните фејсбук-страници се идентификувани вкупно 143 објави (на интернет 123 и на Фејсбук 20) кои содржат штетен наратив. Речиси по половина од објавите со штетни наративи на интернет-страниците се од ВМРО-ДПМНЕ и од СДСМ, а помалку од Левица, додека на Фејсбук најмногу објави со штетни наративи се забележуваат на профилите на лидерот на Левица, Димитар Апасиев, и на партијата Левица. Многу помалку се забележани на профилот на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ, Христијан Мицкоски (2), и една од профилот на партијата Алтернатива.

6 Овие објави со штетни наративи не се вклучени во првичната генерална квантитативна анализа (табеларни прикази) бидејќи се откриени во дополнителен мониторинг на страниците.

## Табела 4: Број на партиски објави со штетни наративи на интернет-страниците и на Фејсбук-страниците на политичките актери




Најчестата тема во објавите кои содржат штетни наративи и на двете платформи е внатрешната политика (вкупно 94 од 123 објави на Интернет и 19 од 20 на Фејсбук). Другите теми се: здравство, економија, образование, надворешна политика и економија. Конкретно, во овој месец, најчести токсични наративи имало кога се говорело за Предлог-законот за амнестија, измените на Кривичниот законик, состојбите во образованието, корупцијата и скандалот на Клиниката за онкологија. Во објавите на ВМРО-ДПМНЕ и Левица поврзани со скандалот на Клиниката за онкологија се посочува директна одговорност кај премиерот и министрите за случувањата, додека Левица посочува одговорност за сите политички партии кои биле на власт во Македонија од 2012 година. Во објавите со штетни наративи на СДСМ најмногу се зборува за ЕУ-интеграциите, за опозициската блокада на уставните измени, за релациите помеѓу опозиција и власт, но често објавувале содржини и на тема криминал во здравството, односно за случајот со Клиниката за онкологија.

На интернет, ВМРО ДПМНЕ во своите вкупно 55 објави со штетни наративи, во 92 наврати се обиделе да ја поткопаат довербата во јавните институции без да понудат докази; со 31 наратив се обиделе селективно да изнесат податоци за некој настан за потврдување на една позиција, поретко се обиделе да ја шират паника за да вршат напади на лична основа кон политички опоненти и да поттикнуваат поделби во општеството, а еднаш е забележано и изнесување дезинформации. Левица, пак, најчесто се обидувала да ја поткопаат довербата во институциите (41) и се користела со пристрасна селекција на информации за потврдување на нивната позиција (25), во четири наврати користеле демонизација на политичките опоненти, а поретко се обидувале и да поттикнат поделби и да шират паника во општеството. СДСМ во вкупно 47 објави со штетни наративи, најчесто користеле пристрасно селектирање на податоци за да ја потврдат својата позиција, во 3 наврати се обиделе да ја поткопаат довербата, двапати развивале штетен наратив со демонизација на политичките опоненти, а еднаш е забележано и поттикнување општествени поделби и ширење дезинформации.

**Табела 5: Приказ на застапеност на штетни наративи во објавите на политичките партии на Интернет-страници**




| | ВМРО | Левица | СДСМ |
|---|---|---|---|
| Дезинформации | 1 | | 1 |
| Поткопување доверба | 92 | 41 | 3 |
| Пристрасна селекција | 31 | 25 | 6 |
| Демонизација | 8 | 4 | 2 |
| Поттикнување поделби | 5 | 3 | 1 |
| Ширење паника | 9 | 1 | |
| Вкупно објави | 55 | 21 | 47 |

На Фејсбук, Апасиев во своите вкупно 12 објави со штетни наративи, 17 пати се обидел да ја поткопа довербата во институциите, 16 пати пристрасно селектирал податоци за потврдување на своите позиции, 4 пати се забележуваат напади на лична основа на политички противници и по еднаш развивал штетен наратив со ширење страв и паника, или популизам. Во неговите објави забележан е еден штетен наратив за обвинување кон странски ентитети за негативно влијание во земјата. Исто и Левица во 5-те фејсбук-објави најмногу се обидува да ја поткопа довербата во институциите (10 пати) и пристрасно селектира податоци (7 пати), додека во 2 наврати се користеле со поттикнување поделби и еднаш употребува штетен наратив за ширење страв и паника. Во двете објави со штетен наратив на профилот на Христијан Мицкоски, како и во едната објава од фејсбук-профилот на партијата Алтернатива, се забележува обид за поткопување на довербата во јавните институции.

Со забележани слични трендови и на интернет-страниците и на Фејсбук овие штетни наративи најмногу се развиваат со употреба на непроверени наоди, тврдења за корумпираност, поретко со етикетирање и исмевање, формулации со кои се оцрнува одредена група и се прават поделби на нас и вас, намерно не се пренесува целосната слика за настанот за кој се говори, а еднаш се забележува обвинување на странски ентитети за вмешување во домашната политика. Дополнително, на партиските веб-страници се забележува дека во 20,3 % од објавите со штетни наративи се промовираат и сопствените политички идеологии, додека на Фејсбук овој индикатор се забележува само во една објава со штетен наратив.

## Социјалдемократски сојуз на Македонија – СДСМ

Во септември кај СДСМ, забележани се штетни наративи само во објавите на интернет-страницата на партијата (вкупно 47) и сите се во форма на соопштенија за јавност.[7] Главната тема во сите објави е внатрешната политика, со фокус на ЕУ-интеграциите на земјава, релациите со опозицијата и опозициската блокада на уставните измени, криминалниот случај со Клиниката за онкологија и неколку соопштенија за општинското работење на градоначалници и за инцидентот во Собранието помеѓу заменик-премиерот и член на СДСМ Бојан Маричиќ и пратеничката од ВМРО-ДПМНЕ Дафина Стојановска.

Во објавите со штетни наративи, СДСМ се споменува себеси во сите објави и најчесто се претставува како ЕУ-ориентирана партија, која е спасител на граѓаните со што ќе ја реализира ЕУ-интеграцијата н земјата. Од друга страна, кога се зборува критички кон други политички актери, приматот го има партијата ВМРО-ДПМНЕ , којашто често се именува како „ДПМНЕ“ со намерно изоставување на делот „ВМРО“ од името на партијата, но и како „партијата на Груевски“ и „анти-ЕУ кампот“. Исто како и во октомври, и во септември е употребена споредбата за Мицковски како „бледа копија на Груевски“ (Соопштение, интернет-страница на СДСМ, 23 септември).

Во содржината на соопштенијата на СДСМ од септември, најмногу (6 пати) се забележуваат штетни наративи на селективно изнесување податоци за некој настан, 3 пати се забележува штетен наратив за поткопување на довербата во институциите, кога ја критикуваат локалната власт предводена од градоначалници на ВМРО-ДПМНЕ, а забележана е и реторика за демонизација на личноста (2), односно дискредитирање на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ, Христијан Мицкоски. Во една објава е забележан наратив на поттикнување поделби (про- и анти-ЕУ-блокови во општеството), а и наратив со ширење дезинформации. Овие штетни наративи во 97,9 % од случаите се развиваат со помош на тврдења за корумпираност, нетранспарентност/неотчетност, непрофесионалност и злоупотреба на службената должност, поретко се забележани непроверени наоди или наоди кои тешко може да се проверат.

На пример, во соопштение од 3 септември насловено „ДПМНЕ нема аргументи зошто е против уставните измени и членството во ЕУ“, се забележуваат низа тврдења за корумпираност, непрофесионалност и неотчетност: *„Блокадите без аргументи се на директна штета на државата и на народот... Тоа што ги прави Мицкоски за да си ја задржи својата фотелја во белата палата може многу скапо да ги чини граѓаните, нови 11 години изолација и загубени десетици милијарди евра од европските фондови“*, како и непроверени наоди: *„За содржината и текстот на уставните измени ниту ДПМНЕ ниту најголемите скептици немаат никаква забелешка“* и намерно непренесување на целосната слика: *„ДПМНЕ нема ниту еден можен аргумент зошто е против уставните измени и членството во ЕУ.“* Со ова се развива наратив на дезинформација дека партијата ВМРО-ДПМНЕ нема никакви аргументи за своите политички ставови и постапки и дека се против интеграцијата на земјата во ЕУ: „СДСМ ќе направи сè блокадите на Мицкоски да бидат поразени и да продолжи европскиот пат“, иако во јавноста оваа партија не изнела официјален став дека е против ЕУ-членството.

Истиот ден, објавено е и друго соопштение, но на друга тема, односно по повод актуелниот настан за криминалниот случај на Клиниката за онкологија, во кое повторно се забележува реакција и критика кон ВМРО-ДПМНЕ и Христијан Мицкоски, насловено „ДПМНЕ срамно злоупотребува болни, на тоа дереџе падна Мицкоски, по 20 години за прв пат се расчитува ваков случај“. Во соопштението се забележуваат непроверени наоди и тврдења за корумпираност, нетранспарентност/неотчетност, непрофесионалност, без обид за поткрепа на тие тврдења: „Некрофилната ДПМНЕ наместо да ја поздрави акцијата на над-

7 Содржините со утврдени штетни наративи се нотирани и на партиската фејсбук-страница, но бидејќи станува збор за исти содржини, примарно се анализирани објавите на интернет-страницата.

лежните институции, МВР и ЈО, за расчистување на криминалот на Клиниката за онкологија , срамно се обидува да злоупотребува мака на болни. Тоа најмногу покажува на кое ниско ниво, на кое дереџе падна очајниот Христијан Мицкоски… СДСМ нема да дозволи кој било да се богати на сметка на здравјето на луѓето, ниту пак политички да се злоупотребува случајот од криминални партии како ДПМНЕ “. Со оваа тактика на јавен напад со неосновани обвинувања се развива наратив на пристрасно селектирање на податоци кои може да ја доведат јавноста до погрешни заклучоци. Дополнително, со експлицитни негативни етикети на партијата како „криминална“, „некрофилна“ и лидерот како „очаен“ се развива наратив за демонизација на ВМРО-ДПМНЕ.

Со развивање на гореспоменатите штетни наративи, партијата СДСМ ги прекршува начелата на етичнo, транспаретно и професионално комуницирање кое е базирано на докази, но го прекршува и сопствениот Кодекс за однесување на членовите и функционерите на СДСМ, со кој се поттикнува принципот на интегритет, одговорно и чесно работење, додека носителите на функции не смеат „да соопштуваат ставови, информации и податоци за официјалните институционални политики и одлуки, кои се лажни, нецелосни, невистинити и кои може да ја доведат јавноста во заблуда“.

## ВМРО-ДПМНЕ

На фејсбук-страницата на ВМРО-ДПМНЕ има 12 објави кои содржат штетни наративи од кои 8 се за теми на корупција, 2 за корупција во здравство и 2 за измените на Кривичниот законик.

ВМРО-ДПМНЕ е најчесто споменуваниот актер (говори за себеси во сите објави), СДСМ се споменува во 4 објави, ДУИ во 2 објави, Ковачевски во 1 и Владата во 1 објава. Исто како и во октомври, ВМРО-ДПМНЕ е доследна воословувањето на СДСМ со „СДС“, за Владата со термини како „криминална власт“ или „Владата на СДС и ДУИ“.

Во септември на фејсбук-профилот на Христијан Мицкоски се забележани 14 објави, а ден со најмногу штетни наративи е 26 септември (3 објави), кога имало доста медиумско известување за Предлог-законот за амнестија. Од вкупно 14 објави, 4 се за работењето на градоначалниците од ВМРО-ДПМНЕ, по 2 се за корупција и за внатрепартиските односи во ВМРО-ДПМНЕ, а по 1 е за надворешната политика (односот на Бугарија кон Македонија), за пензионерските протести, за уставни измени и за криминал.

Кај ВМРО-ДПМНЕ доминираат објави во кои се критикува работата на Владата, притоа именувајќи ја како „корумптивна, неодговорна, неспособна и непрофесионална“, а се напаѓа и премиерот „Очајниот Ковачевски е декласиран од народот и му е страв од избори бидејќи ќе доживее дебакл“ (Соопштение, интернет-страница на ВМРО ДПМНЕ, 1.9. 2023), при што се наведува дека „Македонија тоне 7 години со СДС и ДУИ“, како и дека „Ковачевски е само поставен за спроведување на бизнис-интересите на ДУИ и СДС, крадење и опустошување на државата и на граѓаните.“

Во однос на измените во Кривичниот законик кои опфаќаат дела за злоупотреба на службената должност, ВМРО-ДПМНЕ тврди дека владејачките структури ги носат измените за да се спасат од сопствената кривична одговорност, како и дека измените ги носат со цел да направат раздор во опозицијата, имплицирајќи дека поранешниот премиер и лидер на ВМРО-ДПМНЕ, Никола Груевски, имал таен договор со владејачката структура да обезбеди поддршка од пратеници во замена за ослободување од кривична одговорност. *„Измените во Кривичниот законик се во полза на криминалците од власта и структури кои сакаат да има раздор во опозицијата, тоа нема да им ги донесе уставните измени“* и дека измените се *„ништо друго, освен амнестија на сите криминали, кои ги направија ДУИ и СДС во минатите 7 години, на штета на граѓаните“* и дека уставни измени нема да има. (Соопштение, интернет-страница на ВМРО ДПМНЕ, 20.9.2023).

Во соопштение за Законот за амнестија кој го предлага министерот за правда, Кренар Лога, ВМРО-ДПМНЕ наведува дека „СДС и ДУИ се амнестираа со Кривичниот законик, а сега ќе амнестираат и дилери, убијци и тешки криминалци" (Соопштение, интернет-страница на ВМРО-ДПМНЕ, 13.9.2023). Според наводите во соопштението, единствената причина која ја навел министерот за правда се лошите услови во затворите, но дека владејачките партии имале доволно време да ги подобрат во изминатите шест години. Според наводите во соопштението „реалноста е дека откако СДС и ДУИ си се амнестираа себе со измените во Кривичниот законик, сега ќе ги амнестираат и тие кои заедно со луѓе од власта тргуваа дрога и правеа други тешки кривични дела. Матрицата на СДС и ДУИ е криминална. Пред да си заминат од власт се амнестираат себе и нивните извршители."

Во двата примери преку таргетирање на тема од висок јавен интерес, како што се неказнивост, корупција и добро управување, ВМРО-ДПМНЕ користи наратив со кој изнесува и непоткрепени тврдења за коруптивно однесување, непрофесионалност, криминал, како и пристрасно селектирање и етикетирање на политичките противници за да се покаже како борец против криминалот. Дополнително, со тврдењето „уставни измени нема да има", имајќи ја предвид сензитивноста на оваа тема за етничките Македонци, се претставува и како бранител на националните интереси.

Друг пример на служење со наводи со кои се претставува политичкиот противник како непрофесионален преку непотврдени наводи е објавата од посетата на општина Новаци. Лидерот на ВМРО-ДПМНЕ, Христијан Мицкоски, објавува (фејсбук-објава, 21.9.2023) дека заедно со градоначалникот Стевче Стевановски во рамки на активноста „Ова е Македонија за сите" извршиле увид на градежни активности на улици. Веднаш потоа објавата продолжува со „СДС-ДУИ ги опструираат општините предводени од ВМРО-ДПМНЕ, но за неколку месеци отсега доаѓа нова, силна влада која ќе ја врати Македонија на победничките патеки." Објавата е придружена со фотографии на кои се гледа Мицкоски како разговара со граѓани, посетува црква и врши увид во градежни работи на пат. Од објавата не може да се увиди како СДСМ и ДУИ ги опструираат општините кои ги водат градоначалници од ВМРО-ДПМНЕ. И се изнесуваат тврдења кои не се поткрепени со докази, односно се користат само јавни обвинувања со кои се напаѓаат политичките противници.

## *Демократска Унија за Интеграција – ДУИ (Bashkimi Demokratik për Integrim – BDI)*

Со слична динамика како и во октомври, мониторингот укажува дека за разлика од интернет-страницата на партијата ДУИ која поретко се ажурира, официјалната фејсбук-страница на партијата е доста активна. Преовладуваат дневните службени активности на министрите Артан Груби, Бујар Османи, Арбер Адеми, Јетон Шеќири, спикерот Талат Џафери и други функционери од пониските ешалони во власта кои се членови на партијата.

На 29 септември, во соопштение на веб-страницата на ДУИ, како и во фејсбук-објава на официјалниот профил на Артан Груби (член на партијата и заменик на премиерот во Владата), се забележува објава со дезинформација. Објавата се однесува на настан по повод пуштање во употреба фотоволтаична централа: „Заедно со премиерот Димитар Ковачевски и министерот за економија Крешник Бектеши денеска учествувавме на свеченото пуштање во употреба на најголемата фотоволтаична централа на Балканот на компанијата „Меј енерџи" во Новаци, со капацитет за производство на електрична енергија од 55 мегавати.". Но, иако навидум позитивна вест, оваа објава содржи дезинформација дека *„ова е најголемата фотоволтаична централа на Балканот"*, со која се развива популистички наратив за впечатливо регионално достигнување. Истата дезинформација е објавена и на фејсбук-страницата на лидерот на опозициската партија Демократско движење, Изет Меџити, кој за овој успех јавно му честита на Билал Касами, градоначалникот на Тетово (Објава на фејсбук-профил на Меџити, 29 септември).

На 20 септември, на интернет-страницата и на фејсбук-профилот на ДУИ е забележана уште една објава со штетен наратив, во која се критикува партијата ВМРО-ДПМНЕ: *„ДУИ со внимание ја следи големата загриженост во редовите на ВМРО-ДПМНЕ, како и големите поделби што се појавуваат во битката меѓу интеграцијата и изолацијата. Оваа внатрешна битка меѓу силите во ВМРО кои сакаат интеграција на земјата во ЕУ и оние кои преферираат изолација се води врз грбот на земјата и граѓаните"*, со што се презентира непроверен наод за поделба и раздор во ВМРО-ДПМНЕ, но и непоткрепено обвинување за наклонетост кон негативните сили во општеството кои го спречуваат или го одбиваат процесот на интеграција на земјата во ЕУ. Со ваков обид за оцрнување на партијата ВМРО-ДПМНЕ во јавната критика на ДУИ кон нив се создава штетен наратив на поттикнување поделби и ширење чувство на несигурност, како и пристрасно селектирање на информации со цел да се доведе јавноста до погрешни заклучоци.

Дополнително, забележана е една објава со штетен наратив на официјалниот фејсбук-профил на Артан Груби од 26 септември, која е реакција, односно обраќање до албанските политички партии од опозицијата: „Три години лажете секој ден, а ние во тие три години сработивме колку што вие ни за 30 години не можете и ги мамевте луѓето... Неписменост, некомпетентност, беззаконие, бесрамност, дури не знаат како да користат фотошоп." Со користење зборови и формулации со коишто се оцрнува опозицијата, се создава поделба помеѓу нас и вас, каде ние/нашето е добро, а вие/вашето е лошо, со што се поттикнуваат поделби во социополитичката општествена сфера.

## Левица

Во септември на интернет-страницата на Левица се идентификувани 15 објави, од кои во 13 темата е внатрешна политика а 2 од областа на здравството. Поконкретно, објавите се за обвинувањата за злоупотреби на Клиниката за онкологија, измените на Кривичниот законик, политичката одговорност, соработката меѓу партиите, криминалот, донациите на партиите, Деловникот на Собранието, протестите, влошените односи меѓу политичките партии, злоупотребите и корупцијата, Законот за употреба на јазиците. Партијата најчесто се претставува како бранител на народот и на народните интереси и бранители на правдата и на правото, но и како „единствена парламентарна опозиција." Нивните објави се најчесто насочени кон владејачките структури, при што СДСМ најчесто сеословени како „СДС", ДУИ или „партијата на Ахмети", „ДПМНЕ" за ВМРО-ДПМНЕ.

На фејсбук-профилот на Левица во септември има 37 објави, а ден со најмногу, односно 5 објави е 27.9. 2023. И на Фејсбук доминираат истите теми, како и на нивата интернет-страница од областа на внатрешната политика (26 објави), здравството и економијата, а наведени се и спортот, социјалната политика, културата и образованието. Во објавите на Фејсбук, Левица користи и хаштази за да пренесе некоја порака.

Во соопштение за измените на Кривичниот законик (Со европско знаме СДС и ДУИ ќе се амнестираат од кривична одговорност) се наведуваат измените кои се прават на Кривичниот законик и дека се прават користејќи го европското знаменце за да се спасат политичарите на власт од кривична одговорност. Притоа, се додава дека „антимакедонската и корумпирана власт на ДУИ И СДС, соочена со поразот на претстојните парламентарни избори, спрема терен за спас на своите криминали кои секојдневно се откриваат во јавност", дека ова *„јасно покажува дека криминалната власт на СДС и ДУИ цели да се АМНЕСТИРА од кривична одговорност за нивното корумпирано владеење и потврдија дека Македонија е заробена држава, во која правосудството е продолжена рака на власта"; „ваквите скандалозни измени се спротивни на сите заложби со кои СДС дојде на власт и затоа овој хибриден РЕЖИМ, со октроиран премиер, нема никаков легитимитет за владеење"; „јасна е тенденцијата на власта дека по секоја цена сака да се спаси од кривичен прогон поради нејзиното корумпирано владеење!"; „владеењето на оваа гарнитура на политичари се претвори во најголема национална и економска катастрофа која ја претрпела Републиката, каде единствена европска заложба е шверцот на штетни закони со европско знаме."*

Примерот е исто така ефикасна употреба на штетен наратив за да се придобие вниманието и поддршката на јавноста за прашање од висок јавен интерес. Во соопштението Левица ги објаснува измените на Кривичниот законик и точно наведува дека беше искористен механизмот на т.н. европско знаменце во Собранието каде со измени кои се хармонизираат со ЕУ-легислативата се направи и измена на Кривичниот законик која не беше поврзана со ЕУ-реформите, односно бришењето на членот 353 (што подоцна беше поткрепено и со изјави од ЕУ). Измените се ставаат во поширок контекст на критика и изнесување наводи за корумпирана и криминална владејачка структура, „режим", а додека Левица се претставува како заштитник на интересите на граѓаните, наспроти нејзиниот политички противник.

Во објава на својот фејсбук-профил од 19 септември, лидерот на Левица, Апасиев, споделува соопштение од партијата Левица за одлука на Инспекторатот за јазици со текстот: „Ееееее шо дочекавме со квислинзите од СДС на власт!? Да се бориме правно, по инспекторати и агенции, за да се употребува МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК во Македонија!#ВиеСтеЛудаци", додека во соопштението на Левица кое го реобјавува има текст и фотографија со зградата на тетовската болница „ИНСПЕКТОРАТОТ ЗА ЈАЗИЦИ КОНСТАТИРА НЕЗАКОНИТОСТ КАЈ ЛЕКАРСКИТЕ ИЗВЕШТАИ САМО НА АЛБАНСКИ ЈАЗИК" се вели: „Додека владата на Ковачевски молчи пред зачестените вакви негирања кои доаѓаат од нејзини коалициони партнери, #Левица ќе продолжи да се спротиставува на сите негативни тенденции кои го понижуваат македонскиот идентитет." Со оваа содржина се користат непроверени наоди и нецелосно пренесување на сликата за еден настан, со што се развива штетен наратив за поткопување на довербата во институциите и ставањето на Левица како бранител на македонскиот јазик и идентитет, сојузник на македонскиот народ, наспроти другите партии и Владата. Дополнително, во објавата на Апасиев се користат термини како „квислинзите од СДС на власт!?" и хаштагот „#ВиеСтеЛудаци" – како негативни етикети кои дополнително служат за поткопување на довербата во институциите и дискредитација на политичките противници.

Практика на лидерот на Левица, Апасиев, е да споделува коментари и реакции за актуелни настани користејќи хаштази, емотикони и други симболи. Токму во нив честопати има елементи на штетни наративи. На пример, во објава на Фејсбук од 20 септември, која се однесува за седница на Уставниот суд за Преспанскиот договор, се поткопува довербата во Уставниот суд како институција и се служи со етикетирање „Гниди Северџански", а објавата е од перспективата на Левица дека тие се бранители на народот. Друг пример во кој Апасиев користи штетен наратив за поткопување на довербата во институциите, за популизам и за поттикнување поделби е една кратка објава на неговиот фејсбук-профил од 15 септември, во која се вели: „Со месеци ДПМНЕ, преку несвикување собраниска комисија, ги кочи законските измени предложени од Левица за т.н. АНТИПРОВИЗИСКО ЗАКОНОДАВСТВО. Со нив се предлага банките да не можат да ги крадат граѓаните на ситно и да си наплаќаат измислени провизии за сè и сешто. А бе, вака ли бе 'народна партија', ово-оно?

#ДемонХристијани
#ЛихвоБанкари
#КапиталистичкиСлуги"

Со претставување на нецелосна слика за процесот и негативното етикетирање, Апасиев популистички ја поставува Левица во улога на спасител на народот и поттикнува поделби со што ја поткопува довербата во законодавниот дом.

## Алтернатива - AlternAtivA

Во септември, поточно на 19 септември, нотирана е една објава со штетен наратив на фејсбук-профилот на партијата Алтернатива, која се состои од текст (на албански и на македонски јазик) и една фотографија од логоата на трите албански опозициски политички партии кои стојат зад објавата насловена „АлтернАтивА - Движење Беса - Демократско Движење: Дали Ахмети ќе зборуваше македонски ако не се здружуваше албанската опозиција?" и претставува реакција на интервју за јавноста на лидерот на ДУИ, Али Ахмети. Најочигледниот штетен наратив во оваа кратка објава е демонизација на личноста, во овој случај лидерот на ДУИ, Ахмети, преку употреба на негативни етикети и на зборови и формулации со коишто се навредува, омаловажува, исмева личноста - *„По вчерашното интервју на Али Ахмети каде се мачеше да покаже дека знае македонски јазик, сакаме да го соопштиме следното ....Што е следно, екипата околу Ахмети да станат комити? Наградното прашање е дали Ахмети ќе зборуваше македонски ако не се здружуваше албанската опозиција? Оваа политичка перверзија на ДУИ ќе биде казнета од Албанците."* Штетноста на вакви лични напади на релевантни политичари во јавноста е во тоа што постои ризик за поттикнување етнички и национални поделби, говор на омраза и насилство кај поединци или групи граѓани.

Дополнително, во оваа кратка објава може да се забележат и тврдења за корумпираност и злоупотреба на службената должност без обид за поткрепа на тие тврдења - „...Дали заштитата на нелегално стекнатиот имот на првенците на ДУИ им е помила од почетокот на ЕУ-преговорите?", со што без аргументација и докази се развива штетен наратив за поткопување на довербата во јавните институции управувани од министри од ДУИ, но и сите други избрани функционери на јавни позиции од оваа партија, кои се обвинуваат за корупција и нечесни политички намери. Со пласирање штетни наративи за демонизација на политичките опоненти и поткопување на довербата во институциите се прекршуваат начелата за транспарентна, етична комуникација базирана на докази.

Оваа објава не е забележана на комуникациските канали на другите две партии кои се потпишани дека стојат зад истата.

## Фејсбук-профил на Изет Меџити, лидер на Демократско движење

Во септември се забележани 12 објави со штетни наративи и на фејсбук-профилот на претседателот на партијата Демократско движење, Изет Меџити. Фејсбук-профилот на Меџити е исклучително активен, со неколку објави речиси секој ден, а многу од нив се на албански и на македонски јазик. Најчесто објавите се однесуваат на теми од актуелни политички настани во земјата, се известува за партиските активности на Меџити, неговата партија, Демократско движење, како и комуникацијата на коалицијата со БЕСА и Алтернатива. Често се објавуваат информации за средби со странски претставници преку кои се покажува етаблирањето на ДД, БЕСА и Алтернатива како релевантна политичка коалиција во државата. Забележаните штетни наративи најчесто се развиваат преку тврдења за корумпираност, нетранспарентност/неотчетност, непрофесионалност, злоупотреба на службената должност без обид за поткрепа на тие тврдења, непроверени наоди, користење негативни зборови, исмевање и грубо непочитување на политичките опоненти, како и употреба на формулации со коишто се оцрнуваат политичките противници. Главен актер кој најчесто се критикува во фејсбук-објавите со штетни наративи на Меџити е заменик-премиерот и член на ДУИ, Артан Груби, како и ДУИ која е „криминална власт". Поретко се забележува и комуникација за етнички базирани поделби (на Македонци и на Албанци).

Посебен акцент во штетните објави забележани кај Меџити е ставен на критика на тема за бизнисот со игри на среќа, при што директно го обвинува Артан Груби за корупција и инволвираност во тој бизнис. На 26 септември забележани се дури 3 објави со штетен наратив кои се однесуваат на оваа конкретна тема: објава на видео и текст од негова прес-конференција каде се вели: „Колку бракови,

колку семејства треба да се уништат, колку жени и деца треба да станат жртви на семејно насилство за ова лудило со казината да запре? Одлуката за казината е потпишана од Артан Груби, човекот кој стои зад секое казино во нашата земја!", објава со целиот текст/транскрипт од прес-конференцијата со фотографии од настанот, како и објава со фотографија на која е испишана порака со визуелна заднина на казино и трите логоа на албанскиот опозициски блок, и наслов: „Факт!"

Истиот наратив продолжува во фејсбук-објава од 28 септември, во која Меџити објавува видео преземено од ТВ 21 во кое се гледаат млади луѓе/деца кои играат игри на среќа на компјутер, со текст: „Кога велиме дека казината и игрите на среќа се влезени во нашите домови, во нашите училишта, во нашите верски објекти, дека директно ни ја загрозуваат младината, мислиме точно на ова! Овие снимки се последицата. Причината има име и презиме, Артан Груби, лицето коешто стои зад секое казино во нашата земја, а сега и зад онлајн-казината на интернет!" Со овој штетен наратив каде се зборува за негативни општествени феномени кои може да произлезат од злоупотребата на игрите на среќа за кои се обвинува заменик-премиерот и член на ДУИ, Артан Груби, како „човекот кој стои зад секое казино во земјата", без да се обезбедат докази за неговата директна инволвираност. Со ваков тип комуникација се врши демонизација на личноста на јавен функционер, но со обвинувањата кон Груби за корумпираност и непрофесионално работење во сопствени интереси, се алудира на злоупотреба на службената должност без да се обезбедат дополнителни факти или докази за тврдењата.

Понатаму, во објава од 22 септември, Меџити споделува соопштение (на албански и на македонски јазик) со графички приказ од фејсбук-страницата на Демократско движење, насловено: „Владините функционери ги покачија нивните плати на над 2.000 евра, за граѓаните само 2.000 денари покачување", при што се критикува генерално „актуелната власт" и конкретно министерот за економија, Крешник Бектеши, кои информирале за зголемување на минималната плата во земјава за 10 % или 2000 денари, додека, од друга страна, го споредуваат тоа со последното зголемување на платите на владините функционери за над 2000 евра. Дополнително, обвинувањата и тврдењата за корумпирана власт се забележани и на 6 септември во кратка фејсбук-објава по повод предложените измени на Кривичниот законик во која се констатира дека „...Едноставно ова што се случува е корумпирање на корумпираните за да се држи во живот една корумпирана власт." Исто така, на 8 септември, во подолга фејсбук-објава на истата тема за измената на Кривичниот законик се заклучува дека „Таканаречениот европски фронт многу повеќе личи на сицилијански фронт, којшто е длабоко инволвиран во казино-бизнисот и на брзите кредити кои претставуваат легализирање на лихварството."

### *1.2.1. Мониторинг на комуникацијата на членовите на Владата на РСМ преку официјалните фејсбук-страници – септември 2023*

Настрана од идентификуваните штетни наративи, во септември се нотирани злоупотреби на официјална фејсбук-страница за партиска пропаганда кај премиерот Димитар Ковачевски, заменик-премиерот Артан Груби, министерот за внатрешни работи Оливер Спасовски и министерката за животна средина и просторно планирање Каја Шукова.

На фејсбук-страницата на претседателот на Владата, Димитар Ковачевски, од вкупно 85 објави во септември, забележани се 5 објави со коишто се злоупотребува официјалниот профил на премиерот за партиска пропаганда. Најчесто објавите се однесуваат на партиски активности и состаноци. На пример, на 2 септември, во првата објава е објавено соопштение/извештај од состанок „Стратешка работилница", во која се вклучени секретаријатите на партиските комисии како составен дел од креирањето победничка кампања на СДСМ за изборите во 2024 година – „...Посветени сме сите остварливи предлози, идеи и проекти да ги преточиме во победничката изборна програма на СДСМ за мандатот 2024 - 2028 година на нова, проевропска влада...". Дополнително, две објави (од 4 и 30 септември) се однесуваат на посета на општините Центар и Дојран со кои управуваат градоначалници од СДСМ, кои се користат за промоција и на локалната и на централната власт од СДСМ; за илустрација – „На денешните средби со

граѓаните на Дојран, заедно со градоначалникот Анго Ангов имавме прилика да поразговараме со нив за повеќе прашања кои ги засегаат, меѓу кои и санацијата на колекторскиот систем и нова пречистителна станица. На мое задоволство, Владата заедно со локалната самоуправа предводена од #СДСМ го реши овој децениски проблем".

На фејсбук-страницата на министерот за внатрешни работи Спасовски, од вкупно 85 објави во септември, нотирани се 11 злоупотреби на официјалниот профил за партиска пропаганда. Многу од објавите се однесуваат на посета на министерот и увид во активностите на развојни проекти кои не се во надлежностите на министерството за внатрешни работи, како на пример објави од 1 септември за посета на центарот за стручно образование „Киро Бурназ" Куманово каде стои: „Горд сум што во мое Куманово воведовме европски стандарди во образовниот систем", како и посета на градежни зафати во СУГС „Владо Тасевски" Скопје, (1 септември), потоа присуство на свечено отворање на реконструиран пат Челопек - Коинце во општина Старо Нагоричане (3 септември). Забележани се и 5 објави со религиозна содржина, по повод верски празници, и тоа 3 објави на 21 септември и една на 22 септември за православниот празник „Мала Богородица", како и една објава на 24 септември по повод присуството на осветувањето на манастирот „Свето Преображение Господово" во Крушево. Дополнително, на 23 септември, во работно време, првата објава на фејсбук-страницата на министерот е партиска пропаганда со наслов „СДСМ е стожер на проевропскиот фронт", во која се вели: *„Еднаш и засекогаш мора да се одвојат прогресивните сили во државата виз-а-ви сите оние коишто ја влечат државата назад, оние ретроградни сили, оние сили коишто не - помагаат на државата да напредува"*, а на 8 Септември – Денот на независноста, забележана е партиска пропаганда од празничен партиски митинг во Кисела Вода со содржина: *„Нашето заедништво е двигател за многу успеси. Горди сме затоа што оствaривме многу и заеднички продолжуваме да работиме за напредокот на државата и на сите наши граѓани. Ние сме тука со и за граѓаните!"*

Кај министерката Каја Шукова од вкупно 26 објави во септември, нотирана е една објава за партиските активности - формирање на тимовите од ИЕ 5 и подготовка за следни активности со граѓаните: „Заедно со Бисера Костадиновска Стојчевска како координаторки на победничкиот тим во ИЕ 5 и со членовите поставивме пред себе нови задачи и теренски активности. СДСМ останува рамо до рамо со граѓаните. Заедно креираме политики и чекориме кон нови победи. Обединети со граѓаните, одиме кон подобра, европска и зелена иднина. #СДСМ." (Објава на фејсбук-профил на министерката Каја Шукова, 21 септември).

На фејсбук-страницата на заменик-претседателот на Владата и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Артан Груби, забележани се чести објави за партиска пропаганда, но и употреба на профилот за лични афинитети како објави за албанската фудбалска репрезентација, празнување на разни албански празници со фотографии од семејството и слично. Таква е, на пример, објавата од 26 септември од партискиот настан во Чаир со фоторафии на кои е присутен и лидерот на владејачката партија ДУИ, Али Ахмети, во која се вели: *„Денешното масовно учество докажува верност кон визионерските политики на Демократската унија за интеграција под раководство на лидерот Али Ахмети, готовност за продолжување на заедничкиот напредок во предизвиците пред нас, кои се клучни за развојот на нашата земја."*

Фејсбук-страницата на министерот за правда Кренар Лога е прилично активна, со по неколку објави дневно и, слично како и во септември, се користи и за партиска и за институционална комуникација. Покрај објави за некои актуелни настани поврзани со правосудството, многу често се забележуваат објави од неговата матична партија Алијанса за Албанците, како и од членови на партијата и претседателот Арбен Таравари. Министерот Лога често коментира дневнополитички случувања, особено негативно ги коментира опозициските партии ВМРО-ДПМНЕ и Левица, а поретко здружената албанска опозиција. Интересно е што во повеќе наврати може да се види како на страницата се објавуваат и статуси на турски јазик за настани и теми поврзани со Турција или со Турците. Често се забележуваат објави со партиска содржина, како на пример: објава од 22 септември во која се критикува ВМРО-ДПМНЕ за средбата со по-

ранешната министерка за внатрешни работи Гордана Јанкуловска; во објава од 25 септември преземена е партиска содржина од лидерот на АА, Арбен Таравари; во објава од 28 септември во која се критикува лидерот на Левица, Димитар Апасиев за темата на двојазични изводи и сл.

Со овие објави за партиска промоција и пропаганда на официјалните фејсбук-профили, премиерот и министрите директно ги прекршуваат начелата на професионалност и непристрасност во комуникацијата на владините претставници, но се прекршува и владиниот Етички кодекс за јавни службеници. Политичарите кои се избрани и именувани функционери, преку оваа непрофесионална практика не прават јасна дистинкција помеѓу работата на институциите со коишто раководат и со активностите во матичните политички партии, односно да нема злоупотреба на владините комуникациски канали за промоција на партиските цели.

## РЕЗИМЕ

Мониторингот и анализата на политичката јавна комуникација покажуваат дека во јавниот дискурс застапен на интернет-страниците и објавите на социјалните медиуми на политичките актери во Македонија, најчесто се користи реторика во која се изнесени наводи за корумпираност, нетранспарентност/неотчетност, непрофесионалност, злоупотреба на службената должност без обид за поткрепа на тие тврдења и непроверени наоди (или наоди што тешко можат да се проверат) и се користат како основа за обвинување на политички противници, за развивање штетни наративи на популизам, поткопување на довербата во институциите, пристрасно селектирање на податоци што доведува до погрешни заклучоци и поттикнување општествено-политички поделби во јавноста.

Со забележани слични трендови и на интернет и на Фејсбук овие штетни наративи најмногу се развиваат со употреба на непроверени наоди, тврдења за корумпираност, поретко со етикетирање и исмевање, формулации со кои се оцрнува одредена група и се прават поделби на „нас и вас", намерно непренесување на целосната слика за настанот за кој се говори, а ретко се забележуваат и обвинувања на странски ентитети за вмешување во домашната политика. Објавите со штетни наративи на интернет- и на фејсбук-страниците покажуваат слични трендови во комуникацијата, иако на Фејсбук се забележуваат повеќе штетни наративи.

Главна тема во штетните наративи за мониторираниот период во септември и октомври е внатрешната политика, со фокус на напади на политички опоненти, критика кон Владата и кон други институции од централната и од локалната власт. Конкретно, актуелни настани и процеси за кои најчесто се продуцираат штетни наративи се измените на Кривичниот законик, случајот со Клиниката за онкологија, македонско-бугарските односи визави предложените уставни измени и ЕУ-интеграциите, Законот за игри на среќа, Законот за амнестија, но често се говори и за состојбите во образованието, економијата и инфлацијата, корупцијата, особено во правосудството и следните избори во земјата.

Дополнително загрижувачки е трендот на користење официјални владини канали на комуникација за партиска пропаганда, односно објавување партиска содржина на фејсбук-профилите на премиерот и министри од Владата. Со овие објави за партиска промоција и пропаганда на официјалните фејсбук-профили, премиерот и министрите директно ги прекршуваат начелата на професионалност и непристрасност во комуникацијата на владините претставници, но се прекршува и владиниот Етички кодекс за јавни службеници.

Во Етичкиот кодекс за јавни службеници, донесен од Владата на РМ, постои обврска јавните службеници да ги извршуваат работните задачи на политички неутрален начин, да не го застапуваат своето политичко уверување во вршењето на работните задачи, ниту да вршат политички активности кои можат да влијаат на довербата на граѓаните во нивната способност да ги извршуваат работните задачи на непристрасен начин.

Политичарите кои се избрани и именувани функционери, покрај до своите партиски канали за комуникација, имаат пристап и до официјалните канали за комуникација на институциите со кои раководат. Во таа насока тие треба да ги користат владините комуникациски канали за информирање за владините политики, одлуки и мерки, со цел да се обезбеди јасна дистинкција помеѓу работата на институциите и на политичките партии, односно да нема злоупотреба на владините комуникациски канали за промоција на партиските цели.

Мониторираните содржини укажуваат на постоење ниска култура на изразување во јавниот дискурс од страна на политичките актери во македонското општество. Носителите на јавни функции, како и кандидатите за јавни функции потребно е да одржуваат високо ниво на изразување во нивните јавни настапи, да бидат одговорни, транспарентни, да не шират дезинформации, непроверени наоди, како и да се воздржат од популистички настапи затоа што на тој начин придонесуваат кон ширењето на штетните наративи во општеството, како и ускратување на правото на јавноста да биде точно, навремено и јасно информирана за значајните теми во едно општество и да има соодветна квалитетна јавна дебата за прашањата од јавен интерес.

# 2. Мониторинг на медиумското известување за политичките актери

Анализата на известувањето на онлајн-медиумите и телевизиските станици за политичките актери е вториот, паралелен процес во истражувањето „Мерење на политички штетни наративи". Тој е комплементарен со првиот мониторинг, односно следењето на јавната комуникација на политичките актери. Додека анализата на политичките партии и нивните лидери е фокусирана на утврдување на доминантните штетни наративи во контекст на почитување на стандардите за јавна комуникација, медиумскиот мониторинг треба да даде одговор како овој токсичен и поларизирачки јавен дискурс пенетрира во медиумската арена. При набљудувањето се анализира кои се најчестите „сејачи" на штетните наративи во информативните содржини, дали и како успеваат да се пробијат во ударните минути и насловници, кои теми се плодна почва за нивно ширење, но и најважно - каква е улогата на новинарите во овој процес: дали медиумите се придржуваат до професионалните и до етичките стандарди за точно, правично и непристрасно информирање или, пак, беспоговорно ја следат агендата што ја диктираат политичките актери.

Примерокот на медиумите ги опфаќа следните 11 онлајн-медиуми[8] и 9 телевизиски станици:

**Онлајн-медиуми:** Локално; Независен; Слободен печат; А1он.мк; МКД.мк; Република; Курир; Алмакос; Тетова сот; Нова ТВ; Вечер.мк. Критериумите за селекција на медиумите се: читаноста, уредувачката политика која упатува на различни политичко-општествени стојалишта (со примена на метод на намерен примерок), почитување на критериумите за членство на онлајн-порталите во Советот за етика во медиумите во Македонија[9] и во регистарот на професионални онлајн-медиуми Промедиа.мк,[10] пријава во Регистарот на радиодифузери, печатени медиуми и електронски медиуми за платено политичко рекламирање на парламентарните избори 2020 година.[11]

**Телевизии:** јавни и приватни ТВ-станици на национално ниво со најголема гледаност, вкупно девет: МТВ 1 (јавна); МТВ 2 (јавна, на албански јазик); Алфа ТВ (приватна); Канал 5 (приватна); Сител ТВ (приватна); ТВ 24 (приватна); Телма (приватна); Алсат М (приватна, на албански јазик); ТВ 21 (приватна, на албански јазик).

Предмет на анализа се сите новинарски содржини (вести) со различни жанровски особености објавени на онлајн-медиумите и прилози емитувани во централните вести, во коишто се појавуваат или се споменуваат следните политички актери:

---

8 Под „онлајн-медиуми" се подразбираат сите електронски публикации кои имаат посебни веб-страници и кои редовно објавуваат новинарски уредени актуелно-информативни содржини наменети за општата јавност.

9 Правила за онлајн-медиуми за членство во СЕММ, достапни на https://semm.mk/chlenstvo/pravila-za-chlenstvo

10 Регистар на професионални онлајн-медиуми Промедиа.мк, достапен на: https://promedia.mk/index.php?lang=mk

11 Сите мониторирани онлајн-медиуми и телевизиски станици се пријавиле и зеле надомест за платено политичко рекламирање на последните парламентарни избори во 2020 год., освен МТВ 1 и МТВ 2, коишто се јавен сервис. Регистарот на пријавени медиуми, објавен од Државната изборна комисија, е достапен тука: https://drive.google.com/file/d/1Y8-CqI64H4-2HES2bhnpzYlHQ0yPURFP/view

- политички партии кои имаат двајца или повеќе пратеници во актуелниот парламентарен состав 2020 - 2024;
- лидери на политички партии кои имаат двајца или повеќе пратеници во актуелниот парламентарен состав;
- премиерот на Владата на РСМ;
- замениците на претседателот на Владата на РСМ и министрите во Владата на РСМ, во случаите кога зборуваат или се споменати во улога на претставници на политичката партија.

Не се мониторираат коалициите како посебен политички актер, освен ако во медиумската содржина не се споменуваат некои од наведените актери. Не се анализираат веб-страниците на телевизиските станици.

Единица на анализа е една поединечна објава или еден поединечен прилог.

Мониторингот се спроведуваше во вкупно 16 дена во текот на октомври и септември, распоредени во интервал од четири дена. Денови за медиумски мониторинг беа следните денови во октомври: 3, 7, 11, 15, 19, 23, 27 и 31, и следните денови во септември: 1, 5, 9, 13, 17, 21, 25, 29.

## 2.1. Извештај за мониторингот на известувањето на онлајн-медиумите за политичките актери

### Октомври 2023 година

Во осумте денови во октомври кога се анализирани објавените содржини на онлајн-медиумите се идентификувани вкупно 154 прилози кои содржат штетни наративи. Тие жанровски доминантно се „пренесен говор на политичар" на митинг или друг вид собир (68 прилози) и „пренесено соопштение"[12], односно официјален став на одреден орган (политичка партија, парламент, влада, министерства) за актуелен настан (33 прилози), и заедно (101 прилози) сочинуваат 65,6 % од сите анализирани прилози. Од нив, најголемиот број имаат само еден извор (130 или 84,4 %), односно надвладува едностраното информирање, дури и кога медиумот консултирал два или повеќе (129 прилози или 86,0 %). На тоа се надоврзува и поводот за објавување на прилогот, а примарно тоа се псевдонастаните, односно настани кои се креирани за да привлечат медиумско внимание. Најчесто тоа се партиски конференции за печат, изјави на политички актери и сл. (87 објави или 57,2 %), а далеку помалку актуелни настани (28 или 18,4 %) или општествени актуелни теми за коишто се потребни повеќе време, ресурси и посветен новинарски ангажман (23 или 15,1 %). Неспорно доминантното присуство на политичките актери укажува на лесно достапниот медиумски простор што тие го уживаат и којшто може да биде (зло)употребен за дискредитација на политичките противници.

Најголемиот број од овие објави не се потпишани, дури 139 прилози (90,3 %). Тематски, во фокусот е внатрешната политика (93 прилози или 60,4 %), а далеку зад неа економијата (22 прилози или 14,3 %) и корупцијата (13 прилози или 8,4 %). Мал е бројот, покрај главната, да има и споредна тема, но и таа е во рамките на внатрешната политика, а најчесто се однесува на евроинтеграцијата на земјата, уставните измени, претстојните избори, обвинувањата за корупција во власта, здравството, судството, обвинителството.

12 Жанрот „пренесено соопштение" или „пренесен говор на политичар" вообичаено не припаѓа во традиционалните жанровските поделби според различни критериуми, како што се: должина на новинарски текст, времетраење на видеоматеријал, тема, област, стил, начин на подготовка, вид на медиум и сл. Со оглед дека со мониторингот се опфатени онлајн-медиумите, а кај коишто се забележува тенденција за хиперпродукција на новинарски и квазиновинарси форми, со методолошкиот пристап се бележат и овој вид објави.

## Фреквентност на штетните наративи во онлајн-медиумите

Гледано поединечно по онлајн-медиум, најмногу прилози со штетни наративи се идентификувани во порталот Република, дури 1/3 (53 прилози или 34,4 %) од сите утврдени 154 вакви прилози, и со речиси иста застапеност во целиот мониториран период. Втор по зачестеност на штетните наративи е Вечер.МК, а најмал е нивниот број во Нова ТВ, Алмакос и Курир [13].

**Табела 6: Прилози со штетни наративи во онлајн-медиумите во октомври**




Жанровски, штетните наративи се среќаваат во неколку форми. Најнапред ударно како говор на политичар кај Република, Вечер, Независен, А1он и Слободен печат, потоа во пренесени партиски соопштенија, најмногу кај Република и Вечер, па во извештаи кај Тетова Сот, Алмакос и МКД.мк, помалку во вести, кај Локално, а спорадично во аналитичко/репортерски прилози, анализи/коментари, коментари и интервјуа во Вечер, Нова ТВ, Слободен печат, Независен.

13 Податоците за онлајн-медиумот Курир не се целосни поради недостапноста на мониторираните содржини во текот на октомври 2023. Присуство на штетни наративи е утврдено во првата фаза од следењето и тоа во сите денови на мониторингот. Такви се на пример објавите на: 3 октомври 2023, објава со наслов: „Мицкоски: Ако Спасовски не се согласува со Законот за амнестија, тогаш нека ја напушти Владата веднаш", 07 октомври 2023 „Мицкоски: Пензионерите се на улица, бараат достоинство и промени. По смена на власта ќе ги зголемиме пензиите"; 11 октомври 2023 г. ВМРО-ДПМНЕ: Заради неспособниот Ковачевски, инфлацијата во Македонија е за 50% поголема од таа во еврозоната; 15 октомври 2023 г. Мицкоски: Првиот чекор што ќе го направи ВМРО-ДПМНЕ е да се вратат парите кај граѓаните, оваа Влада единствено има политички криминалци; 19 октомври 2023 г. Мицкоски: Од лавовите на Шарената револуција не останаа ниту мали мачиња, барем да бекнеа за тоа што се случува; 23 октомври 2023 г. Мицкоски: Скапа е цената која Македонците ја платија за својата слобода; 27 октомври 2023 г. ВМРО-ДПМНЕ: Дали ДУИ мести тендер од 4-5 милиони евра за партиска градежна фирма; 31 октомври 2023 г. Стојановски: Ставот за уставните измени е јасен – суштината на македонските политичари е да ги застапуваат националните интереси за коишто се платени од народни пари. (Последен пристап до објавите во октомври: 20 декември 2023 година)

**Табела 7: Прилози со штетни наративи според жанровска сруктура**




| | Тетова Сот | Вечер | Република | А1он | МКД.мк | Независен | Слободен печат | Локално | Нова ТВ | Алмакос | Курир |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупен број на прилози | 12 | 26 | 53 | 13 | 13 | 10 | 9 | 7 | 5 | 4 | 2 |
| Извештај | 5 | 1 | 13 | 2 | 6 | | 2 | | 1 | | |
| Вест | 1 | 1 | 5 | 1 | 1 | 1 | 1 | 5 | 1 | | |
| Пренесено соопштение | 1 | 8 | 13 | 1 | 5 | 1 | 2 | 1 | 1 | | |
| Пренесен говор на политичар | 5 | 16 | 22 | 9 | 1 | 8 | 4 | 1 | 2 | 4 | 2 |

Тематски, штетните наративи доминираат во областа на внатрешната политика во сите онлајн-портали, а најмногу во Република која се издвојува и по вкупниот број прилози со штетни наративи. Но, и кај порталите со далеку помал број вакви прилози, внатрешната политика го има приматот, како што е случајот со Тетова Сот, Нова ТВ, Независен, Слободен печат, МКД.мк, па дури и се јавува како единствена кај Независен и Алмакос. Може да се спомнат и Република и Вечер МК каде штетни наративи „провејуваат" и во областа на економијата, корупцијата и правосудството.

Во однос на стилот и техниките за новинарско пишување, анализата покажа дека онлајн-порталите практикуваат речиси идентичен образец во создавањето на насловите. Со оглед дека доминираат вести кои еднострано пренесуваат говор на политички актер, насловот (или наднасловот) се состои од именување на актерот (најчесто презимето или името на партијата), па потоа дел од неговата/нејзината/нивната изјава, став за конкретно прашање. На пример:

- ВМРО-ДПМНЕ: Инфлацијата го јаде лебот на граѓаните, а во исто време функционерите на ДУИ и СДСМ се товат со бифтеци по ефтини цени во владиното бифе (Вечер.мк, 19 октомври 2023)
- ВМРО-ДПМНЕ: Заради неспособниот Ковачевски Македонија има 50 % повисока инфлација од еврозоната (Република, 15 октомври 2023)
- СДСМ: Македонската борба е за интеграција во ЕУ, а не за изолација (МКД.мк, 23 октомври 2023)
- Ковачевски: „Малиот" и „Големиот" Груевски немаат идеолошка разлика (Слободен печат, 03 октомври 2023)
- Ковачевски: Албанскиот опозициски блок да размисли дали сака да биде дел од анти-ЕУ коалицијата со ВМРО-ДПМНЕ (Локално, 03 октомври 2023)
- Мицкоски: Им фалат пари во буџетот затоа зголемуваат данок на основни производи (А1он.мк, 07 октомври 2023)
- Билал Касами: Османи ја злоупотребува ОБСЕ за да влијае врз набљудувачите на изборите (Тетова Сот, 27 октомври 2023)

## Политичките актери во анализираните прилози

Политичките актери различно се застапени во прилозите со штетни наративи, но доминираат оние со два (во 46 прилози или 29,9 %), три (36 или 23,4 %), па дури четири (23 или 14,9 %) актери. Од сите споменати актери, примат имаат Христијан Мицкоски и Димитар Ковачевски, а од политичките партии ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ. Но, во прилозите најчесто е споменуван Христијан Мицкоски и неговата партија ВМРО-ДПМНЕ. Тој вообичаено е именуван како „претседателот на ВМРО-ДПМНЕ" или како „лидерот на ВМРО-ДПМНЕ", а поретко како „лидерот на опозицијата". Наспроти тоа, Димитар Ковачевски како „премиерот Ковачевски", а инцидентно по име, но и со квалификативите „Премиерот Ковачевски/Таче" и „неспособниот Ковачевски". ВМРО-ДПМНЕ вообичаено се именува со целосното име, а инцидентно како „лажните патриоти од ДПМНЕ", додека СДСМ со полното име, но неретко медиумите ја преземаат партиската комуникација кога оваа партија е именувана како „СДС". Покрај двете најголеми политички партии, неретко како субјекти се јавуваат и нивните портпароли, пратеници во Парламентот, потпретседатели, а особено од редовите на ВМРО-ДПМНЕ.

Нивното претставување е различно: тие се цитирани, парафразирани и за нив се зборува во прилозите во контекст на темата. Конкретно, порталот Република со најголем број штетни наративи, актерите најчесто ги цитира и зборува за нив. Вечер МК, Тетова Сот, Нова ТВ, Локално, А1он, Курир ги цитираат и парафразираат актерите. МКД.мк и Слободен печат речиси подеднакво ги користат сите три форми на претставување, додека Независен и Алмакос се служат со цититирање и зборување за актерите во контекст на темата. Притоа, фактот што најголемиот број прилози (139 или 90,3 % од сите анализирани) не се потпишани (односно се без автор), во малиот број прилози со назначен новинар, се среќава и (1) позитивен однос кон актерот, (2) негативен (најмногу во Вечер мк), (3) амбивалентен (во сите прилози на Алмакос) и (4) неутрален однос кон актерот (најмногу во Слободен печат).

## (Не)пристрасно информирање

Едностраното известување е карактеристика на сите онлајн-портали. Од вкупно 154 анализирани прилози, во 129 доминира само една страна во известувањето. Многу ретко, дури и инцидентно се среќаваат две или повеќе страни. Исто така, тие доминантно се потпираат и на еден извор на информации, особено карактеристично за Република и Вечер. Отсуството на каков било извор единствено, иако ретко, се појавува во порталот Република и спорадично во Нова ТВ.

**Табела 8: Број на извори според онлајн-медиуми**




| | Тетова Сот | Алмакос | Вечер МК | Курир | Република | Нова ТВ | Локално | Независен | Слободен печат | А1он | МКД.мк |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Нема извор | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Три и повеќе | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 2 | 2 |
| Два | 2 | 0 | 0 | 1 | 2 | 0 | 1 | 0 | 2 | 2 | 1 |
| Еден | 9 | 3 | 25 | 1 | 48 | 4 | 6 | 10 | 5 | 9 | 10 |
| Вкупно | 12 | 4 | 26 | 2 | 53 | 5 | 7 | 10 | 9 | 13 | 13 |

Притоа, треба да се нагласи дека онлајн-порталите, без оглед на бројот на извори во прилозите со штетни наративи, најчесто имаат прецизни извори на информации. Прецизноста се должи на фактот што најчести извори се самите политички актери чии ставови се пренесуваат. Најмногу ги имаат Република и Вечер МК, што е разбирливо со оглед на најголемиот број вакви прилози. Треба да се нотираат и Тетова Сот, Алмакос, Нова ТВ, Локално, Независен, А1он и МКД.мк каде речиси сите анализирани прилози се со прецизни извори.

Медиумските објави најчесто се куси, квазивести во коишто се пренесуваат ставови на политичките актери. Неретко, од еден настап или јавна комуникација на политички актер се продуцираат дури и по неколку вести. Таков е, на пример, случајот кога се објавени две „вести" од една целосно преземена објава на Фејсбук на комисијата за здравство во ВМРО-ДПМНЕ. (1) „КОМИСИЈА ЗА ЗДРАВСТВО НА ВМРО-ДПМНЕ: СДС И ДУИ Градската општа болница „8 Септември" ја направија партиско дувло?" и (2) „КОМИСИЈА ЗА ЗДРАВСТВО НА ВМРО-ДПМНЕ: Ќерката на Мира Дизел ВРАБОТЕНА во ГОБ „8 Септември", (Вечер.мк, 31 октомври). Изјавите се пренесуваат некритички, без докази за верификација на пренесеното.

Анализираните прилози визуелно се поткрепени, а најчесто со архивска и актуелна фотографија, дури и кај оние содржински најкратките. Најмногу ги има во Република и во Вечер. Кај другите онлајн-портали, особено Тетова Сот, А1он, МКД.мк доминираат актуелните фотографии, а кај Слободен печат и Независен подеднакво се застапени и архивските и актуелните фотографии. Многу мал, дури занемарлив, е бројот на други видови визуелизација, како на пример видеоизјави, графикони и слично.

## Доминантни штетни политички наративи

Во анализата, како најприсутни, се издвојуваат неколку индикатори кои укажуваат на присуство на повеќе штетни наративи (https://respublica.edu.mk/istrazhuvanje-shtetna/shtetni-narativi-i-indikatori/). Тоа значи дека онлајн-медиумите кога ги пренесуваат политичките актери, нивните изјави најчесто содржат: (1) тврдења за корумпираност, нетранспарентност/неотчетност, непрофесионалност, злоупотреба на службената должност без обид за поткрепа на тие тврдења (69 случаи), (2) употреба на зборови или реченици директно или индиректно кои промовираат сопствени идеологии и активности како нешто што е во корист на народот, за разлика од активностите и идеологиите на политичките противници (53 случаи), (3) непроверени наоди (или наоди што тешко можат да се проверат) како основа за обвинување на политички противници (50 случаи) и (4) етикетирање, исмевање и грубо непочитување на други лица (медиумски работници, граѓански активисти, политички противници, носители на јавни функции...) употреба на негативни зборови (46 случаи).

Тие промовираат бројни штетни наративи. Најзастапени во прилозите се поткопувањето на довербата, пристрасното селектирање, нападите на одредена личност и нејзино демонизирање, популизмот и дезинформациите.

**Табела 9: Застапеност на штетни наративи во прилозите на онлајн медиумите во октомври 2023**




| | Тетова Сот | Алма кос | Вечер МК | Курир | Република | Нова ТВ | Локално | Независен | Слободен Печат | А1Он | МКД.мк |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Дезинформации | | 2 | 16 | | 24 | | 1 | 2 | | 5 | |
| Поттикнување поделби | | | 11 | 1 | 4 | 4 | | 4 | | 1 | 1 |
| Поткопување на довербата | 7 | 1 | 36 | 1 | 44 | 3 | | 5 | 5 | 9 | 7 |
| Популизам | | 2 | 13 | 2 | 20 | | 4 | 3 | 1 | 2 | 5 |
| Пристрасно селектирање | | 1 | 41 | 1 | 1 | 2 | 4 | 1 | 2 | 4 | |
| Напади на личност, демонизација | 4 | | 6 | 1 | 22 | 3 | 1 | 5 | 3 | 2 | 6 |
| Злонамерни информации | | | 1 | | | | | | 1 | | 1 |
| Странско влијание | 2 | | 2 | | 1 | | | | | 2 | |
| Ширење паника, страв | 1 | | 2 | | 3 | 3 | | 1 | | 2 | |
| Екстремен патриотизам, национализам | | | 4 | | 3 | | | | | 1 | |
| Вкупно прилози | 12 | 4 | 26 | 2 | 53 | 5 | 7 | 10 | 9 | 13 | 13 |

Република и Вечер.МК имаат најмногу прилози со штетни наративи, чиишто индикатори укажуваат дека доминираат изјавите со кои се поткопува довербата во институциите и популизмот. Поединечно, во Република се нападите на одредена личност и нејзино демонизирање, а во Вечер.МК - пристрасното селектирање. Кај Тетова Сот, Слободен печат, А1 и МКД.мк тоа најчесто е поткопување на довербата, додека во Локално, одвреме-навреме популизмот и пристрасното селектирање, а во Слободен печат поткопување на довербата.

## Портал Република

Онлајн-медиумот Република е на врвот на листата на мониторирани медиуми кои пренесуваат штетни наративи пропагирани од политичките актери. Најголем дел од нив „извираат" од ВМРО-ДПМНЕ, најчесто преку пренесен говор на политичар (од 22 објави, 15 се од Христијан Мицкоски, 5 се од партиските портпароли, потпретседатели или пратеници од ВМРО-ДПМНЕ и 3 објави се од премиерот Димитар Ковачевски), пренесено соопштение (од 13 соопштенија за јавност, 9 се од партијата ВМРО-ДПМНЕ, две се од СДСМ, во една објава се пренесени соопштенијата на ВМРО-ДПМНЕ и на СДСМ и едно е од Демократското движење).

| | Вкупен број прилози | Пренесен говор на политичар | Пренесено соопштение | Вест | Друго |
|---|---|---|---|---|---|
| Република | 53 | 22 | 13 | 5 | 13 |

Во категоријата „друго“ се сместени: еден прилог – изјава дадена за друг медиум, пет интервјуа за друг медиум, едно интервју преземено од друг медиум, три прилози од пренесен Фејсбук-статус и три прилози од прес-конференција на портпаролот на ВМРО-ДПМНЕ.

Во најголемиот број од прилозите во Република доминираат тврдења за корумпираност, нетранспарентност, непрофесионалност, злоупотреба на службената должност, кои се користат за поткопување на довербата во институциите. На пример, медиумот без каква било професионална дистанца и проверка на изнесените наводи, пренесува обвинување од недоволно прецизни извори од ВМРО-ДМПНЕ за злоупотреба на службената позиција и сексуално малтретирање на офицерки и воени лица од страна на високи офицери во АРМ („И ова се забошотува? Петровска го сокрила секс-скандалот во АРМ од врховниот командант Пендаровски“, 27 октомври).

Во прилогот под наслов „Градоначалниците од ВМРО-ДПМНЕ имаат три пати поголем рејтинг од владата и тоа СДСМ ги прави нервозни“ се изнесува *„СДСМ се очајни. Гледаат дека нивниот рејтинг тоне поради неспособноста, криминалот и корупцијата на Владата во која партиципираат и затоа манипулираат и обвинуваат други.“* (31.10.2023). Обраќање на Мицкоски на кампањата на ВМРО-ДПМНЕ во Штип „Важно е! Од тебе зависат промените,“ зборувајќи за економската ситуација во државата, Владата/нејзините членови ги оквалификува како „политички криминалци“. Во објавата насловена „Мицкоски: Првиот чекор којшто ќе го направи ВМРО-ДПМНЕ е да се вратат парите кај граѓаните, оваа Влада единствено има политички криминалци“, тој изнесува: *„...Парите се тука, проблемот е што се трошат и крадат. Тоа е најголемиот проблем што имаме во Владата политички криминалци коишто ги крадат парите. Инаку тука се парите, само што наместо кај народот, завршуваат во џебовите кај овие политички криминалци“* (15.10.2023). Тука штетниот наратив дополнително се засилува со насловот на текстот.

Голема е бројката на прилози во коишто е забележано етикетирање, исмевање и грубо непочитување на други лица, кои се користат за напади на личност/и. Таков е примерот со објавата која е впрочем пренесено партиско соопштение со наслов „Заради неспособниот Ковачевски Македонија има 50 % повисока инфлација од Еврозоната“, е проследена со текстот со идентична содржина *„Заради неспособниот Ковачевски Македонија има 50 % повисока инфлација од Еврозоната“* (15.10.2023). Тука дискредитацијата на политичкиот противник опишан како „неспособен“ дополнително се засилува со насловот. Сличен е примерот со споредбата изнесена од Х. Мицкоски за т.н. трио Ковачевски - Пендаровски - Османи: „Честопати велам кога би бил Тодор Живков жив, би бил многу горд на овие тројца и би ги нарекол, сигурен сум, како благонадежни Б’лгари“, рече Мицкоски“ (3 октомври).

## Портал Вечер МК

Кај Вечер.мк посебно се издвојуваат објави во кои политичарите користеле етикетирање, пристрасно селектирање, поткопување на довербата и  дезинформирање. На пример:

- Обраќање на Мицкоски на кампањата на ВМРО-ДПМНЕ во Зелениково „Важно е! Од тебе зависат промените,“ каде Владата на ДУИ и СДСМ ја оквалификува како „политички криминалци“ изнесувајќи непроверени наоди. Насловот на прилогот е „Мицковски: Владата на ДУИ и СДСМ за 6 години го зголеми долгот за речиси 2,5 милијарди евра, за да имаат повеќе пари за наместени тендери“, а текстот со иста (дополнета) содржина *„Владата на ДУИ и СДСМ за 6 години го зголеми долгот*

*за речиси 2,5 милијарди евра, за да имаат повеќе пари за наместени тендери, тендери кои потоа ги договараат во 4 очи или со други зборови кажано постои основано сомневање за историски политички грабеж од страна на политички криминалци кои 6 години ја водат Владата".* (19.10.2023). Со присуството на штетниот наратив и во насловот и во текстот тој дополнително се засилува. Притоа, истиот прилог, со истиот наслов и содржина и на истиот ден е присутен и во Република.

Како пример за етикетирање (негативни зборови) и непочитување на други (политички противници), односно напад на личност/и е следното партиско соопштени е на ВМРО-ДПМНЕ во кое премиерот Ковачевски се етикетира како „неспособен". Прилогот под наслов „Заради Ковачевски Македонија е на дното во регионот и Европа по економски развој", со текст *„Заради неспособниот Ковачевски Македонија има 50 % повисока инфлација од Еврозоната. Македонија е на дното во регионот и Европа гледано од перспектива на економскиот развој, заради Ковачевски поголем економски раст имаат и Косово и Албанија, и Црна Гора."* (15.10.2023). Всушност, станува збор за исто соопштение од ВМРО-ДПМЕ пренесено истиот ден и од порталот Република, но со делумно видоизменет наслов на текстот. Но, и тука штетниот наратив се засилува со насловот.

## Другите портали

Другите анализирани портали имаат далеку помал број прилози со штетни наративи. Издвоени се неколку „карактеристични" примери:

Во порталот **НоваТВ.мк** нотирани се вкупно 5 прилози со штетни наративи. Сепак, анализата на вестите покажа дека кај овој медиум релативно ниското присуство на штетни наративи се должи на изборот на содржини во кои се фаворизираат или некритички се пренесуваат владините политики. Во анализираните денови нотирани се дури 40 вакви текстови во кои се информира за дневни активности на Владата или министрите. Во петте објави со штетни наративи доминираат поттикнувањето на поделби и напад на личност/и. Така, во прилогот „СДСМ: ДКСК ја потопи лагата на ДПМНЕ и потврди дека нема конфликт на интерес кај Ковачевски", кој всушност е пренесено соопштение на СДСМ, политичкиот опонент се оквалификува како некој кој шири „лажни вести, шпекулации и фабрикувани дезинформации". Во текстот се вели: *„Уште една фабрикувана лага на ДПМНЕ за претседателот на СДСМ Димитар Ковачевски падна во вода... Со денови ДПМНЕ водеше хајка со лаги, со манипулации. Сите лажни видеа, анимации, изјави, прес-конференции од белиот дворец се потврди дека се голема лага, ништо повеќе. Ништо не се менува во ДПМНЕ предводена од Мицкоски."* (15.10.2023). За споредба, истата информација, со истата содржина и на ист ден е објавена во **А1он.мк** и **Локално**. Сменети се само насловите. Кај А1он.мк гласи: „Каевски: Мицкоски и ДПМНЕ да се извинат откако ДКСК ги потопи нивните лаги за Ковачевски", а кај Локално „Уште една фабрикувана лага на ДПМНЕ за Ковачевски падна во вода, велат од Бихаќка".

Во порталот **МКД.мк** - најчесто штетните наративи се однесуваат на поткопување на довербата во институциите. Таков е прилогот „Градоначалниците од ВМРО-ДПМНЕ имаат трипати поголем рејтинг од владата и тоа СДС ги прави нервозни" односно соопштението на ВМРО-ДПМНЕ во кое Владата и СДСМ се оценети како „неспособни, коруптивни, манипулатори". Во текстот се вели: *„СДСМ се очајни. Гледаат дека нивниот рејтинг тоне поради неспособност, криминал и корупција на владата во која партиципираат и затоа манипулираат и обвинуваат други."* (31.10.2023). Истиот прилог, со ист наслов и содржина и датум е објавен во **Република**. Или прилогот *„Мицковски: Владата на ДУИ и СДСМ за 6 години го зголеми долгот за речиси 2,5 милијарди евра, за да имаат повеќе пари за наместени тендери"* каде Владата на ДУИ и СДСМ се оквалификувани како „политички криминалци" (19.10.2023). Овој прилог со ист наслов, содржина и датум е објавен во порталот **Вечер.мк** и **Република**. Третиот прилог „Мицкоски: Состојбата е алармантна, изборите помеѓу двата верски празници идната пролет", е трибината по повод 23 Октомври, Денот на македонската револуционерна борба (ВМРО) со пораки на Христијан Мицкоски, односно промоција на партијата во корист на народот, наспроти противниците, мала елитна група луѓе која не ја одразува волјата на народот. На пример, неговите пораки *„...масовно да се*

*поддржи единствената сила способна и подготвена за промени ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата што ќе ја предводи ВМРО-ДПМНЕ... „народот е посилен од секоја тесна клика и елита која си игра со судбината и ја одзема иднината“*. (23.10.20230).

Во порталот **Независен** штетен наратив со „алегорично“ етикетирање и напади на личноста на политичкиот опонент се забележува во изјавата на премиерот Ковачевски во прилогот „Ковачевски: „'Малиот' и 'Големиот' Груевски немаат идеолошки разлики“. Неговите зборови се цитирани *„Мицкоски и Груевски немаат различни политички ставови во однос на изолацијата на државата, на неносење на одлуки, во однос на неинтегрирање во ЕУ... Погледнете го ставот на сегашниот претседател на ВМРО-ДПМНЕ, тој е против интеграцијата на државата во ЕУ и цело време наоѓа изговори, нема став, не покажува одлучност и најверојатно на нив им се отвора таа дебата во однос на тоа кој е малиот, а кој големиот Груевски во ВМРО-ДПМНЕ, без разлика на тоа што по висина сегашниот претседател е неколку десетици сантиметри повисок, меѓутоа мислам дека во идеологијата големиот Груевски е оној што е понизок по раст.“* (3.10.2023). Притоа, истиот текст, во истиот и следниот ден, со ист или сличен наслов, ќе се најде и во други портали и телевизии, а од анализираните во **Слободен печат** (со наслов „Ковачевски: 'Малиот' и 'Големиот' Груевски немаат идеолошки разлики“), **Локално** („Ковачевски: Во ДПМНЕ има еден мал Груевски и еден голем Груевски“), **МКД.мк** (со наслов „Телевизиско интервју, Ковачевски не преговара со Груевски, не му чува фотелја на Заев, а добива совети од Шеќеринска“), а во суштина се работи за интервју на премиерот Ковачевски на ТВ Сител. Дали поради насловот, дали поради содржината, дали поради главниот актер, прилогот со штетен наратив практично се мултиплицира во медиумскиот простор.

### Септември 2023 година

Во текот на септември (осум дена) се детектирани висок број прилози со штетни наративи. Во онлајн-медиумите се идентификувани вкупно 209 прилози кои содржат штетни наративи. Тие жанровски најчесто се прилози од „пренесен говор на политичар“ (75) и „пренесено соопштение“ (70). Тематски, најзастапена е внатрешната политика (117 прилози), а далеку помалку, на пример, здравството (36 прилози) и економијата (18 прилози).

Нивната фреквентност по одделни онлајн-медиуми е различна, а прилози со штетни наративи доминираат во порталот Република (59 прилози или 28,23 %). Потоа следат А1Он.мк со 22 прилози, Локално и Слободен печат со по 20 прилози, Курир со 19 прилози, Вечер МК со 17 прилози. Конкретно, сликата е следна:

**Табела 10: Прилози со штетни наративи во онлајн-медиумите во септември**



Гледано жанровски, најзастапени форми се „пренесен говор на политичар" и „пренесено соопштение", кратки прилози со елементи на вест, но специфични содржински. Тие доминираат во Република (19/29 од вкупно 59 прилози), но и во А1он (7/12 од вкупно 22 прилози), Вечер (7/7 од вкупно 17 прилози), Курир (6/11 од вкупно 19 прилози), Независен (10/1 од вкупно 16 прилози). Најмногу вести/вести со изјави се присутни во Локално (во 17 од вкупно 20 анализирани прилози), помал број извештаи, кај Алмакос, Слободен печат, а инцидентно коментари, анализи/коментари и репортажи.

Според темата која се „обработува" во анализираните прилози сите онлајн-портали најмногу известуваа за прашања/проблеми поврзани за внатрешната политика. Најмногу Република и тоа во 30 прилози (од вкупно 59 анализирани), а потоа следи Локално во 16 прилози (од вкупно 20). Кај останатите онлајн-медиуми, речиси подеднакво во фокусот, освен внатрешната политика, е и здравството. Таков е примерот на Курир каде од вкупно 19 прилози со штетни наративи, 9 се однесуваат на внатрешната политика, а 7 на здравството. Или, А1он каде покрај 16 прилози од внатрешната политика има и 6 од здравството. Пристапот во известувањето за темата, односно најавата на темата, речиси без исклучок се „пресликува" од медиум до медиум. Односно, во насловите на прилозите најнапред е главниот актер, индивидуален (на пример Мицкоски, Османи, Ковачевски...) или колективен (на пример ВМРО-ДПМНЕ, ДУИ, СДСМ, Левица...) па потоа дел од неговата/нивна изјава, став. Неколку примери:

- **Мицкоски: Згрозен сум од неморалниот чин на Маричиќ, устата полна им е со Европа, а немаше ни извинување** (Република, 29.9.2023)
- **Ковачевски: На уставните измени гледаме како на гласање за продолжување на европската интеграција** (Република, 15.9.2023)
- **ЦК на ВМРО-ДПМНЕ: Силна кохезија на нашите пратеници за неприфаќање уставни измени под бугарски диктат** (Независен, 21.9.2023)
- **ВМРО-ДПМНЕ: Намалувањето на казните е потврда дека власта е криминална и се плаши од одговорност и затвор** (Република, 9.9.2023)
- **Ахмети: Нацистичка кампања против ДУИ и фирмите на моите роднини** (МКД.мк, 17.9.2023)
- **Мицкоски: За скандалот со Онкологија треба да има и кривична, но и политичка одговорност затоа што не се постапувало најмалку 6 месеци и се дозволило да се губат човечки животи** (А1он, 1.9.2023)
- **Гаши: Власта во Будимпешта договори амнестија за Груевски во замена за гласови за уставните измени** (МКд.мк, 13.9.2023)
- **Мицкоски: Им верувам на Вашингтон и Брисел, но не и на Софија којашто е проруска!** (Алмакос, 29.9.2023)
- **БЕСА, АА и ДД: Али Ахмети и Артан Груби ја приватизираа изградбата на коридорите 8 и 10** (Тетова Сот, 13.9.2023)

Анализата на прилозите идентификува доминација на (1) тврдења за корумпираност, нетранспарентност/неотчетност, непрофесионалност, злоупотреба на службената должност без обид за поткрепа на тие тврдења (104 случаи/објави) и (2) непроверени наоди (или наоди што тешко можат да се проверат) како основа за обвинување на политички противници (106 случаи/објави). Потоа следат прилозите во коишто политичарите употребиле популистички наратив за директно или индиректно промовирање на сопствени идеологии и активности како нешто што е во корист на народот (47 случаи/објави), како и етикетирање, исмевање и грубо непочитување на други лица (медиумски работници, граѓански активисти, политички противници, носители на јавни функции...), или пак употребиле негативни зборови (38 случаи/објави). Тие произведуваат, пред сè, поткопување на довербата во институциите и пристрасно селектирање, но и напади на личноста, нејзино демонизирање, како и популизам, екстремен патриотизам/национализам.

**Порталот Република** има најголем број прилози со штетни наративи, а тие најчесто се однесуваат на тврдења за корумпираност, непрофесионалност, злоупотреба на службената должност (36 прилози) и непроверени наоди како основа за обвинувања на политичките противници (30 прилози).  Неколку примери:

- Прилог под наслов: „ВМРО-ДПМНЕ: Намалувањето на казните е потврда дека власта е криминална и се плаши од одговорност и затвор", а се однесува на донесувањето на Кривичниот закон. ВМРО-ДПМНЕ ги обвинува СДСМ и ДУИ дека се „криминалци кои делат матни тендери". Текстот во прилогот започнува со истата реченица како насловот и се надополнува со уште неколку обвинувања: ***„…****СДС и ДУИ 6 години прават криминал, стотици милиони се потрошија на матни тендери, стотици милиони се поделија за договори во 4 очи на фирми блиски до власта, и сега кога се свесни дека паѓаат и дека ќе треба да одговараат го менуваат законот и ги намалуваат казните."* (9.9.2023)

- Прилог под наслов: „Мицкоски: Ниту сега, ниту во иднина нема уставни измени под бугарски диктат" во кој власта се оквалификува како „некредибилна, криминална", а текстот: *„Ако ова се условите коишто ќе останат и идната Влада на ВМРО-ДПМНЕ нема намера да влезе во процес на уставни измени под овие услови, додека условите не се променат. А кои услови да се променат. Договорот тие го потпишаа со политичари кои не можат да испорачаат, немаат кредибилитет и длабоко се навлезени во криминал. Ние свесни за тоа, како државотворна партија, во многу наврати нудевме решенија. Го промовираа хрватскиот модел им го прифативме, па го одбија, им понудивме предвремени избори, гаранции… сѐ одбија."* (13.9.2023)

Кај другите онлајн-медиуми бројот на прилози со штетни наративи е далеку помал. Кај **НоваТВ.мк** има вкупно две објави со штетни наративи. Едната упатува на поттикнување поделби со наративи „ние наспроти вие", којашто е впрочем во целост пренесено партиско соопштение на СДСМ во кое се наведува дека оваа партија се грижи за стратегиските цели на државата и дека опозицијата е против ЕУ: *„…ДПМНЕ ги манипулира граѓаните со лаги за наводна бугаризација, асимилација, губење на идентитетот и јазикот, наводен бугарски диктат, со безаргументирано противење на уставните измени го блокира европскиот пат на државата и европската иднина на народот."* (17 септември 2023). Но, слично како и во октомври, уредувачката политика на медиумот редовно и некритички објавува за вообичаени активности на Владата и нејзините министри (вкупно 55 објави) кои неретко се пренесени вести од Медиумската информативна агенција (МИА).

Кај другите онлајн-медиуми доминира етикетирањето, исмевањето на политичките противници, како и пренесување непроверени наоди како основа за обвинување на политичкиот противник. Така, во А1он во речиси 1/3 од анализираните прилози присутно е етикетирање, непочитување на други лица, кај Вечер мк изнесување непроверени наоди како основа за обвинување на политичкиот противник (во 13 од 17 анализирани прилози), кај Курир, исто така изнесување непроверени наоди (во 13 од 19 прилози), како и во порталот Локално (во 17 од вкупно 19 прилози). Неколку примери:

Прилог во **МКД.мк** под наслов: „Ахмети: Нацистичка кампања против ДУИ и фирмите на моите роднини" кој всушност е само мал дел од интервјуто со претседателот на ДУИ, Али Ахмети, за ТВ 21. Тој е објавен и во порталите **Локално, Република, Слободен печат**, но и други портали и телевизии на 17.9.2023. Во текстот се цитираат зборовите на лидерот на ДУИ, Али Ахмети дека *„се работи за добро смислена кампања против мене лично и против Демократската унија за интеграција. Дури можам да кажам дека се работи за нацистичка кампања затоа што сметаат дека ДУИ и Албанците ќе им ја земат државата и економијата."* Со ваквото некритичко пренесување на силни и негативни придавки како што е „нацистичка кампања" изнесени од политички актер, се остава простор за ширење паника, страв за присуство на албанофобија и ксенофобија, особено што не се прецизирани политичките субјекти кои стојат зад ова обвинување. Притоа, прилогот, како и многу други, нема автор, кој го „скроил" краткиот текст, зошто се цитирани само посочените делови од интервјуто итн.

Прилог во **А1он** под наслов „Ковачевски: ВМРО-ДПМНЕ е како папагал, избори па избори, прашајте ги колку е часот и ќе ви речат: избори“, со текст *„ВМРО-ДПМНЕ наликува на папагал кој го повторува истото секој ден. Што и да ги прашате, велат избори. Колку е саатот? Избори. Што ќе правите после? Избори. Имате ли план? Избори. 11 години избори и само избори. Има само еден политичар од Европската Унија што ги брани позициита на ВМРО-ДПМНЕ, а тоа е Никола Груевски од Будимпешта.“* Станува збор за прилог со пренесени искази на премиерот Ковачевски од гостувањето на Канал 5 телевизија. Тој користи компарација, споредба, сличност (заеднички карактеристики) на политичкиот противник со „папагал“ кој секој ден повторува исто (1.9.2023). Прилогот е објавен и во **Независен** и **Алмакос**, но и други портали и телевизии. Во **Алмакос** насловот е „Ковачевски иронизира: ВМРО-ДПМНЕ личи на папагал, што и да ги прашаш, тие велат ИЗБОРИ“ (1.9.2023), додека во **Независен** под наслов „Ковачевски нехумористичен, ВМРО-ДПМНЕ „папагал“, покрај исказот на Ковачевски за ВМРО-ДПМНЕ кој наликува на папагал, даден е и одговорот на ВМРО, кој „спори“ со интелигенцијата на Ковачевски а власта ја оценува како „инсталирана“ (1.9.2023).

Прилог во **Вечер мк** под наслов „Ковачевски со безобразна манипулација во кампања за ЕУ придобивките“, со изнесени ставови на Социјалистичката партија на Македонија, без назнака дали, на пример, тоа е соопштение на политичката партија. Во текстот се упатени бројни епитети кон премиерот Ковачевски како „самобендисан“, „манипулатор“, кој води „суицидна политика“, владата како „ненародна“, „нелегитимна“ „авторитарна“, а СДСМ како „апатридна партија“ или во „превод“ странци, лица без државјанство. Во текстот се вели: *„Социјалистичката партија на Македонија го упатува премиерот Ковачевски на следното, опозицијата не ја поддржува Владата и него затоа што тој така бара, туку опозицијата не ја поддржува неговата национална суицидна политика на отстапки и исполнување на сите барања испорачани од бугарска страна, а се на штета на македонскиот национален интерес... Социјалистичката партија на Мкедонија го споделува ставот на огромното мнозинство граѓани за погубната политика на СДС и ДУИ за огромната штета која нивната ненародна и авторитарна влада и ја направи на македонската држава.“* (1.9.2023)

## 2.2. Извештај за мониторинг на известувањето на ТВ-станиците за политичките актери

Во периодот октомври - септември анализирани се централните вести на 9 ТВ-станици на национално ниво во следните денови: 3, 7, 11, 15, 19, 23, 27 и 31 октомври (вкупно 8 дена), и 1, 5, 9, 13, 17, 21, 25, 29 септември (вкупно 8 дена).

### Окромври 2023

Во анализираниот период се идентификувани вкупно 66 прилози кои содржат штетни наративи. Повеќе од половината се регистрирани кај приватната ТВ-станица ТВ Алфа (34 прилози или 51,5 %), кај ТВ Сител се забележани 8 такви прилози (12,1 %), по 5 прилози со штетен наратив (7,6 %) се регистрирани кај ТВ Телма, ТВ Алсат М и ТВ 21, кај МТВ 2 се забележани 4 (6,1 %), по 2 (3 %) кај МТВ 1 и Канал 5 и само 1 кај ТВ 24 (1,5 %).

**Табела 11:** Прилози со штетни наративи на ТВ станиците во октомври 2023




Најголема фреквенција на прилози со штетен наратив 12 (18,2 %) се забележани на Денот на одбележување на Македонската револуционерна борба 23 Октомври, најчесто во изјавите на политичарите кои го искористиле датумот за меѓусебни обвинувања. По 10 прилози (15,2 %) со штетен наратив се забележани на 27, 31 и на 11 октомври, кога повторно еден национален празник е искористен за изјави преку кои политичките противници се пресметуваат меѓусебно. „Повторно ќе ги повикам кукавиците од СДСМ да се соочат со јавноста“ е дел од изјавата на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, Христијан Мицковски, дадена за време на празникот 11 Октомври. (ТВ Алфа, 11 октомври 2023).

Кај прилозите со штетен наратив, најприсутен е аналитичко-репортажниот жанр (30 прилози или 45,5 %), а потоа следат извештаите (19 прилози или 28,8 %). Бројот на прилози во кои се пренесува говор на политичар е еднаков со жанрот вест или пак вест проследена со изјава (по 7 прилози или 10,6 % за секој од двата жанра).

Преку таквиот тип прилози во кои само се пренесува говор на извесен политичар, новинарите и медиумите им предаваат на политичките актери платформа која тие може да ја злоупотребат за свои цели и пресметки, а притоа нивните изјави не се критички анализирани од страна на медиумот.

Најголемиот број прилози, односно вкупно 50 од 66 регистрирани со штетни наративи, се емитувани во првата половина од вестите, односно меѓу првиот и петтиот прилог.

## Теми, актери и извори на прилозите со штетен наратив

Внатрешната политика доминира меѓу ТВ-прилозите кај кои е потврден штетен наратив, што не треба да изненадува, ако имаме предвид дека предмет на анализата се домашните политички актери. Повеќе од половина од прилозите (56,1 %) се на оваа тема, а потоа следат темите судство (10,6 %) и правосудство (10,6 %). Во ваквиот сооднос се вклопуваат речиси сите ТВ-станици, со исклучок на ТВ Сител, каде гледаме порамномерна дистрибуција на темите меѓу прилозите со штетен наратив, и по два прилога на тема внатрешна политика, економија, здравство и правосудство.

Во прилозите со штетен наратив најмногу се зборувало за уставните измени и претстојните избори, кои често се користеле за меѓусебни обвинувања и навреди.

Најчестите актери кои се појавуваат во прилозите со штетен наратив се лидерите на двете најголеми политички партии, Димитар Ковачевски и Христијан Мицковски. Ковачевски е најчесто именуван како „премиер" или „претседател на СДСМ", а Мицковски како „лидер на ВМРО-ДПМНЕ" или „лидер на опозицијата", што е обично случај со прилозите на ТВ Алфа (во шест од седум прилози е именуван како лидер на опозицијата). Покрај останатите, како актери овој период се појавуваат и самите политички партии СДСМ, ВМРО-ДПМНЕ, ДУИ и Левица, како и Владата како посебен актер. Токму за Владата на едно место се употребуваат квалификациите „тесна група луѓе", „корумпирани политичари" или „кукавици" (ТВ 21, 31 октомври 2023)  додека за партиите ВМРО-ДПМНЕ и Левица, политичките противници го користеле изразот „антизападна партија". Треба да се има предвид дека овие именувања доаѓаат од политичките актери, а не од новинарите, кои само ги пренесуваат без критичка дистанца.

Односот на новинарот кон актерите се разликува кај медиумите кои се анализираат. Тој е најчесто неутрален кај ТВ Телма, ТВ 24 и МТВ 1, додека кај МТВ 2 и ТВ 21 е забележан амбивалентен однос на новинарот кон актерите во најголем број од случаите. Новинарите на ТВ Алфа обично заземаат доста конкретен однос кон актерот, најчесто негативен, во дванаесет од вкупно тринаесет случаи. Така, Ковачевски, кој е актер во седум од анализираните прилози, шестпати е оценет негативно и од новинарот и од политичките противници кои зборувале за него. Ваквиот тенденциозен пристап на новинарот, кој во своите прилози е нагласено против или на страната на некој политички актер е во спротивност со професионалните новинарски стандарди. Според Етичкиот кодекс на новинарите „известувањето од политичките процеси, посебно од изборите, треба да биде непристрасно и избалансирано. Новинарот мора да обезбеди професионална дистанца од политичките субјекти".[14]

Анализата исто така имаше за цел да утврди колку медиумите известуваат на балансиран и непристрасен начин и дали им дале можност на сите страни да ги изложат своите аргументи и мислења. Анализирајќи го ова, утврдено е дека кај најголемиот дел од прилозите кои содржат штетни наративи се забележува еднострано известување, односно од вкупно 66 анализирани прилози, новинарите во 40 (60,6 %) консултирале само една страна. Тука се истакнува ТВ Алфа, каде од вкупно 34 прилози кои влегуваат во анализата, 23 содржат само една страна, во 8 се забележуваат две страни, додека само во 3 прилози се забележуваат три или повеќе страни. Тоа не е случај со ТВ Телма, на пример, каде од вкупно 5 прилози, 1 содржи само една страна, додека 3 содржат три или повеќе страни. ТВ Алсат М, во петте прилози во кои се забележани штетни наративи, во дури 4 ја прикажала само едната страна, додека ТВ 21, во сите 5 прилози известувањето е еднострано, односно постои само една страна од приказната. Во осумте анализирани прилози на ТВ Сител, во 4 се забележува еднострано известување, а во исто толку (4) се прикажани две страни.

14 Кодекс на новинарите на Македонија: https://znm.org.mk/kodeks-na-novinarite-na-makedonija/

**Табела 12: Колку медиумите известуваат на балансиран и непристрасен начин и дали им дале можност на сите страни да ги изложат своите аргументи и мислења**




| | МТВ 1 | МТВ 2 | Канал 5 | Сител | Телма | АлсатМ | **Алфа** | ТВ21 | ТВ24 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| □ Вкупно | 2 | 4 | 2 | 8 | 5 | 5 | 34 | 5 | 1 |
| ■ Само една страна | 0 | 2 | 1 | 4 | 1 | 4 | 23 | 5 | 0 |
| ■ Две страни | 1 | 1 | 0 | 4 | 1 | 1 | 8 | 0 | 0 |
| ■ Повеќе Страни | 1 | 1 | 1 | 0 | 3 | 0 | 3 | 0 | 1 |

Фактот дека повеќе од 60 % (40 прилози, 60,6 %) од прилозите вклучуваат само една страна, иако се работи за прилози кои содржат штетен наратив во себе, е алармантен имајќи предвид дека непристрасноста и објективноста мора да бидат меѓу најважните новинарски стандарди. Уште повеќе ако се забележи дека во најголемиот број прилози во кои се појавува само едната страна, доминираат политички актери како единствен извор на информирање, што имплицира на улогата на медиумот само како нем набљудувач на политичките настани. Особено во случаи каде штетниот наратив го произведува некој од политичките актери, новинарот е должен да ја консултира и другата страна, односно да ги понуди сите гледишта за проблемот или за ситуацијата.

## Визуелните елементи на штетните наративи

Телевизијата е визуелен медиум, односно сликите и видеорепрезентацијата играат важна улога во истакнувањето на пораките, идеите и вредностите во општеството, вклучително и во истакнување и засилување на штетните наративи. Во точно половина (33 прилози) од 66-те прилози, во кои се забележуваат штетни наративи, се користат архивски снимки и фотографии.

Таков е случајот со прилогот во кој една политичка партија тврди дека обвинетиот во еден од случаите е близок соработник на братот на поранешниот премиер, и притоа се поставени нивните посебни фотографии една до друга (не нивна заедничка фотографија) како поткрепа на тврдењето на партијата. (ТВ Телма, 31 октомври 2021)

Некогаш снимките и немаат чиста поврзаност со темата на прилогот, но имаат за цел да ги зацврстат уверувањата и ставовите на пубиката за наводни нечесни политички игри или коалиции, договори за криминал или слично.

Често, кајронот на веста, односно описот на новинарот за прилогот кој се емитува исто така може да го засили штетниот наратив. *„Прилеп под опсада: Стравувајќи од народот, власта - нареди на полицијата да врши строга контрола"* е таков кајрон, кој е искористен по повод прославата на празникот 11 Октомври (ТВ Алфа, 31 октомври 2023).

Во случаи кога се пренесуваат настани од предизборни кампањи или политички трибини, фотографијата и видеоснимката играат важна улога во зацврстувањето на наративот. За објективниот пристап на медиумот може да биде проблематично и кога снимката не е направена од самата ТВ-станица, туку е преземена од Јутјуб или од политичката партија, како што е случајот со снимката од предизборната трибина на ВМРО-ДПМНЕ на којашто е јасно уочлив предизборниот партиски слоган (ТВ Алфа, 15 октомври 2023). Во ваквите случаи, кога се користи видеоматеријал од трето лице, треба да се наведе изворот од каде е преземен.

## Повод за прилозите со штетни наративи

Најчест повод за ТВ-прилозите или во 23 од вкупно 66 прилози во кои се забележани штетни наративи е некое општествено случување или некоја општствена тема. Веднаш по ова, следат прилозите кои како повод имаат псевдонастан, односно настан кој е креиран без никаков друг повод освен да генерира медиумско внимание и публицитет. Тоа што е интересно, 16 од овие 18 прилози се емитувале на ТВ Алфа. Псевдонастаните, како што вели Даниел Борнстин, не се спонтани, не доаѓаат случајно, туку некој ги испланирал, ги поттикнал и ги вметнал за да дојде до медиумски простор кој би го искористил за да ги промовира сопствените идеи и ставови.[15] Мониторингот покажува дека тоа се настани коишто најчесто ги организираат политичките партии/актери, а привлекуваат медиумско внимание.

## Најчести штетни наративи

Во октомври, најчести биле прилозите поврзани со непроверени наоди (или наоди што тешко можат да се проверат) кои се користат како основа за обвинување на политички противници (вкупно 29 случаи) и прилозите поврзани со тврдења за корумпираност, неотчетност, непрофесионалност, злоупотреба на службената должност без обид за поткрепа на тие тврдења (24 случаи). Исто така, мошне чести (23 случаи) се и случаите на етикетирање, исмевање и грубо непочитување на други лица и употребата на негативни зборови. Потоа следат прилози во кои се употребуваат зборови и формулации со коишто се оцрнува одредена група луѓе со цел да се предизвикаат поделби и раздори помеѓу н*ас/ние/нашето* и *вас/вие/вашето* (12 случаи) и прилози во кои со употреба на зборови или реченици директно или индиректно се промовираат сопствените идеологии и активности како нешто што е во корист на народот, за разлика од активностите и идеологиите на политичките противници (9 случаи).

15 Daniel J. Boorstin, The Image: A Guide to Pseudo-events in America (New York: Vintage Books, 1992).

**Табела 13. Приказ на застапеност на индикатори во објавите**




Овој тип прилози промовираат најразлични типови штетни наративи, почнувајќи од поткопување на довербата (забележано во 56 од прилозите); напади на одредени личности и нивна демонизација (23 примери); пристрасно селектирање (20 примери), дезинформации (15 примери); поттикнување поделби (12 примери); популизам (9 примери) итн.

Голема хетерогеност се забележува кај улогата на новинарот во креирањето на штетниот наратив. Додека кај поголемиот број медиуми кои се предмет на оваа анализа новинарот само ги пренесува изјавите на политичките актери без интервенција или без да зазема некаков став, во дел од прилозите на ТВ Алфа и ТВ Сител гледаме повеќе ситуации каде новинарот директно учествува во креирањето на штетниот наратив. Од вкупно 34 прилози на ТВ Алфа, каде се забележуваат вкупно 54 индикатори за штетни наративи, новинарот сам го произведува штетниот наратив во 10 од нив, додека во 20 го произведува заедно со политичкиот актер. Од 8 прилози со штетен наратив и 14 индикатори кои произведуваат вакви наративи во ТВ Сител, 6 пати новинарот е самиот одговорен за штетниот наратив, додека во 4 го произведува заедно со политичкиот актер.

Пример за недостаток на професионална дистанца и фаворизирање на одреден политички субјект и напад на политичките опоненти е прилогот на ТВ Алфа емитуван на 19 октомври. „Уште една лага на СДСМ против лидерот на ВМРО ДПМНЕ Мицкоски падна во вода. Обвинителството констатираше дека нема никакви докази за случајот познат како 'Делчевски ниви' со кој власта, преку своите медиуми тврдеше дека со пари од нивите во Делчево допираат до ВМРО ДПМНЕ. По донесената констатација и наредба за запирање на истражната постапка за конкретниот предмет, станува јасно дека целта била намерно оцрнување на најголемата опозициска партија и нивниот лидер." (ТВ Алфа, 19 октомври 2023).

Сличен е прилогот емитуван на 31 октомври на ТВ Сител, во кој новинарката која наводите за криминални дејанија на Клиниката за онкологија во Скопје ги претставува како факти, вклопувајќи ги во прилично пристрасен наратив. Со начинот на кој е структуриран прилогот, изборот на изјавите и нивниот редослед, новинарката го афирмира и „храни" мислењето дека директорката на клиниката, плачејќи и правдајќи се пред членовите на комисијата, признава вина и презема одговорност. (ТВ Сител, 31 октомври 2023)

## ТВ Алфа

Во прилозите на ТВ Алфа најмногу се забележуваат прилози поврзани со непроверени наоди (или наоди што тешко можат да се проверат) кои се користат како основа за обвинување на политички противници (18) или со етикетирање, исмевање и грубо непочитување на други лица (18). Најчесто тоа се отсликува на креирање наративи кои ја поткопуваат довербата кај политичкиот противник (25 случаи), напади на личноста и нивна демонизација (18), пристрасно селектирање (14) итн.

Од вкупно 34 прилози и 54 идентификувани индикатори преку кои се произведува штетниот наратив, во 10 новинарот е тој што го креира штетниот наратив, додека во 20 учествува во креирањето на штетниот наратив заедно со политичкиот актер. Сепак, иако не секогаш новинарот има директна улога во произведување на штетниот наратив, во 17 случаи тој го пренесува тоа со одобрување, а само еднаш го пренесува со осуда или критика. Во 13 прилози новинарот го поддржувал индикаторот од политичките актери кој се поврзува со извесен штетен наратив.

Во прилог во кој новинарот ја анализира анкетата за ситуацијата во државата, тој вели: *„Во Македонија нема ни „Д" од демократија и земјава оди во тотално погрешен правец. Причина за тоа е што на челните позиции има луѓе кои наместо да мислат и работат за општото добро, мислат и работат само за себе и за своите блиски. Ова е коментарот на најголем дел од граѓаните со кои разговаравме откако излегоа неколку истражувања на јавното мислење со загрижувачки резултати."* (ТВ Алфа, 27 октомври 2023). Иако, во анкетата испитаниците зборуваат од различни аспекти за работата на Владата, никој од нив не го вели тоа што новинарот го заклучува во својот коментар. Ваквиот коментар е пример за недоволна дистанцираност од политичките субјекти и за известување кое е пристрасно и не е балансирано.

## ТВ Сител

Од вкупно 8 прилози, регистрирани се 14 различни индикатори кои довеле до појава на извесен штетен наратив. Кај ТВ Сител најбројни се прилозите во кои не се пренесува целосната слика за „настанот" и се изоставаат информации што ја побиваат позицијата на тој што ги изнесува (6 случаи), додека по трипати се забележани непроверени наоди (или наоди што тешко можат да се проверат) кои се користат како основа за обвинување на политички противници и тврдења за корумпираност, неотчетност, непрофесионалност, злоупотреба на службената должност без обид за поткрепа на тие тврдења.

Во прилог емитуван на 3 октомври во врска со измените во Кривичниот законик, пренесена е изјавата на Христијан Мицковски кој вели: *„Втората опција е да престане да прави театар и да молчи и да прифати дека тие коишто се опфатени со овој закон се озлогласени криминалци, луѓе коишто тргувале со недозволени супстанци или познати како наркодилери, переле пари, вршеле изнуда, правеле насилство и така натаму."* Иако Законот нема да ги опфати затворениците кои „переле пари", сепак ниту Мицковски ниту новинарот не ги објаснуваат деталите на законот, што оди во прилог на тврдењето дека власта ќе амнестира „озлогласени криминалци". (ТВ Сител, 3 октомври).

Најчести штетни наративи кои произлегуваат од ваквиот тип прилози се пристрасно селектирање (10), поткопување на довербата (10) и дезинформации (6).

Во шест од вкупно четиринаесет случаи, новинарот сам го произведува штетниот наратив, додека во четири го прави заедно со политичкиот актер. Исто така, новинарот ниту еднаш не го осудил штетниот наратив во прилозите, а четирипати го пренесол со одобрување.

## ТВ Телма

Кај ТВ Телма се регистрирани вкупно 5 прилози и 10 индикатори кои произведуваат штетни наративи. Најголем број од нив се поврзани со непроверени наоди (или наоди што тешко можат да се проверат) кои се користат како основа за обвинување на политички противници (3) и со тврдења за корумпираност, неотчетност, непрофесионалност, злоупотреба на службената должност без обид за поткрепа на тие тврдења (3), додека два прилога содржеле и употреба на зборови и формулации со коишто се оцрнува одредена група луѓе со цел да се предизвикаат поделби и раздори.

Тоа што е карактеристично за Телма е дека новинарот во ниеден случај не го произведува штетниот наратив, но само ја пренесува изјавата на политичкиот актер. Во 7 случаи новинарот ја пренесол изјавата на политичкиот актер без каква и да било интервенција, а во 3 случаи го истакнува делот каде постои индикатор за штетен наратив, но не зазема никаков став. Таков е примерот кога новинарот го пренесува обвинувањето на Христијан Мицковски, претседателот на партијата ВМРО-ДПМНЕ, за корупција во судството, притоа употребувајќи дискредитација и генерализација за сите судии дека се „судии од тефтерчињата": *„Одвратно и со мачнина е за гледање сликата со која ја уништуваат правдата, и тоа оние кои скокаа на ладата и зборея за правда додека беа опозиција. Судиите од тефтерчињата станаа нивни слуги. Но, треба да знаат дека нема во новата влада на ВМРО-ДПМНЕ да најдат нова прегратка и тие ќе се соочат со правдата."* (Телма, 23 октомври 2023). Неопходно е да се напомене дека во прилогот на ТВ Телма, освен изјавата на Мицковски, пренесени се ставовите на сите засегнати страни, што е случај за сите 5 прилози во кои се забележани штетни наративи.

## ТВ 21

Во 5 прилози во кои е забележан штетен наратив на ТВ 21 во октомври, најголем дел се поврзани со непроверени наоди кои се користат како основа за обвинување на политички противници без обид за поткрепа на тие тврдења (3) и со тврдења за корумпираност, неотчетност, непрофесионалност, злоупотреба на службената должност без обид за поткрепа на тие тврдења (2), додека еден прилог е поврзан со етикетирање, исмевање и грубо непочитување на други лица.

Прилогот емитуван на 27 октомври и изјавата на претседателот на Демократското движење, Изет Меџити, кој тврди дека ДУИ се залага за враќање на Груевски е пример за непроврени наоди кои се користат како обвинување, без да се понуди никаков доказ за тоа: *„Нашите извори говорат дека ДУИ веќе подолго време кренала раце од уставните промени и оти единствената причина поради која толку многу се залагаат за враќање на Груевски е за да се пазари со раководството на ВМРО-ДПМНЕ“.* (ТВ 21, 27 октомври 2023).

Поткопувањето на довербата (5) и дезинформациите (4) се најчестите штетни наративи кои се забележуваат во овие прилози. Слично како кај ТВ Телма, новинарот никогаш не го произведува штетниот наратив и во сите случаи само го пренесува без никаква интервенција.

## ТВ Алсат М

Слично како и во двата претходни примери со ТВ Телма и ТВ 21, и кај ТВ Алсат М најбројни се прилозите кои содржат индикатори поврзани со непроверени наоди кои се користат како основа за обвинување на политичките противници без обид за поткрепа на тие тврдења. Еден од прилозите исто така содржи и индикатор за етикетирање, исмевање и грубо непочитување на други лица, каде во изјава на претставник на ВМРО-ДПМНЕ судиите се нарекуваат „слуги на власта“ (ТВ Алсат М, 31 октомври 2023 година).

Најчестите штетни наративи кои произлегуваат од овие индикатори е поткопување на довербата (4).

## МТВ 2

При мониторингот во октомври забележани се вкупно 4 прилози кои содржат индикатори за производство на штетни наративи кај вториот канал на јавниот сервис – МТВ 2. Најголем дел од нив се поврзани со тврдења за корумпираност, неотчетност, непрофесионалност, злоупотреба на службената должност без обид за поткрепа на тие тврдења (2). Пример за таков прилог е прилогот емитуван на 27 октомври, каде се пренесува изјавата на претседателот на политичката партија Беса, Билал Касами, кој без да понуди докази го обвинува министерот на надворешни работи Бујар Османи дека манипулирал со претседавањето на ОБСЕ:

„Бујар Османи се обидел да го злоупотреби претседавањето со ОБСЕ за да влијае врз одлуката за бројот на набљудувачи од ОБСЕ за изборниот процес.“ (МТВ 2, 27 октомври 2023).

## ТВ Канал 5, МТВ 1 и ТВ 24

На овие телевизии за време на мониторингот се забележани вкупно 5 прилози, по 2 на Канал 5 и МТВ 1 и еден на ТВ 24. Поради тоа и поради недостаток на доволно карактеристични примери кои би можеле да се обработат, подеталната анализа на овие медиуми изостана во октомври.

### Септември 2023

Во анализираниот период регистрирани се вкупно 76 прилози со штетни наративи. Најголемиот дел од нив се идентификувани на 29 септември (15), потоа на 13 септември (13) и на 1 септември (12). Според жанрот, најчесто ваквите наративи се појавуваат во аналитичко-репортажните прилози (26) и извештаите (17), додека штетни наративи регистрирани како вест или вест со изјава има 11.

Повеќе од половина прилози (52,6 % или 40 прилози) спаѓаат во делот за внатрешна политика, додека другите теми се мошне помалку застапени: здравство (10), економија (6) итн. Најчести се прилозите кои ја опфаќаат дебатата за уставните измени и за измените на Кривичниот законик.

**Табела 14: Прилози со штетни наративи на ТВ станиците во септември 2023**




| | Алсат М | Алфа ТВ | Канал 5 | МТВ 1 | Сител ТВ | ТВ 21 | ТВ 24 | Телма ТВ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Фреквенции | 6 | 35 | 2 | 8 | 8 | 4 | 2 | 11 | 76 |

Најголемиот број прилози кај кои се среќаваат штетни наративи се забележани кај ТВ Алфа (35 или 46,1 %), додека кај другите медиуми бројот на вакви прилози е помал - ТВ Телма (11), МТВ 1 (8), ТВ Сител (8), Алсат М (6), ТВ 21 (4) и ТВ 24 и Канал 5 (по 2). Тука треба да се има предвид еден важен детал, а тоа е кој и како го создава штетниот наратив и која е улогата на медиумот и новинарот во овој процес, односно дали само ја пренесуваат изјавата на извесен политичар без да заземат никаков став или и тие активно учествуваат во креирањето или во засилувањето на штетниот наратив. Па така, во прилозите на ТВ Алфа, новинарот во 4 случаи е тој којшто го произведува штетниот наратив, додека во 11 тоа го прави заедно со политичкиот актер, додека кај ТВ Сител и МТВ, се забележуваат по 3 случаи каде новинарот и политичкиот субјект заедно го произведуваат регистрираниот штетен наратив. Од друга страна, во прилозите кои се регистрирани кај останатите телевизии, новинарот најчесто само ја пренел изјавата од политичкиот актер која содржела лажно обвинување, навреда, популизам и сл. без да заземе став или да интервенира на кој и да е начин.

## Најчести штетни наративи

Во овој првичен мониторинг, најзабележителни се прилозите поврзани со непроверени наоди (или наоди што тешко можат да се проверат), кои се користат како основа за обвинување на политички противници (вкупно 38 случаи) и прилозите поврзани со тврдења за корумпираност, неотчетност, непрофесионалност, злоупотреба на службената должност без обид за поткрепа на тие тврдења (26 случаи).

Потоа следат прилозите во кои забележуваме етикетирање, исмевање и грубо непочитување на други лица и употреба на негативни зборови (15 случаи), како и прилозите во кои се промовираат сопствени идеологии и активности како нешто што е во корист на народот, за разлика од активностите и идеологиите на политичките противници (14 случаи). Ваквите прилози, најмногу се однесуваат на поткопувањето на довербата, пристрасно селектирање, како и напади на личноста, односно демонизација.

**Следат неколку примери кои може да послужат како илустрација за ваквите наоди:**

ТВ 24 пренесува обвинување од ВМРО-ДПМНЕ за увоз на 20 тони канцерогено трајно млеко од Србија коешто завршило на полиците низ маркетите од земјава: *„Наместо целосна контрола при увоз на храна, АХВ под раководство на Бабовски свесно пушта во употреба производи со канцерогени материи“* (29 септември). Во случајот новинарот механички спојува соопштение/обвинение на партијата ВМРО ДПМНЕ и демант од Агенцијата за храна и ветеринарство при што останува нејасно дали партијата доставила доказ/документ за увезено млеко со афлатоксин, бидејќи новинарот вели „во документот кој го обезбедила опозицијата велат дека стои...“, што упатува дека новинарот не го видел документот. Информациите кои се однесуваат на здравјето на граѓаните и нивните животи, освен што се од највисок јавен интерес, секогаш предизвикуваат силни емоции и паника. Оттаму, обвинувања за постоење продукти што можат да го загрозат здравјето, уште повеќе „свесно пуштање во употреба на канцерогени супстанци“ не би требало да се пренесуваат без обид за проверка на податоците.

МТВ 2 некритички и ударно уште во најавата ги пренесува изјавите на премиерот Димитар Ковачевски и на министерот за економија Крешник Бектеши дека во Новаци е „пуштена во употреба најголемата фотоволтаична централа на Балканот“ и дека „сончевата инсолација во нашата земја е најдобра во однос на сите држави во светот.“ (МТВ 2, 29 септември). Фактите кои ги презентираа владините претставници се дезинформации бидејќи ФЕЦ Новаци не е најголема соларна централа на Балканот, има многу поголеми во Грција и во Бугарија. Ниту пак сончевата инсолација во Македонија е најдобра во однос на сите држави во светот (Извор: www.balkangreenenergynews.com, www.reuters.com).

Во прилог емитуван на ТВ Телма, на 13 септември, се пренесува изјавата на СДСМ во која се обвинува собраниската комисија која ја истражува работата на Клиниката за онкологија дека само ја попречува истрагата: *„ДПМНЕ падна толку ниско што злоупотребува болни и наместо да ја поздрави истрагата, ја попречува, со обиди да ја политизира и да ја меша со непостоечка надлежност. Ова само потврдува дека Мицкоски стравува што ќе покаже истрагата, за сè што се правело на Онкологија години station наназад.“* (ТВ Телма, 13 септември 2023).

ТВ Канал 5 пренесува дел од говорот на претседателот на ДУИ, Али Ахмети, кој тврди дека се води нацистичка кампања против Албанците: *„Дури можам да кажам дека се работи за нацистичка кампања затоа што сметаат дека ДУИ и Албанците ќе им ја земат државата и економијата“*. (ТВ Канал 5, 17 септември, 2023).

Во прилогот на 21 септември, емитуван на ТВ Сител, новинарот цитира дел од Фејсбук-статусот на Никола Груевски, во кој се изнесуваат квалификации за пратеникот на ВМРО-ДПМНЕ, Антонијо Милошоски: „Тој со секој нов лидер го плука претходниот, така ќе биде и кога Мицкоски ќе замине од челната позиција“ (ТВ Сител, 21 септември 2023).

Иако не многу често во овој период, сепак во медиумите се јавуваат и прилози во кои политичките актери, а понекогаш и новинарите, употребуваат реченици и формулации со коишто се обвинува странски ентитет за мешање во внатрешните работи во државата.

Таков е примерот со прилогот емитуван на 21 септември, на ТВ Телма, во кој се пренесува Фејсбук-статус од лидерот на ДУИ Али Ахмети, кој обвинува соседна држава за провокации и како што вели „разгорување злобен пожар“: „Оваа сериозна провокација е со намера и со однапред одредена агенда, па затоа треба да се менаџира со ладнокрвност и мудрост, бидејќи последиците може да бидат регионални, односно да се одразат врз мирот и стабилноста во регионот. Потребна е итна акција за гаснење на убиствениот и злобен пожар кој има за цел проширување низ земјата и регионот.“ (ТВ Телма, 21 септември).

**ТВ Алфа** има најголем број прилози во кои се појавуваат штетни наративи, а тие најчесто се однесуваат на непроверени наоди како основа за обвинувања на политичките противници (23 прилози) и тврдења за корумпираност, непрофесионалност, злоупотреба на службената должност (14 прилози).

**Еве неколку примери:**

- Во прилогот емитуван на 21 септември се пренесува изјавата на претседателот на ВМРО ДПМНЕ, Христијан Мицкоски: *„ВМРО-ДПМНЕ и Македонија во овој момент имаат опција. Или да ја изберат оската помеѓу Демократската Унија за Интеграција, СДСМ, поранешни, малубројни структури од ВМРО ДПМНЕ, нивните тајни средби и да продолжи да тоне во криминал, корупција и национални порази или пак да избере реформи и вистинска перспектива.“* (ТВ Алфа, 21 септември 2023)
- ТВ Алфа го пренесува Фејсбук-статусот на поранешниот премиер Никола Груевски, кој го обвинува сегашното раководство на партијата: *„Им порача на партиските членови и активисти да не наседнуваат на како што вели погубни стратегии. Да размислуваат со своја глава, да бараат цврсти докази кога ги тераат некого да осудат на невидено, за да не се доведат во ситуација да се извинуваат и да се правдаат дека биле прелажани дека слепо некому верувале, дека сега им е криво, не ги знаеле добро работите или слично.“* (ТВ Алфа, 21 септември 2023).
- Во прилогот од 21 септември Христијан Мицковски вели: „Слушате од меѓународни медиуми, кредибилни извори, кои се тие кои што ја делеле, парчеле Македонија, но истовремено ја уривале правдата и чувството за правдина на Македонија.“ (ТВ Алфа, 21 септември 2023)

Во 5 прилози емитувани на ТВ Алфа се забележува и етикетирање и навреди кон одредени учесници во политичкиот живот.

- Таков е примерот со прилогот емитуван на 29 септември и изјавата на режисерот Јани Бојаџи: *„Жалам, но со методите со кои се служите одамна сте ги надминале и вашите дедовци и вашите татковци комунисти и сте се претвориле во крвници на македонската иднина.“* (ТВ Алфа, 29 септември 2023)

Кај **другите ТВ-станици** бројот на прилози во кои се појавуваат штетни наративи е значително помал. Слично како со примерот на ТВ Алфа, каде најчесто се појавуваат непроверени наоди како основа за обвинувања на политичките противници, како и тврдења за корумпираност, непрофесионалност и злоупотреба на службената должност, додека во помал број се прилозите во кои се регистрирани навреди и етикетизација.

- Во прилог емитуван на ТВ Телма, премиерот Димитар Ковачевски го етикетира судството од претходниот систем како зло, при што го споредува со филмскиот лик од „Војната на ѕвездите“ – Дарт Вејдер, кој е персонификација за злото во овој научно-фантастичен серијал: *„Тоа што претходно имавме е закон во кои казните беа од некое комунистичко време, бидејќи беа направени од јас го нарекувам некој ‘Дарт Вејдер’ на македонското судство и обвинителство, и тоа не значи дека не треба да се променат.“* (ТВ Телма, 13 септември 2023)
- Во интервју за ТВ 21, претседателот на Демократското движење, Изет Меџити, тврди дека министерот за правда не ги потпишал измените на Кривичниот законик затоа што е или против европските реформи или затоа што мисли дека овие измени се против европските вредности: *„Тоа значи дека или министерот за правда е против европските реформи или знае дека ова нема врска со реформи, ова е девалвирање на европските вредности и поради тоа не го потпишал.“* (ТВ 21, 25 септември)
- ТВ Сител на 17 септември емитува прилог кој содржи дел од прес-конференцијата на ВМРО-ДПМНЕ, каде меѓу останатото и се навредува Претседателот на државата и се нарекува лажго: *„За жал, претседателот на државата е фикус на власта и претседател-лажго.“* (ТВ Сител, 17 септември 2023)

## РЕЗИМЕ

Анализата од следењето на медиумските содржини кај онлајн-медиумите и кај телевизиите покажува дека со приближувањето на датумот за избори се заострува реториката на политичките актери и бројот на изјави кои содржат штетни наративи.

Медиумското известување на **онлајн-медиумите во октомври** изобилува со голем број содржини со штетни наративи. Во текот на овој месец се идентификувани 154 прилози со штетни наративи, а во нив фреквенцијата (бројноста) на овие наративи изнесува 386 пати, односно во голем број прилози се јавуваат повеќе штетни наративи. На ваквата слика, доминантно влијаат два онлајн-медиума (од вкупно 11 анализирани), Вечер.МК и Република, во кои далеку најбројни се негативните наративи (со вкупно 253 објави).

Во однос на присуството на штетните наративи, најчести се тврдењата за корумпираност, непрофесионалност, злоупотреба на службената должност; непроверените наоди како основа за обвинување на политичките противници; етикетирање, исмевање, непочитување на други лица; промовирање на сопствени активности/однесување во корист на народот, наспроти активности/однесување на опонентите кои служат на мала елита. Притоа, фактот што најголемиот број од објавите во овие два медиума немаат автор, а жанровски најчесто се дефинирани како пренесен говор на политичар и пренесено соопштение, упатува на сознанието дека нивни „креатори“ се политичките субјекти додека порталите/новинарите се јавуваат во улога на „голи“ преносители на нивните пораки, соопштенија, говор. Оттука за очекување е што во овие прилози доминира само еден, иако прецизен, извор на информации. Следствено, најчесто во прилозите се нотираат два до три клучни актери, како индивидуални, така и колективни (политичките партии и нивните претседатели, потпароли, пратеници, Владата), со најбројни негативни оценки за нив од други актери. На ова се надоврзува и тематската структура на овие прилози, со фокус на внатрешната политика, односно евроинтеграцијата на земјата, уставните измени, престојните избори, но и корупцијата во власта, здравството, судството, обвинителството.

Во текот на **септември** исто така е голема, дури загрижувачка, бројката од 209 прилози со штетни наративи во анализираните онлајн-медиуми за период од осум дена мониторинг. Притоа, фреквентноста, односно повеќекратното повторување на штетните наративи во еден прилог, додатно се засилува и со нивното присуство во насловите на прилозите. Овие наративи најчесто се препознаени, во пренесените говори на политичарите и соопштенијата на политичките партии. Најбројни се оние со тврдења за корумпираност, непрофесионалност, неточност (без нивна поткрепа) како и непроверени наоди како основа за обвинување на политичките противници. Од сите анализирани онлајн-медиуми се издвојува Република со најголем број прилози со штетни наративи (вкупно 59), а Нова ТВ со најмал, занемарлив број (само 2) штетни наративи. Но, токму Република доминантно влијае на создавањето, креирањето на „сликата“ за присуството на штетни наративи во овој тип медиуми.

Кај **телевизиските станици во октомври** во анализираниот период (осум дена) се идентификувани вкупно 66 прилози кои содржат штетни наративи. Повеќе од половината се регистрирани кај приватната ТВ-станица ТВ Алфа (34 прилози или 51,5 %), кај ТВ Сител се забележани 8 такви прилози (12,1 %). Кај другите телевизиски станици има помалку прилози во кои се детектирани штетни наративи.

Политичките актери кои доминираат во ваквите прилози најчесто доаѓаат од најголемите политички партии СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ, што може да значи две работи – дека тие се најчестите креатори на ваквите наративи или дека помалите партии не добиваат подеднаков простор во главните вести на ТВ-станиците.

Со исклучок на ТВ Алфа, во која се забележуваат случаи кога новинарите со своето известување и врамување на прилозите учествуваат во креирањето на штетните наративи, во останатите случаи најчесто новинарот е само нем пренесувач на политичките изјави, без да постави филтер за ваквиот наратив. Немањето професионална бариера и проверка на изјавите кои промовираат обвинување без докази, популизам, нетрпеливост, ширење дезинформации, па дури и омраза кон одредени групи, само ги охрабрува политичките актери кои во медиумите гледаат слободна платформа да ги промовираат своите штетни наративи.

Еднострано информирање кај дел од медиумите, односно претставувањето на само една страна во прилогот, е сериозен проблем кој упатува на непрофесионално известување и небалансиран и пристрасен однос.

Најчестите актери кои се појавуваат во прилозите со штетен наратив се лидерите на двете најголеми политички партии, Димитар Ковачевски и Христијан Мицковски. Ковачевски е најчесто именуван како „премиер" или „претседател на СДСМ", а Мицковски како „лидер на ВМРО-ДПМНЕ" или „лидер на опозицијата" (што е обично случај со прилозите на ТВ Алфа). Покрај останатите, како актери овој период се појавуваат и самите политички партии СДСМ, ВМРО-ДПМНЕ, ДУИ и Левица, како и Владата како посебен актер. Токму за Владата, на едно место се употребуваат квалификациите „тесна група луѓе", „корумпирани политичари" или „кукавици" (ТВ 21, 31 октомври 2023), додека за партиите ВМРО-ДПМНЕ и Левица, политичките противници го користеле изразот *„антизападна партија"*. Треба да се има предвид дека овие именувања доаѓаат од политичките актери, а не од новинарите, кои само ги пренесуваат негативните именувања без критичка дистанца.

Во вкупно **осумте дена кои беа предмет на мониторингот во септември**, регистрирани се вкупно 76 прилози во кои е забележан еден или повеќе штетни наративи. Тие се најчесто во сферата на обвинување за непрофесионалност и корупција без да се понудат докази, но не се ретки и прилозите во кои се навредуваат и етикетираат политичките противници.

## Референции


1. Graef, J., da Silva, R., & Lemay-Hebert, N. (2018). Narrative, Political Violence, and Social Change. Studies in Conflict & Terrorism, 1-13. doi:10.1080/1057610X.2018.1452701. ISSN 1057-610X
2. Polletta, F., & Callahan, J. (2017). Deep stories, nostalgia narratives, and fake news: Storytelling in the Trump era. American Journal of Cultural Sociology, 5(3): 392-408. doi:10.1057/s41290-017-0037-7. ISSN 2049-7113
3. Shenhav, S. R. (2006). Political Narratives and Political Reality. International Political Science Review, 27(3): 245-262. doi:10.1177/0192512106064474. ISSN 0192-5121

Институт за комуникациски студии

НЕ ВЕРУВАЈ ПРОВЕРУВАЈ! #користифакти

www.iks.edu.mk
info@iks.edu.mk

British Embassy Skopje

UKaid from the British people

Ова истражување е спроведено во рамки на проектот „Употреба на новинарство засновано на факти за подигање на свеста и спротивставување на дезинформациите во медиумскиот простор во Северна Македонија“ финансиран од Владата на Обединето Кралство, со поддршка на Британската амбасада Скопје. Мислењата и ставовите наведени во оваа содржина не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската Влада.

Институт за комуникациски студии

ШТЕТ-НА

НЕ ВЕРУВАЈ
ПРОВЕРУВАЈ!
#користифакти